


res publica

ЗДРУЖЕНИ ЗА ПРОМЕНИ:

ВРАЌАЊЕ НА ВЛАДИНАТА ОТЧЕТНОСТ ПРЕКУ ГРАЃАНСКИ ПРОТЕСТИ

Здружени за промени:

ВРАЌАЊЕ НА ВЛАДИНАТА ОТЧЕТНОСТ ПРЕКУ ГРАЃАНСКИ ПРОТЕСТИ

res public

res publica

Schweizerische Eidgenossenschaft
Confédération suisse
Confederazione Svizzera
Confederaziun svizra

Swiss Agency for Development and Cooperation SDC

Regional Research Promotion Programme | Western Balkans

UNI FR
UNIVERSITÉ DE FRIBOURG
UNIVERSITÄT FREIBURG

ЗДРУЖЕНИ ЗА ПРОМЕНИ:
ВРАЌАЊЕ НА ВЛАДИНАТА ОТЧЕТНОСТ ПРЕКУ ГРАЃАНСКИ ПРОТЕСТИ

Издавачи:	Висока школа за новинарство и за односи со јавноста Институт за комуникациски студии Јуриј Гагарин 17/1-1, Скопје, Македонија www.vs.edu.mk I www.iks.edu.mk
За издавачите:	Жанета Трајкоска
Автори:	Бојан Георгиевски, Жанета Трајкоска, Дејан Андонов
Уредник на македонското издание:	Жанета Трајкоска
Лектура:	Татјана Б. Ефтимоска
Дизајн:	Љубен Димановски
Печати:	Винсент Графика - Скопје
Тираж:	100

RRPP поддржува истражувања во општествените науки во Западен Балкан (Албанија, Босна и Херцеговина, Косово, Македонија, Црна Гора и Србија). Истражувањата во општествените науки помагаат во разбирањето на политичките реформи кои треба да ги имплементираат земјите во регионот и нивните долгорочни импликации. Истражувачите добиваат поддршка преку истражувачки грантови и тематски тренинзи како и можности за регионално и меѓународно вмрежување и менторство. RRPP е управувана од Интерфакултетскиот институт за Централна и Источна Европа (IICEE) при Универзитетот Фрибург (Швајцарија) и е целосно финансирана од Швајцарската агенција за развој и соработка (SDC), Федерален оддел за надворешна соработка. Ставовите изнесени во оваа публикација се на авторите и не мора да се совпаѓаат со гледиштата на SDC и на Универзитетот Фрибург.

CIP - Каталогизација во публикација
Национална и универзитетска библиотека „Св. Климент Охридски“, Скопје

323.269(497.7)“2015/2016“

ЗДРУЖЕНИ за промени : враќање на владината отчетност преку граѓански протести / [Бојан Георгиевски, Жанета Трајкоска, Дејан Андонов]. - Скопје :
Висока школа за новинарство и за односи со јавноста, Институт за комуникациски студии, 2016. - 128 стр.
: илустр. ; 24 см

Фусноти кон текстот. - Библиографија: стр. 113-115. - Содржи и:
Додаток

ISBN 978-608-4805-01-4

а) Граѓански активизам - Македонија - 2015-2016
COBISS.MK-ID 101718794

СОДРЖИНА

ПРЕДГОВОР КОН МАКЕДОНСКОТО ИЗДАНИЕ..... 7

ВОВЕД КОН РЕГИОНАЛНОТО ИСТРАЖУВАЊЕ..... 9

- **1. Теоретска поткрепа и резултати од претходни истражувања..... 11**
- **2. За ова истражување..... 16**
- **3. Главни резултати од истражувањето во трите земји: преглед..... 24**
- **4. Заклучни согледувања..... 38**

ЗДРУЖЕНИ ЗА ПРОМЕНИ: ВРАЌАЊЕ НА ВЛАДИНАТА ОТЧЕТНОСТ ПРЕКУ ГРАЃАНСКИ ПРОТЕСТИ..... 45

- **1. Медиумско опкружување**
  Република Македонија: состојба на длабока поделеност..... 46
- **2. Осврт на најголемите протести во Македонија во последните две децении..... 56**
- **3. Избор на примерок и методи..... 64**
- **4. Резултати од примарното истражување..... 66**

ЗАКЛУЧНИ СОГЛЕДУВАЊА..... 101

ПРЕПОРАКИ..... 107

- **За медиумите и медиумските донатори..... 107**
- **За протестните групи..... 109**
- **За јавните институции и јавните функционери..... 111**

БИБЛИОГРАФИЈА..... 113

ПРИЛОГ..... 117

БЕЛЕШКА ЗА АВТОРИТЕ..... 123

БЕЛЕШКА ЗА ИЗДАВАЧИТЕ..... 125

ПРЕДГОВОР КОН МАКЕДОНСКОТО ИЗДАНИЕ

Во изминативе неколку години Македонија беше погодена од политичка криза чии последици уште се чувствуваат во општеството. Кризата беше проследена со низа протести од различни групи на граѓани кои го изразуваа своето незадоволство од нетранспарентното и неотчетното работење на Владата и државните институции. Улогата на медиумите во овој процес е непристрасно и професионално да ги информираат граѓаните за позадината на протестите и целта на протестните групи. За жал, граѓаните многу често добиваат погрешна претстава од медиумите за ваквите настани, што ја поткопува нивната способност да донесуваат информирани одлуки поврзани со нивното учество во демократските процеси.

И покрај формирањето на повеќе граѓански иницијативи и движења, недостасуваат согледувања врз начинот на кој тие комуницираат со своите целни групи и со државните институции, но и за тоа како нивните активности се врамувани од страна на медиумите. Оттаму, Високата школа за новинарство и за односи со јавноста го започна ова истражување со цел да ги воочи комуникациските практики на активистите, медиумите, и претставниците на државните институции за време на некои од граѓанските протести кои се одржаа во Македонија во 2014 и 2015 година.

Истражувањето е дел од поширокиот проект „Комуникациски практики во контекст на општествени протести и барања за јавна отчетност" имплементиран во партнерство со Центарот за медиуми од Сараево (МС) и Албанскиот институт за медиуми (АМІ) во рамките на Регионалната програма за поддршка на истражувањата во Западен Балкан (РРПП).

ВОВЕД КОН РЕГИОНАЛНОТО ИСТРАЖУВАЊЕ

КОМУНИКАЦИЈА ПРИ ГРАЃАНСКИ ПРОТЕСТИ: ИСТРАЖУВАЊЕ НА МОЖНОСТИТЕ И ОГРАНИЧУВАЊАТА, ПОТРЕБА ОД ОПШТЕСТВЕНИ И МЕДИУМСКИ РЕФОРМИ

Санела Хоџиќ и Мојца Пајник

Последните неколку години во регионот бевме сведоци на значителен број масовни протести преку кои граѓаните бараа отчетност од владата и го изразија своето незадоволство. Протестите не се ретка појава во поновата историја на овој регион,[1] при што во извесни делови на регионот речиси постојано се одржуваа (особено) помали граѓански протестни собири. Но протестите што се одвиваат последниве неколку години, почнувајќи од 2013 година, покажаа широк опсег на комуникациски можности и предизвици поврзани со нивниот фокус, размер, избор на учесници, севкупното општествено-политичко опкружување, но и на новини поврзани со користењето на медиумите и технолошки алатки. Целта на оваа публикација е да ги истражи комуникациските практики во текот на протестите последниве неколку години, имајќи предвид дека комуникацијата е важна не само во однос на градењето симболика, туку првенствено во однос на нејзиното влијание врз мобилизацијата и врз резултатите од активностите на групите активисти и од општествените движења.

Протестите опфатени во ова истражување се разликуваат меѓу себе по тематскиот фокус и обемот на протестните активности, но имаат и сличности во однос на структурните и контекстуалните околности во коишто започнале и во однос на тоа како се развивала комуникацијата за време на протестите. Протестите во Албанија против можното демонтирање хемиско оружје на албанска територија беа меѓу ретките што истовремено ја избегнаа етикетата дека се политички инструментализирани и мобилизираа поголем број учесници. Протестите од февруари 2014 година во Босна и Херцеговина имаа голем број учесници и тематски излегоа од првичниот фокус врз обесправените работници за да опфатат поширока лепеза општествени прашања од целата земја и, во извесна мера, за да ги надминат етничките поделби. Протестите имаа силна антивладина компонента, со барања за оставки и за воспоставување нови структури на владеењето. Во Македонија, студентските протести од 2014 година против најавените образовни реформи беа единствените од таков вид и обем по 1997

1 Вреди да се спомне дека во регионот бевме сведоци на масовни протести во деведесеттите (особено антивоените протести во Сараево во 1992 година и антивладините протести во Србија, 1996-97 година).

година, и вклучуваа силни антивладини реакции, кои кулминираа со политичката криза од 2015 година. Овие протести беа меѓу ретките во Македонија чијшто фокус не беше врз етничките прашања. Дополнително, за првпат во историјата на протестите во БиХ и Македонија беа основани и т.н. „пленуми". Пленумите беа формирани како нов облик на иницијативи за да го поттикнат изразувањето на граѓанските идеи и ставови, а кои се стремат кон хоризонтална комуникација и изразување нови гледишта за демократските процеси. Пленумите што се појавија во регионот последниве години наликуваат на слични стратегии на движењата што се развиваат на глобално ниво уште од *Битката за Сиетл* во САД во 1999 година, кога членови и поддржувачи на многубројни невладини организации одржаа протестен собир за да ѝ се спротивстават на корпоративната и политичка моќ на елитите. Во поново време, бевме сведоци на слични „седечки демонстрации" организирани и како облик на протест и како начин на комуникација во 2011 година, за време на движењето „Окупирај", познато по слоганот „ние сме 99%".

Истражувањата во врска со комуникациските процеси за време на граѓанските протести во регионот на Југоисточна Европа (ЈИЕ) сè уште се скудни, а согледувањата за улогата на медиумските и комуникациските платформи во врамувањето на протестите и за мобилизацијата на граѓаните остануваат ограничени. Ова истражување има за цел да придонесе кон пополнување на ваквата празнина и се фокусира врз комуникациските практики за време на протестите во Албанија, во Босна и Херцеговина и во Македонија, обидувајќи се да одговори на главните истражувачки прашања: а) како беа *врамени* протестите во известувањето на масовните медиуми; б) каква беше *перцепцијата за улогата* и на масовните медиуми и на алтернативните комуникациски платформи во начинот на којшто граѓаните беа информирани и како тие беа мобилизирани за заедничко дејствување; а особено в) како беше врамен поимот отчетност во известувањето на масовните медиуми, и г) каква е перцепцијата за сфаќањето на јавната, особено владината, отчетност со оглед на неодамнешните граѓански протести. Со проучувањето на содржината и перцепцијата на комуникацијата, истражувањето придонесува и кон согледувањата за тоа како комуникациските практики влијаеја врз граѓанските иницијативи и владината отчетност, каква улога заседоа традиционалните медиуми при известувањето за протестите, како реагираа владините функционери на новиот комуникациски контекст и како демонстрантите комуницираа за време на протестите. Накусо, целта на истражувањето е да придонесе кон подобро разбирање на комуникациските содржини и динамиката за време на граѓанските протести и да обезбеди подобро разбирање околу барањата на граѓаните за јавна отчетност. Истражувањето нуди и препораки за медиумите, функционерите и активистите/граѓаните во поглед на идните комуникациски стратегии.

На почетокот изнесуваме извесни согледувања од теориите за општествените движења и комуникациските науки во однос на улогата на комуникацијата за време на протестите, вклучително и ограничувањата и можностите што се својствени за нив, по што ќе бидат поподробно изнесени резултатите од истражувањето.

1. ТЕОРЕТСКА ПОТКРЕПА И РЕЗУЛТАТИ ОД ПРЕТХОДНИ ИСТРАЖУВАЊА

Концептот на ова истражување беше развиен врз основа на интердисциплинарни согледувања и се повикува на теориите за општествени движења и на политикологијата, од една страна, и на комуникологијата, од друга. Улогата на медиумите и комуникацијата во текот на здружените граѓански акции беше долго запоставена, но некои автори (Гамсон и Вулфсфелд, 1993) сепак укажуваат на улогата на медиумите во мобилизацијата на политичка поддршка за општествените движења. Ова истражување за појдовна точка го зема сознанието за важноста на медиумите и комуникацијата за протестите и општествените движења во поглед на нивната улога во **симболичкиот и дискурзивниот** домен во којшто се појавуваат протестите, но и како дел од **структурните димензии**, вклучително и општествено-политичкиот контекст, кои ги одредуваат текот и резултатите од активностите на граѓанските движења.

Структурните димензии се опфатени во Камартсовиот концепт на „**медијатизирани структури на можности**" (2012)[2], кои се состојат од заемно поврзани и влијателни: медиумска структура на можности, дискурзивна структура на можности и вмрежена структура на можности, а секоја содржи сопствени можности, но и бројни структурни ограничувања за општествените движења. *Медиумската структура на можностите* се однесува на улогата на традиционалните медиуми во мобилизацијата на политичка поддршка, во легитимирањето и поткрепата на барањата на граѓанските движења и на придонесот кон проширувањето на протестните дејства надвор од кругот на истомислениците. Другите два аспекти на медијатизираната структура на можностите се *дискурзивната структура на можностите*, која се однесува на структурните димензии што ги одредуваат дискурзивните рамки на извесни појави, и, најпосле, улогата на информатичко-комуникациските технологии (ИКТ) за организирање, мобилизација, координација и за ширење на алтернативни врамувања, независно од традиционалните медиуми, која Камартс ја нарекува *вмрежена структура на можностите.* Кај масовните протести, како Арапската пролет, востанијата во Турција и во Бразил, корпусот истражувања се сосредоточи врз улогата на технологијата во напорите и во можноста на општественото движење да мобилизира, да придобие и да координира дејства и да пренесува ставови за властите (како и за самото општествено движење), независно од традиционалните медиуми и официјалните извори (в. на пример, Bennett *et al*, 2008). Сите три аспекти на медијатизираните структури на можностите ги одредуваат можностите, ги ограничуваат протестните дејства и го утврдуваат репертоарот на бунтовнички дејства.[3]

2 Камартс смета дека комуникацијата е важна за протестите во неколку погледи: за врамување на процесите во традиционалните медиуми и од страна на политичките елити, за самостојно претставување на активистите, за користењето, усвојувањето и приспособувањето на ИКТ од страна на активистите и граѓаните за да мобилизираат и да организираат директни дејства, како и за медиумски и комуникациски практики што претставуваат специфичен вид медијатизиран отпор (Cammaerts, „Protest Logics and the Mediation Opportunity Structure", *European Journal of Communication*, 118). За концептот политичка можност на Ајзингер (1973) видете и во Opp, 2009.

3 На пример, вмрежените структури на можностите преку ИКТ овозможуваат нови облици на отпор. Ограничувањата својствени за медијацијата се, на пример, претежно негативните предрасуди на традиционалните медиуми, ограничувањата поврзани со користењето на технологијата, итн. Протестните движења мора да ги надминат ваквите ограничувања за да имаат значително влијание.

Во однос на улогата на **традиционалните медиуми**, литературата укажува дека успехот на општествените движења зависи од тоа дали и како традиционалните медиуми ги легитимираат и ги поткрепуваат нивните барања, го прошируваат нивниот опсег и во колкава мера медиумските содржини мобилизираат политичка поддршка. Повеќе истражувања упатуваат на негативни предрасуди кај традиционалните медиуми во однос на протестите, изразени преку сосредоточување врз спектакуларни случувања и насилство и фаворизирање на политичките и економските елити,[4] при што неколку автори ги сметаат медиумите за идеолошки апарат на државните и капиталистичките интереси (Althusser 1970, McCurdy, 2010). Други извори го оспоруваат таквото поимање на медиумите како непријатели на општествените движења со тоа што упатуваат на спротивните практики, т.е. на поволен третман на општествените движења од страна на традиционалните медиуми.[2] Фокусот на традиционалните медиуми врз насилството во текот на протестите и врз други нивни обележја – како големиот број учесници – честопати се објаснува со критериумот на релевантност (newsworthiness), за којшто тие редовно се придржуваат. Затоа општествените движења и протестните коалиции ширум светот сега редовно усвојуваат комуникациски стратегии (меѓу кои и стратешкото планирање) и до извесна мера се приспособуваат кон медиумите, со тоа што активно ги промовираат своите пораки на протестите, даваат изјави и интервјуа и овозможуваат пристап на новинари, водат интернет-страници и активно ги користат социјалните мрежи, при што усвојуваат своевидна организациска структура, како и свои гласноговорници. Ваквите практики опфаќаат и правење контраспинови, но и применување на медиумската логика во своја полза преку, на пример, создавање свои спектакли на некои елитни настани и случувања.[6]

Во извесни случаи, стратегиите може да бидат понеконвенционални, па некои општествени движења насилните чинови ги сметаат како важен дел од својата стратегија на бунтување, чија цел, меѓу другото, е привлекување медиумско влијание. И понудените толкување и податоци за ваквите протестни дејства се клучни за протестните движења, со оглед на тоа дека се соочуваат со противставени податоци и толкувања од државата, на пример, со големи разлики во објавениот број демонстранти, известувања за штети нанесени со насилството, известувања за полициско насилство, итн.[7] Покрај традиционалните

4 В. на пример: McChesney, 2008; McCurdy, 2010, Halloran ***et al***, 1970, Gitlin, 1980, Eldridge, 1995.

5 В. на пример, DeLuca and Peeples, 2002; Cammaerts and Carpentier, 2009, Van Zoonen, 1992. Најчесто спомнуваните случаи во поглед на поволната медиумска покриеност беа антивоените протести, движењата за женски права, протестите во Сиетл против Светската трговска организација.

6 Такво наметнување, на пример, се случи на состаноците на СТО на самитот на Г8. Слично, културното и политичкото попречување се инспирирани од логиката на сведочењето и на тактиката „сериозна пародија“ со цел наметнување во доминантната јавна сфера (Cammaerts, 2007). ДеЛука (2005) упатува на централната улога на визуелните настани организирани за ширење преку масовните медиуми за еколошкиот активизам.

7 Дела Порта и Дијани (2006) тврдат дека репертоарот на дејства за демонстрантите е определен од протестната логика, која опфаќа: ***логика на бројки*** (колку се помасовни протестите, толку повидливо станува незадоволството); ***логика на штета*** (политичкото насилство е стожерно во битките за промени, но често е строго осудено од медиумите, властите и самите демонстранти; има тврдења дека политичкото насилство ја дискредитира легитимноста на протестите бидејќи ја нудат рамката на „разулавена толпа“ што ја бараат медиумите (Donson ***et al,*** 2004); други, пак, сметаат дека материјалната штета (но не штетата нанесена врз луѓе) е легитимен облик на отпор (Jazz, 2001, во Cammaerts 2012), и/ли дека насилството предизвикува реакции од полицијата што го разоткриваа насилниот лик на либералната демократија); ***логика на сведочење*** (логиката на сведочење на неправдата е прикажана во случувања како граѓанската непослушност, потрошувачки бојкот, итн).

медиуми, општествените движења создаваат свои комуникациски платформи, особено на интернет,[8] кои овозможуваат самостојна медијација, со цел да информираат, да дискутираат за прашања и да ги поврзуваат и да ги мобилизираат луѓето заинтересирани за нивната цел. Со користењето интернет-алатки (*Јутјуб*, профили на социјалните мрежи, итн), демонстрантите лесно создаваат и споделуваат идеи во врска со протестите што ќе останат како трајно сведоштво.[9] Додека повеќето расположливи извори упатуваат на демократскиот потенцијал на платформите на интернет, има такви што нагласуваат дека пасивното ангажирање, критикувано како „кликтивизам" или „слактивизам" (Morozov, 2009), се разбира, не секогаш води до активното ангажирање, но може да го олесни.[10]

Општествените движења се облик на политичко соочување со елитите, со властите и со противниците, што опфаќа воздигнување, координација и одржување притисок против моќни противници (Tarrow, 2011, 6). Меѓутоа, тие не се сметаат за фиксни ентитети, туку за процеси што се пребразуваат по извесен временски период.[11] Во таа смисла, треба да нагласиме дека во ова истражување првенствено сме сосредоточени врз „краткорочната времетрајност" (Mattoni & Trere, 2014) на општествените движења, т.е. врз периодите на интензивни протестни случувања и мобилизација во регионот. Матони и Трере (2014) прават разлика и меѓу општествените групи што учествуваат во движењата, кои честопати немаат формална хиерархија, усвојуваат процеси на носењето одлуки засновани врз учество, ја вреднуваат личната посветеност на активистите и имаат лабава организациска рутина во секојдневниот живот, и, од друга страна, организациите на општествени движења, кои обично имаат формална хиерархија, се служат со процеси на носењето одлуки засновани врз распределба и имаат построга организациска рутина во уредувањето на секојдневното дејствување (257-258)[12]. Некои автори ги разликуваат општествените движења од другите облици на бунтовнички реакции поради постоењето на организациска поставеност, но Тароу (2011) упатува и кон развојот на „организациски хибриди" (123-139), кои носат предизвици во одржувањето на општествените движења додека се потпираат врз кревката рамнотежа меѓу разнородното движење и централизираната организација.

Кога станува збор за улогата на медиумите, ова истражување особено се потпира врз поимот медијација, што обично се дефинира како општествен процес во којшто медиумите ги поддржуваат различните дискурси, значења и толкувања во општеството (Silverstone 2002). Концептот го опфаќа секојдневното

8 И радиостаниците на заедниците во други контексти често се важни за општествените движења, но секторот е крајно неразвиен во подрачјето на Западниот Балкан.

9 Треба да се спомне и користењето на ИКТ како инструмент сам за себе („хактивисти", движењето за отворен софтвер, итн). Но содржината на интернет може да се избрише, може да се наруши приватноста на корисниците, да се затворат профилите на корисниците, оттаму интернет-платформите не се сигурни и со себе носат значителни ризици за активистите.

10 Може да биде мошне значајно во однос на граѓаните што немаат можност или желба за секојдневен „активен" активизам, па така можат да ја сведочат неправдата со придонесување кон глобалната свест и градењето колективни идентитети (Kavada, 2010 во Cammaerts, 2012).

11 В. на пример: Della Porta and Diani, 2006, Blee, 2012;

12 Различни автори зборуваат и за коалициите и мрежите на општествени движења, при што првите имаат построга организациска рутина и поформални комуникациски канали, а вторите полабава организација и неформална комуникација (в. Mattoni and Trere, 2014)

присвојување на медиумите преку кое општествените актери го поддржуваат отпорот против хегемонистичките значења и структури. Медијацијата подразбира контекстуализиран процес што се испреплетува со различни општествени активности, вклучително и протестите. Таа се однесува на користењето технологија и создавање медиумски пораки, но опфаќа и реконфигурација на технологиите и менување и создавање нови значења (Lievrouw, 2011). Притоа, користењето на доминантните и на алтернативните комуникациски платформи од страна на протестните групи и на општествените движења има значително влијание во однос на примената на технолошки алатки во процесот на субверзија и на промените на значењата. Треба да се спомне и *медијатизацијата* како сроден концепт,[13] којшто служи за критички да се анализира заемната врска меѓу промените кај медиумите и комуникациите, од една страна, и промените во културата и општеството, од друга (Couldry & Hepp, 2013, 197). Матони и Трере укажуваат дека медијатизацијата може да биде полезен концепт при истражувањето на заемното дејство меѓу медиумите и процесите на општествените движења за да се сфати појавата на специфичните комбинации на дискурзивни, медиумски и организациски структури (Stainberg, 2004, 125) (2014, 261). Медијатизацијата е поврзана и со поимот јавна отчетност во смисла дека го подразбира продирањето на политиката во медиумите и на медиумите во политиката, т.е. нуди простор за критичко промислување на политичкиот паралелизам кога агендата на (доминантните) медиуми, наместо да ја оценува вредноста на вестите во однос на јавноста, ги поддржува говорите на претставниците на политичките и економските елити. Сегашните политички елити се занимаваат со медијатизирана политика, политика што ја загубила својата самостојност и зависи од функционирањето на масовните медиуми и обратно, медиумите зависат од функционирањето на политичките актери (Mazzoleni & Schulz 1999, 251). Процесите на медијатизација во голема мера доведуваат и до „спектакуларизација на политичката комуникација" (ibid).

1.1. Истражувања за комуникациските практики во врска со протестите во трите земји

Истражувањата за комуникациските практики за време на протестите во Албанија, БиХ и Македонија се скудни. Општо земено, секундарните извори за медиумскиот сектор во регионот претежно упатуваат на лошите услови во кои функционираат медиумите, кои ја ограничуваат нивната улога во едно демократско општество. Повеќе извештаи пак, ги нагласуваат политичкиот паралелизам и растечките економски притисоци врз медиумите.[14] Улогата на јавни сервиси и плурализмот на масовните медиуми постојано се оспорува со наводи за пристрасно известување, недостиг од истражувачко и специјализирано новинарство, недостиг од алтернативни гледишта и критика на властите, итн.[15]

13 Медијацијата се сосредоточува врз конкретен комуникациски чин од страна на медиум во одреден контекст, додека медијатизацијата се однесува на подолгорочни процеси, каде што се сменети општествените и културните институции и начини на интеракција (Hjarvard, 2008 во Mattoni and Trere, 2014, 261).

14 B. Petković, B. (ed), 2014. Проверете ги и годишните извештаи за Индексот на медиумска одржливост, ИРЕКС.

Владината контрола на медиумите е уште едно заедничко обележје на медиумските системи во трите земји, а ваквата положба на медиумите е особено нагласена во Македонија. Истовремено, телевизијата и понатаму е главниот извор на информации за граѓаните во Албанија, БиХ и Македонија.

Со постојаниот пораст на интернет-корисници, и медиумите на интернет добиваат поголема публика. Ширум регионот, сè повеќе никнуваат медиуми на интернет, од кои дел постигнаа широка популарност и станаа комерцијално одржливи, но само мал број се сметаат за успешни од новинарски аспект. Сепак, некои интернет-медиуми се сметаат за лошо маскирани платформи за политичка или бизнис промоција, а не за непристрасни и професионални медиуми. Од друга страна, зголемениот пристап до интернетот во сите три земји беше придружен со поголем број корисници на социјалните мрежи, меѓу кои особено популарен е „Фејсбук". Меѓутоа, сè уште нема доволно согледувања за тоа во колкава мера зголеменото користење на овие платформи на интернет е поврзано со зголемените политички ангажман и граѓанска мобилизација. Некои постари извештаи укажуваат дека алтернативните платформи во регионот немаа доволна политичка моќ и влијание врз политиките (Dekić, 2010)[16] и дека придонесот на ваквите платформи кон севкупните комуникациски практики во трите земји наводно сè уште е ограничен.[17] Меѓутоа, со искуствата од неодамнешните протести, од кои дел многу зависеа од платформите на интернет за мобилизација и организација на протестните настани, ова истражување има за цел и да даде свој придонес кон преиспитувањето на заемното дејство меѓу демонстрантите и различните комуникациски платформи. Ретките извештаи за улогата на масовните медиуми во контекст на неодамнешните протести во трите земји во регионот не се воопшто позитивни и упатуваат на недостиг од професионалност кај медиумите. Во БиХ, на пример, некои објавени анализи – претежно преку интернет-платформи на неколку граѓански здруженија[18] – ја осудија медиумската покриеност на тамошните протести од 2014 година (кои почнаа на 6 февруари) и укажаа дека со тоа што медиумите претежно се фокусираа врз насилството, во голема мера ги занемарија целите, мотивите и поаѓките на мнозинството мирни демонстранти што изразуваа критика за владините постапки, бараа промени и јавна отчетност.

15 Ibid.

16 Ова во голема мера е во согласност со заклучоците на Харвиц дека активизмот на интернет ја зголемува достапноста на политички информации за граѓаните (односно, „нетизените"), додека не се покажал толку успешен во создавањето стабилна публика за информациите и привлекувањето на вниманието на носителите на одлуки (102). Харвиц тврди и дека интернет-платформите ги зголемуваат можностите за политички дејства меѓу оние што веќе се најактивни политички и најинформирани (во Jenkins and Thorburn, 2003, 103).

17 В. извештаите за ИМО.

18 Како media.ba или zastone.ba.

2. ЗА ОВА ИСТРАЖУВАЊЕ

Целта на овој истражувачки проект е да придонесе кон согледувањата за начинот на известување на масовните медиуми во врска со протестите, кон гледиштата на главните чинители во комуникациските процеси, како и кон перцепцијата за отчетноста во земјата (особено владината отчетност, која беше предмет на дел од протестите). Од друга страна, ги преиспитува појавите на кои претходно укажале истражувачите, како фаворизирањето на политичките елити од страна на медиумите, или ограниченият политички потенцијал на алтернативните комуникациски платформи во регионот.

Додека теоретската подлога се потпира врз теориите за општествени движења, истражувањето се заснова врз студии на случај на **протести** во трите земји во подрачјето на Југоисточна Европа (ЈИЕ)[19] и врз **пленумите** (во БиХ и Македонија) поврзани со нив. Времетраењето на анализираните случаи на протести не надмина неколку месеци. Протестите беа специфични примери на општествена бунтовност, при што некои опфаќаа секојдневни практики на отпор во врска со некое прашање во извесен временски период. Протестите може само делумно да се објаснат со теоријата за општествени движења, со оглед на тоа дека повеќето не вклучуваа мрежи способни да ја одржат политиката на противставување, размената на информации и практиките на отпор подолго од неколку дена или месеци, што според некои автори (в. Tilly, 1989) е предуслов за активности на општествени движења.[20]

Во литературата постојат **различни дефиниции за протести**[21], но за намените за ова истражување, протестите ги дефинираме како здружени дејства што се стремат да постигнат извесни цели обидувајќи се да влијаат врз одлуките на некоја целна група (Opp, 2009, 44). Покрај тоа, истражувањето е сосредоточено врз политичките протести, специфичен вид здружени дејства – масовни демонстрации – со конкретна цел – владата/политичките актери. Се повикуваме и на Гирлинг (2004) и на неговото сфаќање на масовните демонстрации како израз на симболичката моќ на немирот, гневот и недовербата (146) поради чувството на занемареност или неможност да се влијае врз процесите на носењето одлуки.

19 Повеќе за конкретниот избор на случаи и избирањето примерок за истражувањето на секоја од земјите може да се прочита во трите национални поглавја во изданиево, додека тука ќе ги претставиме заедничките критериуми и принципи на истражувањето. Во секоја земја, тим од барем тројца беше вклучен во развојот на заедничката методологија и во истражувачкиот процес за конкретната земја.

20 И временоста е одвај постигната во протестните случаи опфатени со истражувањево. Како што укажуваат Матони и Трере (2014), долгорочната временост се однесува на „бунтовни културолошки епохи“ (McAdam and Sewell, 2001) во кои извесни обрасци на здружени дејства им стојат на располагање на демонстрантите што ја избираат своја бунтовничка изведба во рамките на специфични „бунтовнички репертоари (Tilly, 1978, 1995)“ (257).

21 Некои од дефинициите се: (1) Протестна активност се дефинира како начин на политичко дејствување насочено кон противставување кон една или повеќе политики или услови, што се карактеризира со егзибиционизам или со приказ од неконвенционална природа, а се презема за стекнување придобивки од политички или економски системи додека се работи во рамките на системот (Lipsky, 1968, во Opp, 2009, 35). (2) Протестниот чин ги содржи следниве елементи: дејството изразува незадоволство, уверување за неправда; демонстрантите не можат да ја исправат неправдата директно, со своите заложби; дејството е наменето да привлече внимание кон незадоволството; дејството понатаму треба да поттикне корективни чекори од извесна целна група, и демонстрантите зависат од своевидна комбинација од благонаклонетост и страв за да ја наведат целната група да постапи во нивна полза (Turner 1969 во Opp, 2009, 35).

Некои автори прават разлика меѓу општествените движења и другите форми бунтовнички реакции врз основа на социјалните мрежи способни да ги одржат бунтовничките дејства, но Тароу (2011) вели и дека одржувањето на општествените движења се потпира врз кревката рамнотежа меѓу децентрализацијата и централизираната организација. Поединечните протестни случаи опфатени и анализирани во ова истражување во овој поглед се разликуваат меѓу себе: некои се потпираа врз специфични организации на општествени движења, додека други се потпираа и врз учеството на неорганизирани групи и поединци. Ова има важни импликации за комуникациските процеси, при што препораките понудени на крајот од засебните поглавја за секоја од земјите се потенцијално релевантни само за организираните групи.[22] Најочигледната новина на протестите во регионот се пленумите што се јавија како дебатни форуми каде што се дискутираа и се испитуваа различни идеи и гледишта со цел постигнување консензус меѓу демонстрантите. Пленумите се појавија на пресекот меѓу „класичната" дискусија на „седечките" протести кои се стремат кон хоризонтална комуникација и користење онлајн медиуми за пренесување на идеите на пленумите до јавноста. Пленумите не се појавија само како форуми за формулирање на протестните барања и медиумските пораки, туку се развија и во простори за создавање медиуми или, со други зборови, за „функционирање како медиуми".

Главните истражувачки прашања се:

- Како се врамени протестите во известувањето на масовните медиуми, т.е. што е претставено како главен општествен проблем во текот на протестите, кој го врамува проблемот и кој е засегнат?
- Како е врамена отчетноста (првенствено владината отчетност) во известувањето на масовните медиуми (колку често се упатува на отчетноста во медиумските содржини, кој се смета за одговорен за кои проблеми и за кои решенија)? Ова истражување не нуди анализа на владиниот учинок сам за себе, туку се занимава со известувањата за тоа како отчетноста се дискутира, поттикнува или попречува во медиумските содржини (со употреба на методот анализа на содржина), но и како ја восприемаат демонстрантите, новинарите и функционерите (со употреба на длабински интервјуа со новинари, граѓани/активисти, партиски/владини функционери).
- Каква е перцепцијата на различните чинители за протестите, комуникациските процеси во текот на протестите, како и поимањето на јавната одговорност во однос на протестите?

Имплицитните истражувачки проблеми и сродни прашања ги опфаќаат:

- *улогата на традиционалните медиуми* за време на протестите, процесот на комуникација со демонстрантите и властите (не само веќе спомнатото врамување на протестите во медиумските содржини, туку и прашањата поврзани со процесите во заднината: колку беа отворени медиумите за демонстрантите, колку беа проактивни при

обезбедувањето информации, преиспитувањето на владината отчетност, занимавањето со истражувачко новинарство, итн);
- *улогата на алтернативните комуникациски платформи* во текот на протестите (која е согледаната улога на различните интернет-платформи за време на граѓанските протести, нивните фокус, досег, релевантност, политичко влијание, улога во мобилизацијата и ширењето информации);
- *комуникациските практики на владините функционери* (перцепцијата за нивната подготвеност да реагираат, каналите на комуникација, темпирањето на медиумските гостувања, активниот/пасивниот пристап, ставовите за отчетноста, перцепцијата на тоа како владата ги врамува протестите), и најпосле
- *комуникацијата на самите демонстранти* (како комуницираа демонстрантите и преку кои платформи, какви беа нивните односи со новинарите, се обидуваа ли да се приспособат кон логиката на масовните медиуми – со создавање медиумски спектакли, контраспинови – и да маневрираат со создавање свои платформи).

Деловите од секој национален извештај се подредени во согласност со четирите горенаведени прашања. Во воведните страници на извештаите за секоја земја е изнесен краток осврт и на комуникациското опкружување и историјата на протести. На крајот од националните извештаи, авторите се обидоа да понудат препораки за подобрување на комуникациските практики на секој од трите главни чинители за време на протестите: демонстрантите, медиумите и владата. На истражувачите им е јасно дека комуникацијата за време на протестите се одвива во неповолна средина за опсежно изготвување стратегии и со учество на неорганизирани групи и укажуваат дека применливоста на препораките ќе биде ограничена на организираните групи, кои имаат време и организациска структура што ќе им овозможат организиран пристап кон комуникацијата. Од друга страна, пак, препораките за владините/партиските функционери, но и за медиумите, треба да се сфатат само како показатели на она што недостига во тековните практики и што идеално би требало да се смени. Но не треба да се сфатат како реалистични препораки за тоа како фактички може да се решат проблемите, со оглед на тоа дека не може да ги тематизираат системските проблеми што ги предизвикуваат реакциите на граѓанските протести. Истражувањата ќе третираат и некои од структурните ограничувања и можности за подобра комуникација за време на протестите и ќе понудат препораки за најдобро ползување и на масовните медиуми и на разните интернет-платформи за остварување на нивните цели.

22 Исто така, додека протестите во некои од анализираните случаи им ги обелоденија на поширокатa јавност спорните прашања што ги отворија извесни активисти или активистички групи (како студентското движење во Македонија), во други случаи протестите беа пораспрснати, при што мобилизацијата ја поттикнуваше мноштвото учесници преку распрснати канали на комуникација (како февруарските протести во БиХ).

2.1. Опфатени земји и анализирани протестни случаи

Истражувањето опфаќа протестни случаи во три земји од Западен Балкан: ***Албанија, Босна и Херцеговина и Македонија***,[23] чиј фокус се движеше од еколошки прашања до пошироки општествени прашања и образовни реформи.

Постојат сличности во медиумското опкружување во секоја од трите земји. Имено, медиумската сфера во секоја од земјите се одликува со, меѓу другото, силен политички паралелизам и нетранспарентност на сопственоста и финансирањето на медиумите. Авторите даваат осврт на медиумското опкружување, наведувајќи ги трендовите на зголемена употреба на ИКТ, додека традиционалните медиуми, особено телевизијата, и понатаму се главните извори на информации во сите три земји. Покрај тоа, додека користењето на интернетот е во пораст, нема доволно истражувања што би покажале колку е развиена „традицијата на интернет-дискурсот" (Hurwitz, 2003, 101), којшто би овозможил консолидација на јавното мислење и организација на политички дејства преку платформи на интернет. Особено постои недостиг од истражувања за комуникациските практики на доминантните и алтернативните платформи за време на граѓанските протести. Последниве години во трите земји се појавија неколку протести, со учество на голем број луѓе и барање за промени во Македонија и БиХ, додека во Албанија протестите беа ретки и помали во поглед на бројот на учесниците. Потребата од истражувања за комуникацијата произлегува од релативното запоставување на улогата на медиумите и комуникацијата воопшто при проучувањето на општествените движења, но уште повеќе од фактот дека сè уште практично нема посериозни обработки на овие прашања во овие три земји, каде што културата на протестирање се чини дека е во пораст. Поновите протести во трите земји по фокусот главно соодветствуваат со глобалните трендови и трендовите во земјите од ЕУ – каде што превладува интересот за општествените прашања, работните односи и работничките права, како и образованието, еколошките проблеми и разни аспекти од функционирањето на владата.

Заедничките *критериуми за избор на протестни случаи* во овие три земји опфатени со истражувањето се првенствено тоа што се понови (се одржале од 2012 година наваму), големиот број учесници во споредба со други можни случаи на протести, вклучувањето на различни профили на демонстранти и/или фокус врз прашања што ги надминуваат мотивите на затворените интересни групи и, најпосле, општествено-политичката релевантност на протестите, ако се земе предвид конкретниот национален контекст. Иако истражувањата за секоја од земјите опфаќаа по три протестни случаи, само еден (наречен примарен случај) беше темелно истражен, додека другите два беа анализирани само делумно, заради споредба.

23 Изборот на земјите не се заснова врз специфичностите на земјите или на избраните случаи, туку се случајно ограничување на ова истражување. Истражувања за протести во други земји од регионот би биле еднакво интересни.

2.2. Истражувачки методи и избор на примерок

За да овозможиме увид во комуникациските практики за време на протестните движења, користиме ***квалитативен дизајн на истражување***, којшто опфаќа:

- **Секундарни истражувања** за теоретските концепти и трендови во комуникациските практики за време на граѓанските иницијативи (релевантни книги, извештаи, итн), како и секундарни истражувања *специфични за конкретната земја* и за медиумското опкружување и за поновата историја на протестните движења во секоја земја (релевантни извештаи, анализи, медиумски извори за општествените движења/протести: мотиви, иницијатори, резултати; извори за гледаноста на медиумите – особено медиумите чии содржини беа анализирани, итн). На тој начин, секундарните истражувања овозможија да се опишат трендовите во однос на комуникациските процеси за време на протестите во дадените земји и нивната поврзаност со прашањата за јавна отчетност.
- **Анализа на врамувања** на известувањето на масовните медиуми. Целта на анализата на содржина беше да се даде увид во тоа како протестите и отчетноста беа врамени во медиумското известување за протестите. Ограничувањата на ова истражување не дозволија анализа на содржини од различни медиумски платформи, па анализата се задржа врз одбрани телевизиски и интернет-медиуми (со оглед на тоа што телевизиските медиуми сè уште се главниот извор на информации за граѓаните, додека информативните извори на интернет играат сè поголема улога во комуникацијата во сите три земји; и политичката припадност на интернет-медиумите во споредба со другите медиумски сектори е наводно поразновидна;[24] и гледаноста и политичката припадност беа клучни критериуми при изборот). Во анализата беа опфатени два медиумски сектори, делумно за да се избегне она што Матони и Трере го нарекоа „едномедиумска пристрасност" (2014, 254), т.е. фокус или врз традиционалните медиуми, или врз социјалните и алтернативните платформи. Социјалните мрежи не се анализирани систематски, туку спомнати низ интервјуа со чинителите.[25] Што се однесува на изборот на конкретните телевизиски и интернет-медиуми опфатени со анализата, минималните заеднички критериуми во сите три земји беа: *вклучувањето различни типови медиуми* (јавни/приватни), *гледаноста/читаноста* (вклучени телевизиски и интернет-медиуми со најголема гледаност/читаност), вклучување на различни медиуми во однос на нивната блискост со владата (провладини и медиуми што ги поддржуваат протестите[26]). Во секоја земја беа анализирани по барем 20 телевизиски и 20 прилози на интернет.

Во секоја земја, содржините објавени на најзначајните датуми беа вклучени во анализата, а анализата беше ограничена на централните телевизиски дневници и прилозите објавени од медиумите на интернет. Последната забелешка

24 Видете го особено поглавјето за Македонија.

25 Треба да се спомне дека таквиот избор подразбира очигледни ограничувања на истражувањето бидејќи не опфаќа темелен увид во комуникацијата за време на протестите на сите расположливи платформи. Понатамошни истражувања што дополнително би ги расветлиле комуникациските содржини на сите платформи би биле добредојдени.

26 Изборот зависеше од најдобрите претпоставки на истражувачите запознаени со конкретните содржини.

околу изборот е дека не е наменет да обезбеди репрезентативен примерок од големиот корпус медиумски содржини поврзани со протестите, туку да овозможи длабински увид во разните индикативни модели на медиумско известување за протестите. Од овие причини, примерокот на анализирани медиумски содржини за Босна и Херцеговина мораше значително да се зголеми за да опфати и содржини од медиуми од полокален карактер, со оглед на тоа дека протестите беа распрснати, се појавуваа во различни градови и со различна динамика што, како што може да се очекува, повлекуваше специфичности во однос на комуникацијата.[27] Еден од аспектите на анализата на врамувањето на протестите во медиумските содржини подразбираше анализа на тоа како беше пренесен поимот отчетност (првенствено на владата) во медиумските содржини.

Во обидот да се минимизира влијанието на аналитичката имагинација на истражувачите и нивните лични врамувања[28] во процесот на анализата на врамувања, беше воспоставена систематска постапка за идентификување специфични елементи и ознаки за значењата.[29]

- **Длабински интервјуа**, наменети да дадат увид во тоа како се перципира комуникацијата за време на протестите и како различните чинители (активистите, владата и новинарите) ги утврдуваат ограничувањата и можностите на комуникацијата.[30] Интервјуата беа полуструктурирани, спроведени според заеднички упатства за истражувачките тимови во сите три земји, но беше оставен и простор за приспособување кон контекстите на некои од земјите и кон поединечните соговорници. Додека ограничувањата на ова истражување не овозможија анализа на содржините на алтернативните платформи на интернет што ги користеа демонстрантите, прашањата поврзани со алтернативните платформи (содржината, намената, процесите на создавање, управувањето, користењето, ефектите, итн.) беа, меѓу другото, вклучени во интервјуата.[31] Покрај тоа, иако истражувањето не опфати истражување на фактичките показатели на владината отчетност во текот на протестите, интервјуата даваат увид во тоа како се восприема **владината отчетност** и дали постои впечаток дека владината отчетност се сменила во текот на примарните протестни случаи.

27 Повеќе за изборот на примерок може да се најде во поглавјата за секоја од земјите.

28 Некои автори посочуваат дека анализата на врамувањето не подразбира присуство на рамки во текстот, независни од читателот. Напротив, според нив, новинарскиот текст се состои од организирани симболички средства што воспоставуваат интеракција со сеќавањето на поединечните чинители за да изградат значење.

29 Потпирајќи се врз поимањето на Пан и Козики на валидноста на анализата на врамувањето (1993, 58), анализата е така организирана да се придржува за подробен прирачник, според кои секоја категорија е детално обработена. Според упатствата, истражувачите требаше да останат што поверни на оригиналниот текст, односно, да ги посочуваат значењата со прецизни цитати, да даваат јасни и подробни објаснувања на значењата што не се доловени со цитатите, јасни и формалистички описи на сликите. Притоа, резултатите на анализата се засноваа врз нивните појави и импликации во конкретни изрази, слики, извори, клучни зборови, итн. Користењето точни цитати и подробни објаснувања овозможи и контрола и исправки на резултатите на анализата во текот на анализирањето на резултатите.

30 Беа спроведени минимум 17 интервјуа по земја, или повеќе, во зависност од општото правило за одредување на бројот на интервјуа. Бројот на интервјуа се зголемува ако: а) по 17 интервјуа и понатаму се појавуваат нови информации од чинителите; б) ако недостигаат релевантни информации/оцени (дополнителен наменски избор на примерок); в) не е соодветно опфатен релевантен профил на соговорници. Длабинските интервјуа ќе бидат и основа за утврдување на главната алтернативна комуникациска платформа што ја користеле демонстрантите/граѓаните во текот на протестите.

31 Меѓутоа, некои од авторите анализираа и примери на содржини на различни платформи, за да илустрираат дел од моделите на комуникација.

2.3. Концептот врамување и анализа на врамувањата употребени во ова истражување

Концептот **врамување** се потпира врз сфаќањето дека сите ние активно ги класификуваме, ги организираме и ги толкуваме своите животни искуства за да ги разбереме (в. Goffman, 1974) и дека начинот на којшто се врамуваат и се категоризираат согледувањата повикува конкретни стварности од „калеидоскопот потенцијални реалности" (Edelman, 1993, 232). Различните автори не само што упатуваат кон важноста на врамувањето за тоа како се разбира реалноста, туку и кон неговото влијание врз однесувањето.[32] Стратегиите на врамувањето се важни не само за идеолошкото позиционирање туку, како што сметаат Бенфорд и Сноу (2000), ги засегаат и придобивањето приврзаници, мобилизацијата и подготвеноста за дејствување.[33]

Градењето значења[34] низ процесот на врамување – кога се во прашање општествените движења – опфаќа распрснати мрежи од актери и различни начини на врамување и преобразба на колективните верувања. Општествените актери понекогаш намерно се служат со тактики на убедување за да изградат значење, но може и просто да се репродуцираат доминантните рамки во одредено општество[35] или да се дискутираат и да се преиспитуваат доминантните значења. Стручњаците за општествени движења се согласни дека општествените движења стекнуваат заеднички значења (наречени рамки, идеолошки пакети или културолошки дискурси) кои поттикнуваат заеднички дејствувања (Tarrow, 2011, 31). За време на општествените движења, или за време на други облици на политиката на противставување, овие значења се борат со спротивни рамки. Следствено на тоа, битката за значењето е важен дел од политиката на противставување.[36] Тароу укажува дека еден од главните фактори на одржувањето и успехот на општествените движења е нивната способност да ги поврзат наследените сфаќања со императивот за активизам (2011, 266).

32 На пример, Еделман (1993) укажува дека елементите што се нагласуваат во медиумското покривање на општествените движења суштински ќе ја засегаат способноста на движењето да влијае врз јавното мислење и јавните политики. Притоа, масовните медиуми се клучни за пренесување на пораките до масата потенцијални поддржувачи и за нивно придобивање. За сè поголемото користење платформи на интернет се смета дека има сè поголемо значење за политичкиот живот: во поглед на пристапот до информации, одлуката за тоа за кого луѓето ќе гласаат на избори, комуникацијата меѓу кандидатите и гласачкото тело, одредувањето на темите што ќе се најдат на врвот на јавната агенда и, најпосле, за заложбите на активистите да ги пренесат своите пораки. Ценкинс и Торберн (2003, 4) го споменуваат примерот со indymedia.org што за време на протестите во Сиетл против Светската трговска организација започна како клириншка куќа за промовирање на идеите и вестите за протестите со користење на мултимедијален пристап (објавување соопштенија, фотографии, аудио и видеоснимки).

33 Истражувањето би можело да се осврне на тоа во колкава мера искуствата, симболите и моделите на општествените движења/протести создаваа своевидни „епистемички заедници" (Липшуц, 2005), ја зајакнуваа битката и им ги пренесуваа знаењата на заедниците во и вон националните контексти, особено преку платформите на интернет.

34 Кландерманс (1992) смета дека постојат три заемно поврзани процеси во градењето значење за општествените движења: јавен дискурс, убедлива комуникација и подигнување на свеста (во Johnston and Klandermans, 1995, 10).

35 Извесни врамувања може да достигнат самопоткрепувачки статус и Гамсон (1992), на пример, укажува дека може да се кодираат во конкретни термини што влегуваат во широка употреба (таков пример би можел да биде зборот „дејност"). Кога се случува ова, комуникаторот што користи поинаков термин ризикува да не биде разбран или да биде восприемен како неверодостоен.

36 Притоа, тврди Тароу, општествените движења често се во неповолна положба со оглед на тоа дека државата на располагање ги има инструментите за градење значења (2011, 32).

Се смета дека масовните медиуми ја играат клучната улога во тоа какви врамувања ќе превладеат во општеството. Врамувањето се смета и за составен дел од новинарската рутина (Gitlin, 1980).[37] Рамките во вестите на медиумите обично ги отсликуваат односите на моќ и ги откриваат противставените актери и интереси. Доминантните рамки во општеството влијаат врз тоа што се смета за врамување на актуелните вести. Кога станува збор за начинот на којшто медиумите обично ги врамуваат општествените движења, Ентман и Роџеки (1993) сметаат дека проценките за врамување што ги прават новинарите кога пренесуваат информации за некое општествено движење се под силно влијание на елитните извори. Тие упатуваат и на новинарската амбивалентност кон масовните движења – во теорија ги поддржуваат, но новинарите се сомничави кон масовните движења штом ќе се организираат и ќе стекнат политичка моќ (Gitlin, 1980, во Entman & Rojecki, 1993, 156).[38] Други, пак, стават посилен акцент врз трансформативниот потенцијал на процесите на врамување и интеракција при градењето значења.[39] Низ сложеното заемно дејство меѓу масовните медиуми и општествените актери како движењата, контрадвижењата, политичките партии и властите, и во меѓучовечката интеракција на социјалните мрежи и во пријателските групи – се гради и се реконструира значењето (Johnson & Klandermans, 1995, 10). Протестите ги поттикнуваат доминантните дискурзивни рамки, но претставуваат и плодна почва за преиспитување на старите согледувања и поведенија, т.е. за оспорување на доминантните дискурзивни рамки, како и за (ре)конструкција на колективните идентитети (Melucci, 1996). Во текот на протестите се користат различни стратегии на врамување за да се прикаже функционирањето на владата, како и мотивите, пројавите и целите на демонстрантите. Улогата на општествените движења, на интерните договори и надворешната комуникација со традиционалните медиуми и преку своите платформи не треба да се занемари кога се разгледуваат комуникациските ограничувања и можности за општествените движења.[40]

Анализата на врамувањата употребена во ова истражување се заснова врз теоретското сфаќање на врамувањето како процес што опфаќа дијагностицирање, од една страна, и препорачување конкретни решенија, од друга. Гамсон (1992), на пример, зборува за дијагностицирање, оценување и препорачување конкретни решенија во начините на кои се врамува општествената стварност.

37 Гитлин непосредно го поврзува концептот на врамување со создавањето вести, тврдејќи дека рамките им овозможуваат на новинарите брзо и рутински да обработат големи количества информации и да ги спакуваат информациите за делотворно пренесување до својата публика (1980, 7).

38 Додека Ентман и Роџеки (1993) идентификувале новинарски врамувања против движењата, новинарите генерално не пренесувале врамувања против странските политички елити во текот на американското антинуклеарно движење.

39 Општествените движења, од една страна, ги обликуваат аспекти на доминантната култура, но од друга страна, тие се стремат да ги отфрлат доминантните општествени кодови, како и да ја преобликуваат доминантната култура (в. на пример, Johnston and Klandermans, 1995). Мекги смета дека општествените движења ги менуваат значењата на светот и ја редефинираат стварноста (McGee, 1975, 243). В. и Livingstone, 1990. Човек мора да биде свесен какви импликации има ова за веродостојноста на резултатите од анализата на врамувања како таква, со оглед на тоа дека начинот на кој се утврдуваат рамките во даден текст е под влијание на личните убедувања на истражувачите. Не можеме да тврдиме дека сме ги отфрлиле таквите влијанија, но презедовме мерки за да се увериме дека истражувачите имаат усогласени познавања за категориите во анализата.

40 В. McCurdy, 2010.

Ентман го дефинира процесот на врамување на следниот начин: *да се врами значи* да се *изберат извесни аспекти на некоја согледана стварност и да се истакнат во комуникацискиот текст така што ќе се промовира дефиниција на конкретен проблем, каузално толкување, морално вреднување и/или препорака за третман* во опишаниот прилог (1993, 52.). Значи, анализата во текот на ова истражување е сосредоточена врз овие две главни категории: а) начинот на којшто извесен проблем е дефиниран и сфатен (со еден збор: дијагноза) и б) како прогнозата/решението на проблемот се прикажува во медиумската содржина. Во рамките на овие главни категории, анализата опфаќаше и утврдување на засегнатите актери, актерите што го утврдиле проблемот/решението и најпосле нормите и проценките што ги поддржуваат конкретните дијагнози/прогнози.[41] Тука ја следевме дефиницијата на Верло (2005, 20), која рамката ја сфаќа како организирачки принцип што ја преобразува фрагментарната или произволна информација во структуриран и значаен проблем, во којшто имплицитно или експлицитно е вклучено и решение. Со други зборови: секој текст може да се анализира на начин на којшто ќе се утврди кои проблеми ги третира и што се нуди како решение за посочените проблеми.

За делумно да го долови заемното дејство меѓу различните аспекти на комуникацијата и да понуди различни гледишта за тоа како биле врамени протестите и како се одвивала комуникацијата, методот на анализата на врамувањата на масовните медиуми – телевизиски и на интернет – беше искомбиниран со длабински интервјуа со учесниците во комуникациските процеси: граѓаните/демонстрантите, новинарите и владините/партиските функционери.[42]

3. ГЛАВНИ РЕЗУЛТАТИ ОД ИСТРАЖУВАЊЕТО ВО ТРИТЕ ЗЕМЈИ: ПРЕГЛЕД

3.1. Како се врамени протестите во медиумите и како се перципирани од соговорниците?

Кај соговорниците превладува мислењето дека протестите се отелотворување на демократијата, легитимен начин да се изрази волјата на народот и неговото незадоволство од работата на избраните функционери и/или да се спречат или бараат промени во политиките, како и да се постават барања за повисоки стандарди на владината отчетност. Особено се сметаат за стожерни во околности на нефункционално владеење, кога протестите стануваат „единственото законско решение". Во оваа смисла, неколкумина соговорници на протестите гледаат и како на показател за недостиг од демократија, со оглед на тоа дека во функционалните демократии граѓанскиот ангажман е веќе формализиран во процесот на носењето одлуки, при што протестите стануваат неосновани. Уште

41 Се разбира, во секој текст не беа нужно утврдени сите категории на врамувањето.

42 Меѓутоа, истражувањето не ги образложува врските меѓу врамувањата во вестите со намерите и врамувањата на одредени комуникатори, ниту, пак, опфаќа истражување за тоа како врамувањата влијаеја врз ставовите и однесувањето на демонстрантите и другите чинители.

едно благонаклонето сфаќање на протестите се сосредоточува врз обединувачката моќ на протестите. Ова особено дојде до израз во текот на протестите во БиХ и Македонија, земји кои се одликуваат со етнонационални поделби. Демонстрантите, без разлика на нивното етничко потекло, беа обединети во критиката на јавните политики и владиното однесување. Овие критики во БиХ се развија околу општествените прашања и осиромашувањето на граѓаните произлезени од однесувањето на отуѓената политичка класа. Како што изјави еден од активистите во БиХ, имплицитната порака на протестите од февруари 2014 година беше: „Не ми е гајле за национализмот, сакам фабриките да работат, и работниците пак да решаваат за нив...“ Од друга страна, пак, како што укажуваат истражувачките извештаи, етничките поделби не исчезнаа од начинот на којшто беше известувано за протестите. Во некои од анализираните случаи, врамувањето на медиумите и гледиштата на функционерите беа насочени кон нагласување на ваквите поделби.

Но, соговорниците, првенствено функционерите, делумно претставниците на медиумите и понекогаш и самите демонстранти значително ги релативизираат таквите позитивни поимања на протестите кога ги коментираат конкретните протестни случаи опфатени во истражувањево. Општо земено, постојат три доминантни рамки во кои се преиспитува улогата на овие протести:

- политичка инструментализација на протестите за интересите на одредена политичка група или партија, најчесто на опозициска партија, а понекогаш и на странски актери;
- недостатоци во самите протестни групи (недостиг од организација, капацитети, знаење и искуство) – пример за ваквата рамка е тврдењето дека демонстрантите во БиХ немале доволни познавања за политичкиот систем, што оневозможило да имаат значителен ефект, и најпосле
- согледувањето во врска со структурните ограничувања на политичкиот (и во извесна мера медиумскиот) систем што протестите ги смета за неуспешни и оневозможува top-down промени во политиките. Соговорниците, особено тие во Македонија и во БиХ, посочија дека протестите не ги донеле бараните промени поради недостигот од отчетност на власта.

Медиумските рамки на анализираните протести во БиХ и во Македонија во извесна мера се совпаѓаат со овие оспорувања на самите протести. Рамката на политичка инструментализација е особено доминантна во медиумското врамување на протестите. Според тоа како медиумите ги врамиле протестните случаи[43], може лесно да се одгатнат доминантните идеологии во чии рамки медиумите редовно ги применуваат стратегиите на делегитимизација. *Георгиевски,*

43 Кога низ ова истражување се користи слична синтаксе, не навестуваме дека се однесува на сите медиумски содржини. Како што наведовме претходно, согледувањата не се наменети за обопштување, туку за да ги дадат главните црти на индикативните модели на медиумско известување во врска со протестите.

Андонов и Трајкоска истакнаа дека во Македонија, сосем очекувано, медиумите познати по своите провладини уредувачки политики честопати негативно ги претставиле протестните мотиви и барања и/или ги дискредитирале, со тоа што најчесто ги врамувале како политички инструментализирани од страна на опозициската партија и на невладината организација финансирана од Сорос. Како што покажуваат резултатите од анализата на *Цвјетичанин*, подврамувањето на февруарските протести во БиХ во општата рамка на политичка инструментализација беше особено разнолико, отсликувајќи ја сложената управна организација на земјата и етнонационалните поделби поврзани со неа и повеќе се сосредоточуваше врз етнополитичката отколку врз партиско-политичката инструментализација. Постоеше јасен модел на врамување на протестите како напад врз националните интереси на една од трите етнонационални групи, т.е. врз нивото на власта тесно поврзано со идентитетот и интересите на дадената група. Резултатите од истражувањето во БиХ делумно се совпаднаа со претходните истражувања за доминантниот фокус на медиумите врз насилството во протестите.[44] Имено, насилството од страна на демонстрантите и уништувањето на државниот имот беше особено доминантна рамка во првите денови на Февруарските протести во БиХ и една од доминантните рамки во севкупниот анализиран примерок. Цвјетичанин согледува дека особено визуелните производи сосредоточени врз ова насилство опстанале во медиумските содржини во целиот тек на протестите.

Во Македонија, пак, авторите забележаа длабока поделба меѓу провладините медиуми и медиумите што известувале поповолно за протестите, т.е. медиуми што обично се сметаат за неопределени и покритички настроени кон владејачките политички партии. Вторава група медиуми обезбедиле повеќе простор за претставување на мотивите и оправданоста на протестите, посеопфатно ја покривале работата на пленумите и во извесна мера ја критикувале работата на владата. Во однос на врамувањето на студентските протести во Македонија, *Георгиевски, Андонов и Трајкоска* пишуваат:

[м]едиумите што се критички настроени кон владата претежно ги врамија реформите [спорните образовни реформи наметнати од владата, з.а.] *како избрзани, непродуктивни и дека ја нарушуваат универзитетската автономија.*

Случајот со протестите против демонтирањето хемиско оружје во Албанија во 2013 година, во однос на комуникациските практики, значително се разликува од протестите во БиХ и во Македонија – новинските известувања претежно се сосредоточиле врз однесувањето на демонстрантите и на протестните барања, при што ретко се појавувале официјалните извори. Како што посочува *Лондо*, медиумите речиси едногласно и без оглед на политичката припадност претежно нуделе имплицитна легитимизација на протестните барања. Причините за тоа веројатно се двојни: прво, протестите речиси не содржеле општа критика за владата, а во центарот на вниманието било само едно прашање и

44 В. на пример, McChesney, 2008; McCurdy, 2010

владина одлука поврзана со него, и второ, функционерите ретко се впуштале во јавна расправа за прашањето и со тоа оставиле повеќе простор за демонстрантите да ја изразат својата загриженост. Во вакви околности, за разлика од протестите во БиХ и Македонија, известувањето фактички се сосредоточило врз прашањата што ги отвориле демонстрантите: медиумите се фокусирале врз можните проблеми од демонтирањето хемиско оружје на албанска територија, врамувајќи ги речиси како безбедносна закана и во извесна мера како проблем со недостигот од владина транспарентност и отчетност во врска со одлуката дали оружјето ќе се демонтира во Албанија или не. И додека рамката на политичка инструментализација превладувала во други случаи на граѓански протести во Албанија, во овој протестен случај била многу ретко присутна, а и тогаш повеќе во облик на опасност дека опозицијата би можела да ги инструментализира протестите, понекогаш со навестување дека решението за тој проблем е да се забрани учеството на политичари на протестите. Решенијата на проблемите биле еднакво отворени, претежно врамени како одбивање да се демонтира хемиско оружје на територијата на Албанија и барање за потранспарентно однесување и отчетност од владата во врска со прашањето.

Перцепцијата на медиумското покривање на граѓанските протести во сите три земји беше претежно негативна, особено восприемањето од страна на самите граѓани/демонстранти. Генералниот став е дека медиумското покривање се движи од доминантното политизирано известување за протестите до политички коректно но површно известување што не успева да даде длабински увид и преглед на прашањата поврзани со протестите (како анализа на невработеноста и корупцијата во БиХ, или анализа на (не)поволностите од предложените образовни реформи во Македонија).

Заедничкиот став од интервјуата во сите три земји е дека медиумската сфера на интернет се смета за поотворена за претставување на протестите, главно придружен со согледувањето дека другите медиумски сфери се поредовно тесно поврзани со владата, со одредени политички партии или со други центри на политичка и економска моќ.

Авторите на истражувачките извештаи истакнаа и дека врамувањето на протестите се разликувало од случај до случај. На пример, во случајот со протестите против апсењето на новинарот Кежаровски во Македонија, функционерите и медиумите, и владините и критички настроените, како да отстапија од рамката на политичка инструментализација на протестите. Авторите на истражувачкиот извештај сметаат дека тоа првенствено се должело на фактот дека демонстрантите претежно биле новинари и дека врамувањето во голема мера било под влијание на професионалната солидарност. Медиумите што се сметаат за „провладини" не ги дискредитирале протестите, додека медиумите што се покритички настроени кон владата наводно поактивно ги поддржувале заложбите да се ослободи Кежаровски. Друга можна причина е што протестите не биле толку антивладини колку студентските, не содржеле посеопфатна критика и со тоа не претставувале закана за носителите на моќ. Во БиХ, протестите против уништувањето на еден градски парк, одржани во 2012 година, наводно во голе-

ма мера биле маргинализирани од главните традиционални медиуми во Република Српска, кои или известувале ретко или известувале во форма на кратки вести преземени од новински агенции. Протестите се потпирале врз поддршката од малите независни медиуми и на комуникација преку платформите на интернет, кои соговорниците ги прикажаа како недоволни за да се здобијат со посилна поддршка.

3.2. Како медиумите и соговорниците ја врамуваат владината отчетност?

Општото согледување што произлегува од сите три истражувачки извештаи е дека медиумското известување за граѓанските протести во извесна мера упатувало на отчетноста. Меѓутоа, начинот на којшто е тематизирана отчетноста е мошне ограничен. Во рамките на трите национални извештаи дел од оваа публикација беа проблематизирани неколку аспекти на медиумското известување во врска со протестите: практиката во која отчетноста е мошне обопштена и не е упатена на конкретни институции, партии или функционери (која била посебно забележана во БиХ) и практиката во која повикувањата на отчетност претежно биле ограничени на она што го изразиле главните извори на информации, при што вторава е уште попроблематична со оглед на тоа дека функционерите имаат подобар пристап до медиумите во споредба со демонстрантите. Во такви околности, особено во БиХ, спиновите против протестите биле во голема мера и некритички пренесени од медиумите, вклучително и лажни информации за големи количества дрога разделени меѓу демонстрантите или за ограбување трговски центар. Како што укажуваат резултатите од анализата на содржините, посебно во Македонија, традиционалните медиуми што се сметаат за провладини главно ги изоставиле прашањата што ги отвориле демонстрантите и со тоа не расправале за владината отчетност, сето тоа под маската на врамувањето на политичка инструментализација на протестите.

Меѓутоа, во случаите на БиХ и Албанија, резултатите од анализата на содржините покажуваат дека актерот што во медиумските содржини се јавува како одговорен за посоченият „проблем" најчесто сепак е владата. Во случајот со БиХ, отчетноста е мошне генерализирана, против политичките елити, но во некои случаи и против различни државни институции, политички партии и/ли поединечни политички личности; отчетноста е врамена како отчетност за општествени проблеми што довеле до протести, или како отчетност за несоодветни официјални реакции на протестите, поради кои протестите се заостриле. Во Албанија, токму премиерот и Владата се врамени како одговорни за „проблемот" на „загрозување на јавните здравје и безбедност со земање на барањето предвид (52 пати), како и за недостигот на транспарентност (20 пати) и отчетност (2 пати)", како што истакна *Лондо.* Во Албанија отчетноста директно се совпаѓала со тоа како проблемите биле врамени во медиумските содржини, при што владата претежно се сметала за одговорна за неактивноста и нетранспарентноста во случајот со демонтирањето на хемиско оружје, а решението би било владата

да ја смени таквата практика и да го одбие демонтирањето на албанска територија. Поголеми отстапувања во тоа како е врамена отчетноста беа забележани во случајот со Февруарските протести во БиХ. Владината отчетност, во рамката на лошото владеење, била дефинирана како општа потреба од поголема отчетност, потреба од оставки, предвремени избори, уставни промени, реформи во јавната администрација, отворање работни места, ревизија на криминалната приватизација, укинување на функционерските привилегии, вклучување на граѓаните во процесите на носење одлуки, итн. Освен тоа, во некои случаи владата се сметала за одговорна за решавање на проблемот со загрозените национални интереси, т.е. спречувањето протестите да се прошират во Република Српска, или за загрозување на кантонските власти. Во друга варијанта, одговорноста ѝ е припишана на етничката група – да застане во заедничка одбрана на националните интереси. Покрај тоа, и медиумите ја врамуваат граѓанската одговорност како решение за запирање на насилството, но и за обединување против лошата власт.

Во Македонија генерално недостигало упатување на владината отчетност во медиумското известување за студентските протести. Исто така, била забележана јасна разлика во овој поглед меѓу двете групи медиуми, при што *Телма*, *Алсат-М*, *Нова ТВ* и *Плусинфо* најчесто повикувале на одговорност за предложените реформи и на недостиг од транспарентност и отчетност, за разлика од *Канал 5*, *МТВ1*, *Сител* и Курир, кои ги наведувале СДСМ и Сорос, студентите и „опозициските" медиуми како одговорни за неоснованите протести. Упатувањата на одговорноста на граѓаните/демонстрантите во Албанија добиле сосем поинаков облик, при што помала група упатувале на нивната одговорност за она што било врамено како неинформирано и неразумно протестирање и помала група што упатувала на нивната одговорност за поголема мобилизација. Во БиХ, во медиумските извештаи што се фокусирале врз проблемите во самите протести, претежно врз протестното насилство, демонстрантите биле прикажани како одговорни најмногу за уништување на јавен имот. *Цвјетичанин* заклучува дека недостигот од отчетност на политичките елити особено се манифестира во недостигот од самоиспитување кај функционерите во анализираниот примерок од медиуми, при што претежно упатувале кон одговорноста на демонстрантите за причинетата материјална штета, или кон одговорноста на широка категорија „други" (од челници на опозициски партии, етнички групи, странски агенти, итн) посочени како одговорни за политизацијата на протестите или за загрозување на етнонационалните интереси. Меѓутоа, во целиот медиумски примерок во БиХ, функционерите се во голема мера најпосочуваните актери за нудење решенија, најчесто за општествено-економските проблеми што ги предизвикале протестите.

Во сите три земји интервјуираните соговорници генерално укажуваат дека постои очигледен недостиг од владина отчетност и дека нејзината комуникација во текот на протестите ни оддалеку не упатувала на транспарентност и отчетност. Дел од соговорниците предочуваат дека самите протести се израз на ваквиот недостиг од владина отчетност. Заедничко согледување од интер-

вјуата е и тоа дека во текот на граѓанските протести сфаќањето на владината отчетност главно останало непроменето. Интервјуата укажуваат на две групи прашања што произлегле од таквиот пропуст да се зголеми отчетноста, првата поврзана со самите протести (недоволна мобилизација, недостиг од упорност, еднолични, лошо срочени или нереалистични барања, итн.), а втората со длабоко вкоренетиот и упорен недостиг од отчетност од страна на владата, којшто се покажал посилен од предизвиците што ги претставувале самите протести. Во такви околности, реакциите на владата на протестите во трите земји биле очекувани. Реакциите се движеле од игнорирање на протестите, преку создавање наративи против протестите и демонстрантите (кои содржеле тврдења за политичка инструментализација или криминализација на демонстрантите), префрлање на вината врз други партии и етнополитички групи и функционери (ова претежно во БиХ), а ретко воделе до некакви промени, и тоа несуштински и на некој начин изнудени преку силните притисоци и стравот што го предизвикале протестите. Дел од раскажувањата на соговорниците живописно ги илустрираат моделите на реакциите на протестите од страна на функционерите:

Државните функционери обично не се многу активни во однос на протестите, се движат бавно, одвај ве слушаат или само се преправаат дека ве прашуваат или ви обрнуваат внимание, само ако демонстрантите се доволно истрајни да им додеваат. Дури и кога даваат јавни изјави, не се доволно реактивни на демонстрантите. Изјавите се претежно реторички и воопшто не ги земаат предвид решенијата или алтернативите што ги нудат демонстрантите.[45]

Или, според *Цвјетичанин*, согледувањата од интервјуата укажуваат дека функционерите всушност покажале недостиг од отчетност преку „'политика на незнаење', 'политика на ароганција', па дури и 'одбивност кон луѓето што ги избрале'".

Согледувањата од интервјуата од сите три земји укажуваат дека во неодамнешните протести функционерите ретко, дури и воопшто не се впуштиле во двонасочна комуникација преку медиумите или во директен контакт со демонстрантите. Во случајот со предложеното демонтирање на хемиско оружје во Албанија, долго по почетокот на протестите функционерите воопшто не комуницирале со јавноста. Премиерот издал соопштение преку Фејсбук дури по неколку дена, додека комуникацијата преку телевизија настапила по објавата на интернет.

Што се однесува на комуникацијата на функционерите, нивните изјави честопати содржеле силни патерналистички елементи. Изјавите на функционерите во Албанија го покажале ваквиот патернализам со тврдењата дека протестите се неосновани, дека просто настанале како резултат од недостиг на информации и на неоправдана недоверба дека владата ќе дејствува во интерес на јавноста. Слични тврдења се шириле преку медиумите и за студентските протести во Македонија. Во БиХ интервјуата предочуваат дека функционерите на

45 Интервју со Сазан Гури, еколог од Албанија.

различни начини ги омаловажувале протестите, честопати со повикување на воените односи, придружено со страв и етнонационални чувства. Најпосле, во Македонија, и покрај генералната таинственост на владата и одбивањето да се сретне со студентите, имало неколку контроверзии што го илустрирале недостигот од отчетност, прикажани од медиумите критички настроени кон власта: тврдењето дека за државниот испит се расправало со месеци пред да биде обелоденет во јавноста, како и информацијата дека местото на јавната средба со универзитетските претставници било ненадејно и скришно сменето.

Авторите на трите извештаи од засебните земји укажуваат дека традиционалните медиуми не биле на висина на задачата во поглед на суштинската истрага и преиспитувањето на јавната отчетност и главно имале мошне пасивен пристап кон обезбедувањето платформа за ограничени извори, или кон опфаќањето различни ставови за протестите и владината отчетност.

Медиумските известувања претежно ги содржеле повиците за владина отчетност, изразени од демонстрантите, но ретко опфаќале директно спротивставување со функционерите, поткрепа и истражување на посочените проблеми, итн.

Најпосле, соговорниците во интервјуата во сите три земји се крајно песимистични дека се можни промени кога станува збор за владината отчетност. Неколкумина демонстранти одат и подалеку и укажуваат дека поголема закана за властите и покажување сила од страна на демонстрантите е единствениот можен начин да се постигнат подобри протестни резултати, а со тоа и подобра отчетност. Додека дел од нив упатуваат на перформативната сила на масовните протести и на поимот „разјарена толпа" што го предизвикуваат, други укажуваат дека некои облици насилство би биле легитимен дел од протестната стратегија. Дел од соговорниците во Македонија предочуваат и дека ваквата сила може да се изрази преку истовремени, различни притисоци од различни граѓански протести. Некои од нив оценуваат дека неодамнешните истовремени иницијативи можеби имале преклопен позитивен ефект, со што ја натерале владата да отпочне разговори со студентите и да го ослободи новинарот Кежаровски од затвор. Дел од соговорниците во БиХ укажуваат дека начинот на којшто се одвивале скорешните протести во суштина се совпаѓа со продолжувањето на тековните владини практики, со оглед на тоа што функционерите сега се многу поподготвени за излегување на крај со слични граѓански бунтувања во иднина.

Соговорниците во БиХ се осврнале и на она што го согледале како пораст на граѓанската свест, граѓанското учество, емпатијата што ги обединила граѓаните наспроти етничките поделби, накусо – раскажувале за растот на политичката субјективност на граѓаните. Неколкумина соговорници сметаат и дека протестите го вратиле прашањето на социјалната правда и антикорупцијата во политичкиот дискурс, но од друга страна, пак, *Цвјетичанин* заклучува дека притоа зајакнал и националниот дискурс преку повикувањето на етнонационалните поделби во начинот на којшто функционерите, и делумно и медиумите, ги вкалапиле протестите.

3.3. Улогата на медиумите и комуникациските практики на новинарите

Заеднички заклучок во сите три извештаи од засебните земји е дека традиционалните медиуми се сметаат за неопходна комуникациска платформа во текот на протестите. Соговорниците во сите три земји укажуваат дека покриеноста во традиционалните медиуми е тесно поврзана со успешноста на протестите, поради нивната стожерна улога во ставањето одредени прашања на јавната агенда, подигнувањето на свеста и информирањето на граѓаните и најпосле, во одредувањето на подготвеноста на граѓаните да дејствуваат. Ова особено важи за телевизијата, која сè уште е главниот извор на информации за граѓаните во трите земји. Освен тоа, согледувањата од интервјуата спроведени во БиХ укажуваат дека медиумите одиграле клучна улога во згаснувањето на протестите.

Традиционалните медиуми првенствено се ценат поради потенцијалната можност да ги засилат гласовите на демонстрантите. Меѓутоа, во сите три земји владее генерална скепса околу известувањето на медиумите, која првенствено произлегува од согледаниот политички паралелизам во медиумскиот сектор, при што медиумските содржини главно се сфаќаат како израз на интересите на власта, на извесни политички партии и деловни центри кои ја одредуваат финансиската одржливост на медиумите. Мнозинството соговорници во БиХ, на пример, сметаат дека традиционалните медиуми покажале предрасуди против протестите и благонаклонетост кон владините извори и гледишта. Сепак, резултатите од анализата на содржините само делумно ја покажаа таквата пристрасност. Радиотелевизијата на Република Српска (РТРС) особено им била наклонета на официјалните извори поврзани со владата на Република Српска, а додека и во известувањето на другите два јавни радиодифузни сервиси БХРТ и ФТВ превладувало гледиштето на официјалните извори и фокусот врз протестното насилство, тие им обрнале и значително внимание на протестните барања и им овозможиле на граѓанското општество, на демонстрантите и на другите релевантни актери да го искажат своето мислење, особено во подоцнежните денови на протестите. Од значителниот фокус на официјалните извори произлегло и медиумското пренесување на спинови против протестите, кое се потпирало врз етнонационалните и ентитетските поделби, или врз известувања за наводното криминално однесување на демонстрантите. Меѓутоа, севкупните резултати од анализата на содржините на примерокот од БиХ не го потврдуваат превладувањето на официјалните извори на информации, со оглед на тоа што демонстрантите малку почесто се јавуваат како извори на информации во медиумите. Сепак, присуството на гласноговорници на демонстрантите само по себе не било показател за известување што им е нужно наклонето на целите на демонстрантите. Дури, во случајот во врска со хемиското оружје во Албанија, ставовите на демонстрантите биле далеку поприсутни во медиумите и, освен тоа, не била забележана нивна подреденост со оние ставови на владата.

Но, во случајот со студентските протести во Македонија, постоела јасна поделба меѓу двете групи медиуми, со што се потврдила генералната медиумска поларизација во земјата, како што заклучуваат авторите. Провладините медиуми наголемо ги врамувале протестите како инструментализирани од страна

на опозициската партија, додека протестните барања и мотиви претежно биле занемарени. Медиумите критички настроени кон владата на јавноста ѝ понудиле повеќе информации за протестите, им давале повеќе простор за израз на демонстрантите, претежно врамувајќи ги протестите како собири што ги обединиле над партиските и националните интереси.

Дел од соговорниците наведуваат и дека медиумското известување било под влијание и на други фактори, вклучително и на вообичаените модели на создавањето вести. Испитаниците во БиХ и Албанија упатуваат на моделите на создавањето вести во кои новинарите упатуваат на веќе познати извори, пренесуваат расположливи информации, но ретко се занимаваат со истражувачко новинарство. Во вакви околности, информациите се пренесуваат некритички и фактичката содржина повеќе зависи од динамиката на протестите и од комуникациските заложби на функционерите и демонстрантите отколку што вклучува очигледен уреднички ангажман. Ова е поткрепено со резултатите од интервјуата – во сите три земји медиумското известување во врска со протестите се восприема како површно, без длабинско информирање и подробно известување и/или суптилност во начинот на известување за релевантни прашања за протестите. Како што истакнува *Лондо*, наместо длабинско истражување, најзастапените облици биле медиумските дискусии и претставување на противставени мислења. Според изјавата на еден албански новинар: „Нашата работа завршува кога демонстрантите ќе си заминат, а ние трчаме да ја покриеме наредната приказна, без доволно време, напор, а понекогаш и волја или можност да проникнеме подлабоко во приказната".[46] *Лондо* и *Цвјетичанин* ги наведуваат и рутинските практики како можна причина што демонстрантите коишто почесто се појавувале во медиумите всушност биле претставници на граѓански организации што учествувале во протестите, или други лица што веќе им се познати на медиумите, додека лицата што не биле на сличен начин изложени во јавноста поретко биле контактирани како извори. Друга причина што ја наведуваат авторите е неволноста на демонстрантите да се појават во медиумите. Најпосле, некои од обележјата на протестите може да им бидат и од полза во согласност со медиумската логика. *Лондо* особено ја наведува масовноста на протестите како фактор што привлекува внимание од медиумите. Насилството како да има двозначен ефект: од една страна обезбедило целосно медиумско внимание во февруарските протести во БиХ, од друга – неговиот силен одглас во медиумските известувања дури и откако стивнало можеби влијаел врз тековните протестни пораки. Недостигот од ресурси и капацитети на медиумите само неколкумина соговорници го споменуваат како можен причинител за недоволно длабинското и квалитетно известување, но генерално не се смета за пресуден. Најпосле, соговорниците од БиХ предочуваат дека некои од причините што медиумите не се поставиле соодветно биле поврзани и со предизвиците што произлегуваат од комплексноста на Февруарските протести, од бројните случувања и поради тоа што демонстрантите не секогаш јасно ги срочувале барањата што се однесувале на сложени прашања.

46 Интервју со Клевис Салиај, ATH ТВ.

Авторите на извештајот за БиХ ја истакнуваат и разликата во тоа како испитаниците гледаат врз улогата на медиумите. Дел од соговорниците, меѓу кои повеќето новинари, навестуваат дека улогата на медиумите е да обезбедат објективно известување, „без заземање страни", и да прикажат „повеќе гледишта". Други испитаници, пак, навестуваат дека медиумите на некој начин треба „да заземат страна" и да покажат отчетност за јавното добро, т.е. да понудат ангажирани извештаи за протестите.

Во сите три земји, особено некои медиумски платформи на интернет се пофалени за релевантниот придонес кон севкупната комуникација за протестите, т.е. за поголемото внимание врз протестите (како интернет-медиумите *Репортер* во Албанија, или *Журнал*, *Дбраш медија* и други во БиХ). Авторите на извештајот за Македонија ги наведоа и медиумите на интернет *Нова ТВ* и *Плусинфо* и телевизиските станици *Телма* и *Алсат-М* како платформи што понудиле повеќе информации за протестите.

Резултатите од истражувањето генерално упатуваат на разликите во професионалноста на медиумите во трите земји. Споредбата со другите два протестни случаи покажува и разлики во медиумското известување и во дадената земја. Разликите во тоа како медиумите известувале за протестите донекаде биле резултат на различната динамика на комуникацијата за време на протестите, вклучително и на начинот на којшто функционерите комуницирале или не и начинот на којшто демонстрантите ги искористиле можностите за комуникација. Особено, невообичаено коректното известување за протестите во врска со хемиското оружје во Албанија донекаде било резултат на околностите во кои комуникацијата од функционерите речиси сосем изостанала, што им овозможило на демонстрантите да заземат поголем дел од медиумскиот простор.

3.4. Социјалните медиуми – контроверзен пандан на традиционалните медиуми

Истражувањата за сите три земји упатуваат на важноста на социјалните медиуми, особено на Фејсбук, за информирање и мобилизирање на луѓето за протест. Вообичаено било да се појават неколку профили на Фејсбук за време на одреден протест, при што еден-два профила се развиле во главни референтни центри каде што поединците и заедниците добивале најнови информации. На пример, во Албанија, Сојузот против увозот на ѓубре (АКИП) станал видлива референца на Фејсбук, поврзал еколози и групи за борба за човекови права, ја информирал заедницата за најновите случувања, но предлагал и понатамошни чекори што движењето треба да ги преземе за да напредува, т.е. конечно да го спречи можното демонтирање хемиско оружје во Албанија.

За повеќето протестни случаи било типично да се намножат профили на Фејсбук; обично неколку биле функционални и собирале различни групи со слични интереси. Ова може да се протолкува како одраз на аморфните движења што вклучуваат многу луѓе без воспоставено формално раководство. Ако

еколошките активисти подиректно целеле кон стручната јавност во Албанија, профилот што го отвориле неколкумина студенти прераснал во главната страница што мобилизирала поголема маса, т.е. „милион Албанци против уништувањето на хемиско оружје во Албанија".

Меѓутоа, осврнувајќи се на улогата на социјалните мрежи во протестните случаи во сите три земји, соговорниците ја сметале покриеноста од традиционалните медиуми за суштинска алатка за пренесување на протестите до јавноста, препознавајќи ги досегот и влијанието на телевизиската комуникација во регионот. Важноста на комуникацијата преку телевизија во сите три земји во одредени пригоди ја препознале и активистите чија комуникација потоа ги опфатила можностите по целиот континуум меѓу традиционалните и новите медиуми – додека биле активни во своите интернет-заедници, демонстрантите соработувале и со традиционалните медиуми во обид да ги обликуваат начините на кои се претставуваат протестите.

Групите и профилите на Фејсбук самите по себе не биле од интерес за традиционалните медиуми, ниту, пак, содржините преземени од овие платформи се сметале за доволни за поволно и суштинско претставување на протестите. И покрај тоа, медиумите во извесна мера го користеле Фејсбук како извор на информации за протестите, но и самите активисти вложувале напори да им се слушне гласот и на традиционалните медиуми. Прикажувањето на протестите истакнато преку социјалните мрежи придонело за мобилизацијата на протестите, додека за телевизиските известувања сè уште се сметало дека ја создаваат стварноста и со тоа играат стожерна улога во одвивањето и исходот на граѓанските протести. Така, соговорниците во сите три држави кон социјалните медиуми главно гледале како кон алатка за мобилизација. Ако на традиционалните медиуми им треба време да ги оформат вестите, профилите на Фејсбук биле „пред времето", постојано споделувајќи непосредни информации. Активистите од студентските движења во Македонија и Албанија, на пример, ја истакнале ваквата улога на социјалните мрежи, осврнувајќи се на нив како на главен облик на комуникација за организирање и мобилизација за протестни дејствувања.

Освен што служел како организациска платформа, Фејсбук се користел и за ширење различни мислења и гледишта за значењето на протестите, т.е. профилите на Фејсбук граделе посебни претстави за протестите, обично истакнувајќи ја важноста на целта на протестите за поширокаата јавност.

Во некои пригоди претставувањата на социјалните мрежи експлицитно се противставувале на претставите во традиционалните медиуми: на пример, повремено во протестите во БиХ кога традиционалните медиуми претежно ги врамувале протестите како облик на насилство. Освен тоа, социјалните мрежи им се противставувале на претставувањата во традиционалните медиуми и со критикување на веродостојноста на некои од вестите – во Сараево демонстрантите повикувале да не им се верува на вестите за пленумите доколку не се потврдени на официјалната интернет-страница на пленумот. Оттука, ако се споредат традиционалните со медиумите на интернет, рамките на претставување

честопати се разликуваат – ако во традиционалните медиуми превладувале насилните рамки, тогаш случаите на полициска бруталност биле пренесени на платформите на социјалните мрежи. Платформите на социјалните мрежи понекогаш се јавувале како единствениот можен медиумски простор каде што се известувало за случаите на полициска бруталност. Традиционалните медиуми ја избегнувале темата, додека личните сведоштва и граѓанските наводи биле единствените докази за полициската бруталност.

Социјалните мрежи се јавиле како простори што нудат алтернативни наративи. Сепак, како што тврдат некои од соговорниците, информациите на овие платформи не секогаш биле веродостојни бидејќи не ги исполнувале новинарските стандарди и биле создадени од непознати лица. Оттаму, некои не ги сметале информациите на платформите за нужно веродостојни. Исто така, според тврдењата на дел од испитаниците во БиХ, платформите понекогаш биле преземени од политичките партии што се инфилтрирале во мрежите. Државното следење на комуникациите било спомнато како потенцијална закана за комуникацијата преку социјалните мрежи и во БиХ и во Македонија, со забелешка дека треба да се соочиме со фактот дека државните или партиските кодоши во денешно време наголемо се присутни на интернет.

3.5. Комуникациските практики на граѓаните/демонстрантите

Соговорниците што се осврнуваат на Февруарските протести во БиХ, но делумно и на случаите во сите три земји, ја истакнале дисперзираноста на комуникацијата на демонстрантите и активистите. Дисперзираната комуникација фактички го одразува општото отсуство на структура на протестите, нивната хоризонтална организација, како и отсуството на раководство или избрани претставници. Ваквите карактеристики на движењата понекогаш ја попречувале нивната комуникација со „трети страни".

Искуствата во сите анализирани случаи покажуваат дека традиционалните медиуми барале комуникација со гласноговорници и претставници на пленумите, како и информации што јасно ги дефинираат стратегиите на движењата, и сакале изразување доследни пораки. Сепак, стратегиите на функционирање на движењата можеби им оделе на штета поради тоа што не се приспособувале кон комуникациските модели на традиционалните медиуми, со што придонеле кон искривено претставување на протестните цели. Меѓутоа, тука не треба само да го критикуваме недостигот од професионалност кај движењата, туку и отсуството на разбирање и заложби од страна на медиумите да се приспособат кон околностите. Притоа, кога се осврнуваме на комуникациските практики на демонстрантите, не треба само да ја разгледуваме нивната комуникација туку да ја проследиме во однос на (недо)разбирањата со претставниците на традиционалните медиуми. Извештаите за засебните земји покажуваат како традиционалните медиуми во повеќе пригоди воопшто не се трудат да навлезат во суштината на идеите на движењата, туку често се задоволувале со контради-

кторни пораки без да се обидат да го истражат и да го разберат нивното значење. Некритичкото ширење политички спинови на штета на претставувањата на протестите особено се спомнува во БиХ. Биле забележани и случаи на новинари што презентираат вести демонстрантите да ги прикажат како слаби, неартикулирани, или случаи на медиуми што посочуваат кон познати личности во протестите, со цел да ја засенат важноста на протестите.

Исто така, треба да се спомнат и примерите што укажуваат на сојузништво меѓу демонстрантите и новинарите. Кога професионалните новинари биле и активни демонстранти (особено во протестите против апсењето на новинарот Кежаровски во Македонија), нивното сфаќање за протестите се покажало посеопфатно, а вестите поквалитетни.

Пропустите во разбирањето на протестите од страна на традиционалните медиуми влијаеле врз комуникациските стратегии на демонстрантите во однос на медиумите. Ако албанските случаи покажуваат силна посветеност на демонстрантите за соработка со новинарите, примерите од протестите во БиХ и Македонија покажуваат случаи кога демонстрантите одбивале да соработуваат со медиумите, поради претходни лоши искуства, а понекогаш и поради недостиг од комуникациско искуство и дополнителен страв од медиумско искривување, како во случајот со студентските протести во Македонија, па дури и страв од последици за својата безбедност или од губење на работните места (особено во БиХ). Студентските демонстранти во Албанија, на пример, биле практични во својот однос со медиумите – на медиумите гледале како на канал за ширење на информациите до јавноста. Заради ширење на информациите, извесни групи, како Движењето за универзитетот во Албанија, развиле стратегии на односи со јавноста и објавувале соопштенија за јавноста, одржувале контакти со новинари, разменувале информации, итн. Во случајот со протестите против демонтирањето на хемиско оружје во Албанија, претставниците на АКИП веќе биле во добри односи со медиумите и на тој начин обезбедиле слично медиумско покривање како она преку нивната страница на Фејсбук.

Други примери, како почетното однесување на Студентскиот пленум во Македонија, покажуваат обратна слика, т.е. демонстрантите воспоставиле интерна комуникација додека биле позатворени за комуникација со традиционалните медиуми. Но со текот на времето, Пленумот се отворил за контакти со медиумите, откако ја воочиле нивната важност за пренесување на своите цели и идеи во јавноста.

Дел од демонстрантите од БиХ ја нагласуваат важноста на визуелниот идентитет на Февруарските протести, којшто го сметале за недоволно нагласен, особено во споредба со моќното визуелно претставување на протестите околу ЕМБГ (тупаница што излегува од бебешка цуцла). Притоа, визуелниот идентитет на одредени пленуми и визуелните производи што ги споделувале демонстрантите како да не биле доволно привлечни за медиумите, па не можеле да ги истиснат сликите на насилство што превладувале во медиумските претставувања на протестите.

4. ЗАКЛУЧНИ СОГЛЕДУВАЊА

Комуникациските предизвици во текот на протестите се бројни и за демонстрантите и за медиумите и некои од нив се тесно поврзани со суштинските карактеристики на протестите, како хоризонталните линии на комуникација и отсуството на организациски структури кај демонстрантите, понекогаш и непостоење на претставници на протестите, учество на групи со многубројни идентитети и интереси, а со тоа и разноликост и недоследност на протестните пораки, во други случаи и недостиг од искуство во комуникацијата со медиумите. Од друга страна, пак, системските препреки вкоренети во самиот медиумски систем се поврзани со политичкиот паралелизам, што се смета за доминантна појава во сите три земји и значително влијае врз начинот на којшто медиумите известуваат за протестите. Додека некои од протестите генерално добиле поповолна медиумска покриеност од другите, се чини дека таа била поврзана со фактот дека протестите не содржеле силна критика на власта. Таков бил на пример, случајот со протестите сосредоточени врз спречувањето на демонтирање на хемиско оружје во Албанија, кои се фокусирале врз конкретни прашања/случаи и биле помалку антивладини. За споредба, протестите одржани во февруари 2014 година во БиХ како и студентските протести во Македонија, кои опфаќале жестоки критики кон власта, добиле поконтроверзна медиумска покриеност. Во контекст на протестите за хемиското оружје во Албанија, доминантното медиумско врамување во голема мера се совпаѓало со тврдењата на демонстрантите – можноста за демонтирање на хемиското оружје била врамена како *безбедносна закана* – што било делумно овозможено бидејќи критиката за власта била ограничена само во нивната комуникација за време на овие протести. Во анализираните протести во Македонија и БиХ, пак, доминантното медиумско врамување наголемо отстапува од она што го изразуваат демонстрантите и подразбира вкоренети стратегии на делегитимизација, првенствено преку рамка на политичка инструментализација на протестите. Конкретниот облик на оваа општа рамка зависела од доминантната идеологија во земјата. Додека во Македонија врамувањето се темелело врз тврдења за партиско-политичка определба на демонстрантите, во БиХ почесто имало облик на тврдења за етнополитичка инструментализација, т.е. прикажување на протестите како напад врз националните интереси на една од трите доминантни етнонационални групи или врз нивото на власта тесно поврзано со идентитетот и интересите на дадената група.

Накусо, резултатите од анализата во трите земји потврдија дека медиумските реакции на протестите не отстапуваат од вообичаените модели обележани од политичката определба и клиентелизмот. Дури и кога одреден медиум обезбедил професионално известување за протестите и им овозможил на демонстрантите да ги искажат своите барања, медиумските извештаи се сметаат за површни, без длабински согледувања, анализи и суштински барања за владина отчетност.

Наместо да нудат сеопфатен увид во прашањата важни за неодамнешните протести, медиумите претежно се однесувале како платформа за противставе-

ни гласови, со помала или поголема наклонетост кон едниот или другиот. Начините на кои се известувало за протестите се разликувале и во секоја поединечна земја и меѓу трите земји, при што се движеле од провладина пристрасност, преку површно известување (во сите три земји), до известување што ги поддржува протестите.

Карактеристиката на протестите што се совпаѓала со медиумската логика во таа мера за да обезбеди медиумска покриеност (иако не нужно и нејзин квалитет) главно била нивната масовност – колку протестите биле помасовни, толку помала била веројатноста да бидат игнорирани од медиумите. Масовноста и самата по себе претставувала силна медиумска порака. Уште една карактеристика на Февруарските протести во БиХ – штетата на државниот имот во првите денови од протестите – го привлекла целосното внимание на медиумите. Ова, всушност, можеби било штетно за севкупното претставување на протестите, со оглед на тоа што прашањето на насилството, особено во визуелното претставување, опстанало во медиумите до крајот на протестите и можеби ги засенило подоцнежните протестни пораки.

Покрај тоа, додека во БиХ имало палета на различни медиумски пристапи кон протестите, кои се движеле од провладина фаворизација, преку нешто поурамнотежен пристап до поволно претставување на Февруарските протести, во Македонија авторите забележале поделба во начинот на којшто медиумите известувале за студентските протести, со провладините медиуми на едната страна, а медиумите критички настроени кон власта од другата, при што второриве нуделе повеќе информации за протестите и ги пренесувале ставовите на демонстрантите.

Платформите на интернет (социјалните мрежи и некои интернет-страници) се посочени како простор што понудил повеќе можности за самостојна медијација од страна на демонстрантите и за прикажување на протестите независно од владините претставувања. Наведени се примери во кои платформите на интернет биле единствените извори на информации за полициска бруталност, меѓу другото. Комуникацијата преку платформите на интернет, првенствено преку групи на Фејсбук и протестни интернет-страници, се покажала клучна за ширењето информации меѓу учесниците на протестите и за мобилизација за протестни дејства. Меѓутоа, освен овие непосредни резултати, се чини дека интернет-платформите имаат ограничено влијание во поглед на градењето значења, т.е. за врамувањето на реалноста, со што се потврдува дека традиционалните медиуми, претежно телевизијата, сè уште играат пресудна улога. Интервјуираните соговорници, вклучително и самите демонстранти, се сосем свесни колку е важно да го привлечат вниманието на медиумите за протестите да имаат поголем ефект и да бидат долгорочно одржливи.

Ниеден од истражувачките извештаи за засебните земји не укажуваат на значајна промена во отчетноста на функционерите во текот на поновите протести, или во начинот на којшто се дискутира за отчетноста во јавната сфера. Реакциите на протестите од страна на функционерите биле далеку од пожелни – од целосен молк и игнорирање на протестите (особено во врска со најавената

можност за демонтирање хемиско оружје во Албанија) до тврдења за политичка инструментализација (во БиХ и Македонија) и спинови (во БиХ: криминализација, посочување проблеми само кај „други" управни единици и етнички заедници, тврдења дека се напад врз државата, ентитетот или кантонот), и најпосле до присвојување на протестната агенда (при што некои функционери во БиХ дури и декларативно ги поддржале протестните барања, без да преземат политички дејства за да ги исполнат). За време на протестите, функционерите речиси исклучиво се впуштале во еднонасочна комуникација (соопштенија, телевизиски гостувања, објави на Фејсбук), со само неколку примери на влегување во непосредни разговори со демонстрантите или учествување во интерактивни медиумски формати. Исто така, за медиумите се наведува дека, во најмала рака, не се покажале на висина на задачата, некритички пренесувале проблематични изјави и не се потрудиле активно да ја преиспитаат владината отчетност во контекст на бунтувањето на граѓаните. Накусо, резултатите од истражувањето укажуваат дека реакцијата на протестите и на медиумите и на властите била мошне системска, при што ни едните ни другите не постапувале во интерес на јавноста, ниту поттикнувале владина отчетност.

Во сите три земји опфатени со истражувањето, самото тоа што воопшто биле организирани протести било дочекано како демократски напредок. Соговорниците го препознаваат потенцијалниот извор на моќ во комуникациските можности и на традиционалните и на алтернативните медиумски платформи. Во рамките на ограничените комуникациски можности, демонстрантите во некои случаи нашле начини да ги искажат своите ставови и да ги преиспитаат доминантните врамувања. Во Албанија, можноста делумно произлегла од молкот на властите во првите денови од протестите во врска со демонтирањето на хемиско оружје, што им оставило поголем простор на демонстрантите да ги изразат своите тврдења во традиционалните медиуми. Во случајот со Февруарските протести во БиХ, некои медиуми биле посочени како наклонети на протестите. Демонстрантите во голема мера сметале на нив за пренесување на информациите што ги игнорирало мнозинството медиуми. Со цртање кругови околу своите фотографии на Фејсбук, демонстрантите во Македонија ја имитирале стратегијата на провладините медиуми во обидот да ги етикетира како политички инструментализирани, при што на едноставен начин алатката за дискредитација ја преобразиле во алатка за самостојна медијација и себепромоција. Беа забележани и примери на успешна комуникација и обиди да се користат различни комуникациски платформи, како и да се воведат нови облици на протест (претежно во форма на Пленуми), што придонесува кон „културолошка блискост" (Tarrow, 2011) и што може позитивно да влијае врз идни граѓански иницијативи. Одредени можности, но и низа ограничувања кои може да служат како подлога за идните граѓански протести беа исто така забележани. Во случај на идни граѓански протести, кои некои соговорници ги сметаат за неизбежни (особено во БиХ и Македонија), демонстрантите веројатно ќе се соочат со слични предизвици околу градењето значења и искористувањето на комуникациските можности со постојните системски ограничувања. Авторите на извештаите за засебните

земји нудат препораки за сите релевантни чинители: медиумите, политичките функционери и самите демонстранти, но овие препораки се изнесени со силна резерва, со оглед на тоа што веројатноста да се применат зависи од постојното политичко и медиумско опкружување, како и од степенот до којшто нивото на организација на протестната иницијатива дозволува промисленост и стратешки пристап кон комуникацијата. На крајот, суштински промени се можни само во услови на значајни општествени и медиумски реформи.

Библиографија

Althusser, L. (1970) 'Ideology and Ideological State Apparatuses', *Lenin and Philosophy and Other Essays.*

Cammaerts, B. (2012) 'Protest Logics and Mediation Opportunity Structure', *European Journal of Communication* 27(2), 117-134. London: Sage.

Cammaerts, B. and Carpentier, N. (2007) *Reclaiming the Media: Communication Rights and Media Roles.* Bristol: Intellect Books. pp. 265-288.

Cammaerts B. and Carpentier, N. (2009) 'Blogging the 2003 Iraq War: Challenging the Ideological Model of War and Mainstream Journalism?' *Observatorio* 3(2): 1–23.

Bennett, L.W., Breunig, C. and Givens, T. (2008) 'Communication and Political Mobilization: Digital Media Use and Protest Organization among Anti-Iraq War Demonstrators in the U.S. Political Communication' 25(3): 269–289.

Benford, R.D. and Snow, D.A. (2000) 'Framing Processes and Social Movements: An Overview and Assessment', *Annual Review of Sociology* 26: 611–639.

Blee, K. M. (2012) *Democracy in the Making: How Activist Groups Form.* Oxford, England; Malden, MA: Oxford University Press.

Couldry, N. and Hepp, A. 2013, 'Conceptualizing Mediatization: Contexts, Traditions, Arguments', *Communication Theory.* Volume 23, Issue 3, pp. 191-202

Della Porta, D. and Diani, M. (2006) *Social Movements: An Introduction.* Oxford and Victoria: Blackwell Publishing.

Deluca, K.M. (2005) *The New Rhetoric of Environmental Activism.* Guilford Press.

Deluca, K.M. and Peeples, J. (2002) 'From Public Sphere to Public Screen: Democracy, Activism, and the 'Violence' of Seattle', *Critical Studies in Media Communication* 19(2): 125–151.

Dekić, S. (2010) 'Queer Online ': Queer Community on Internet and Activism in Croatia, Serbia and Bosnia and Herzegovina', in: Hodžić E., Jusić, T. (eds.) (2010) *Against the Margins: Minority and Media in SEE.* Mediacentar Sarajevo.

Donson, F., Chesters, G., Welsh, I. and Tickle, A. (2004) 'Rebels with a Cause, Folk Devils without a Panic: Press Jingoism, Policing Tactics and Anti-capitalist Protest in London and Prague', *Internet Journal of Criminology.* www.internetjournalofcriminology.com.

Edelman, M. J. (1993) 'Contestable Categories and Public Opinion', *Political Communication*, 10(3), 231-242.

Eldridge, J. (1995) *Glasgow Media Group Reader, Volume One: News Content, Language and Visuals.* London: Routledge.

Entman, R. M. (1993) 'Framing: Toward Clarification of a Fractured Paradigm', *Journal of Communication, 43(4).*

Entman, R. M., & Rojecki, A. (1993) 'Freezing out the Mublic: Elite and media Framing of the U.S. Anti-nuclear Movement'. *Political Communication, 10(2),* 151-167.

Gamson, W. (1992) *Talking Politics.* New York: Cambridge University Press.

Gamson, W. A., Wolfsfeld, G. (1993) 'Movements and Media as Interacting Systems', *Annals of the American Academy of Political and Social Movements,* 526, 114–27.

Girling, J. (2004) *Social Movements and Symbolic Power Radicalism, Reform and the Trial of Democracy in France.* Palgrave Macmillan.

Gitlin, T. (1980) *The Whole World is Watching: Mass Media in the Making & Unmaking of the New Left.* Berkeley/London: University of California Press.

Goffman, E. (1974) *Frame Analysis.* New York: Free Press.

Jusić, T. (ed.) (2010) *Communication and Community: Citizens, Media and Local Governance in Bosnia and Herzegovina.* Mediacentar Sarajevo.

Halloran, J.D., Elliott, P. and Murdock, G. (1970) *Demonstrations and Communication: A Case Study.* Harmondsworth: Penguin Books.

Hurwitz, R. (2003) 'Who Needs Politics? Who Needs People? The Ironies of Democracy in Cyberspace', in Jenkins, H. and Thorburn, D. (ed.) *Democracy and New Media*. MIT Press: Cambridge, Massachusetts, London.
Jenkins, H. and Thorburn, D. (ed.) 2003. *Democracy and New Media*. MIT Press, Cambridge, Massachusetts, London.
Johnston and Klandermans (ed.) (1995) *Social Movements and Culture*. Minneapolis: University Minnesota Press
Lievrouw, L. (2011) *Alternative and Activist New Media*. Cambridge, England: Polity.
Lipschutz, R.D. (2005) 'Networks of Knowledge and Practice: Global Civil Society and Global Communications', in De Jong ,W., Shaw, M. and Stammers, N. (eds.) *Global Activism, Global Media*. London: Pluto, 59–80.
Livingstone, S. (1990) *Making Sense of Television: The Psychology of Audience Interpretation*. Oxford: Pergamon Press.
Mattoni, A.., and Trere, E. (2014) 'Media Practices, Mediation Processes, and Mediatization in the Study of Social Movements', *Communication Theory*, 24, 252–271.
Mazzoleni, G., Schulz, W. (1999) '»Mediatization« of Politics: A Challenge for Democracy?', *Political Communication* 16(3): 247-262.
McChesney, R.W. (2008) *The Political Economy of Media: Enduring Issues, Emerging Dilemmas.*
New York: Monthly Review Press.
McCurdy, P. (2010) 'Breaking the Spiral of Silence: Unpacking the 'Media Debate' within Global
Justice Movements. A Case Study of Dissent!', *Interface: A Journal for and about Social Movements* 2(2): 42–67.
McGee, M. (1975) 'In Search of the 'The People': A Rhetorical Alternative', *Quarterly Journal of Speech* 61.3 (1975): 235- 249.
Melucci, A. (1996) *Challenging Codes: Collective Action in the Information Age*. Cambridge: Cambridge University Press.
Mondak, J., Gearing, J. and Adam, F. (1998) 'Civic Engagement in Post-Communist State', Political Psychology, 19(3).
Mossberger, K., Tolbert, C.J., McNeal, R.S. (2008) *Digital Citizenship: the Internet, Society and Participation*. MIT Press. Massachusetts/London.
Morozov, E. (2009) 'The Brave New World of Slacktivism', *Foreign Policy*, 19 May.
http://www.npr.org/templates/story/story.php?storyId=104302141
Opp, Karl-Dietter (2009) *Theories of Political Protests and Social Movements: A Multidisciplinary Introduction, Critique and Synthesis*. London and NewYork: Routledge.
Petković, B. (ed.) (2014) *Media Integrity Matters: Reclaiming public service values in Media and journalism*. Ljubljana: Peace institute.
Schlosberg, J. (2013) *Power Beyond Scrutiny: Media, Justice and Accountability*. London: Pluto Press.
Shah, D., Cho J., Eveland, W. and Kwak N. (2005) 'Information and Expression in a Digital Age: Modeling Internet Effects on Civic Participation', *Communication Research*, Year 32, no. 5 (October), Sage Publications.
Silverstone, R. (2002). 'Complicity and Collusion in the Mediation of Everyday Life', *New Literary History*, 33(4), 761–780.
Tarrow, S.G. (2011) *Power in Movement: Social Movements and Contentious Politics* (Third Edition). Cambridge University Press.
Verloo, Mieke (2005) 'Mainstreaming Gender Equality in Europe. A Critical Frame Analysis', *The Greek Review of Social Research* 117 (B): 11–35.
Van Zoonen, E.A. (1992) 'The Women's Movement and the Media: Constructing a Public Identity',
European Journal of Communication 7(4): 453–476.
Wilhelm, A.G. (2000) *Democracy in the Digital Age: Challenges to Political Life in Cyberspace*. Routledge: New York/London.
Media Sustainability Index Reports, Irex:
https://www.irex.org/projects/media-sustainability-index-msi

МАКЕДОНИЈА

ЗДРУЖЕНИ ЗА ПРОМЕНИ: ВРАЌАЊЕ НА ВЛАДИНАТА ОТЧЕТНОСТ ПРЕКУ ГРАЃАНСКИ ПРОТЕСТИ

Бојан Георгиевски, Дејан Андонов, Жанета Трајкоска
Висока школа за новинарство и односи со јавноста

ВОВЕД

Овој извештај ги прикажува наодите од истражувањето на комуникациските практики употребени за време на некои од граѓанските протести одржани во Македонија во 2014 и 2015 година. За да понудиме поширок контекст, прво ќе ги резимираме главните карактеристики на медиумскиот сектор во Македонија, целокупните комуникациски стратегии на Владата и поголемите граѓански протести во Македонија во последните две децении. Откако ќе ја образложиме методолошката рамка, ќе расправаме за наодите од примарното истражување. Најпосле ќе дадеме кус преглед на главните заклучоци од истражувањето и ќе понудиме препораки за чинителите опфатени со ова истражување.

1. МЕДИУМСКО ОПКРУЖУВАЊЕ РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА: СОСТОЈБА НА ДЛАБОКА ПОДЕЛЕНОСТ

Медиумите во Македонија се длабоко поделени во однос на нивната политичка наклонетост. Поголемиот број на медиуми се сметаат за провладини, а мал број медиуми критички настроени кон владата. Ова се наведува како голема препрека за медиумскиот развој во многубројни извештаи и анализи на македонски граѓански организации и на меѓународни организации.[47] Наклонетоста на медиумите кон владата може делумно да се објасни со нивната зависност од државното финансирање, претежно преку рекламирањето на државните институции.[48] Политичкото влијание врз уредувачката политика на македонските медиуми преку владиното рекламирање и други видови финансиски поттик е вообичаена практика.[49] Државата е еден од најголемите огласувачи во медиумите во Република Македонија, а беше најголемиот огласувач, без конкуренција, во приватните медиуми во 2013 година.[50] Според некои процени,[51] севкупниот рекламен пазар на Македонија изнесува меѓу 35,1 и 47,4 милиони евра годишно, а на телевизиите отпаѓаат 80-85 проценти од тој пазар. Официјалните податоци за владиното трошење за рекламирање повеќе години беа непознати за јавноста.[52] Меѓутоа, по силните притисоци од домашните организации и од меѓународната заедница, Владата во 2014 година објави информации за своите расходи за промотивни реклами и кампањи за подигнување на свеста.[53] Бројките покажаа дека, во 2012, 2013 и првите шест месеци од 2014 година, Владата потрошила околу 18 милиони евра на медиумски кампањи.

47 Според Референтната процена на медиумите на „Транспаренси интернешнал“ (ТИ), медиумите во земјава се поделени по политичка линија, при што мнозинството „ги поддржуваат актуелните власти“. Во Извештајот за спроведување на човековите права во Македонија од 2014 година, Бирото за демократија, човекови права и труд на Државниот секретаријат на САД забележа дека: „Поединците или организациите што се сметаат блиски до сегашната влада ги поседуваат повеќето традиционални медиуми,“ и ја нагласува поделбата на македонските медиуми по етничка и по политичка линија. Освен тоа, Извештајот наведува дека постојат ограничен број независни медиумски гласила што активно изразуваат разновидни гледишта без ограничувања. Во Индексот на одржливост на медиумите од 2015 година е посочено дека македонските медиуми се поделени во два табори: „критички“ и „провладини“. За повеќе информации, проверете во: Анализа на македонските медиуми, Транспарентност Македонија (ТМ): http://www.transparency.mk/en/index.php?option=com_content&task=blogsection&id=6&Itemid=36; Извештајот за спроведување на човековите права на Државниот секретаријат на САД од 2014 година: http://www.state.gov/j/drl/rls/hrrpt/humanrightsreport/#wrapper; Индекс на одржливост на медиумите во Европа и Евроазија (Македонија) за 2015 година: https://www.irex.org/sites/default/files/2015-msi-macedonia.pdf.

48 Видете ги, на пример, забелешките за посредната владина контрола врз медиумите преку рекламирањето во најновиот Извештај за напредокот на Македонија кон ЕУ, достапен на: http://ec.europa.eu/enlargement/pdf/key_documents/2014/20141008-the-former-yugoslav-republic-of-macedonia-progress-report_en.pdf, стр.12

49 Мицевски, И. и Трпевска, С., Зошто е важен интегритетот на медиумите: Македонија, Медиумска опсерваторија на Југоисточна Европа, 2014, http://mediaobservatory.net/

50 Анализа на пазарот на радиодифузна дејност на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги од март 2014 година, http://www.avmu.mk/images/Analysis_of_the_broadcasting_market_for_2013.pdf

51 Индекс на одржливост на медиумите во Европа и Евроазија за 2015 година (Македонија). Достапен на: https://www.irex.org/sites/default/files/u105/EE_MSI_2014_Macedonia.pdf

52 Неизвесностите околу паричните износи од државниот буџет доделени на медиумите беа тема на дискусија во неколку статии на неделниците Фокус и Капитал, како и во други критички настроени медиуми на интернет (на пример, НоваТВ – novatv.mk).

53 http://vlada.mk/node/9241

Уште во Извештајот за напредокот на Македонија кон ЕУ од 2009 година, Европската комисија (ЕК) изрази загриженост дека постои опасност државното рекламирање да ја „поткопа уредувачката независност".[54] Извештајот за напредокот на Македонија кон ЕУ од 2015 година[55] истакнува дека сè уште нема систематски или детален отчет за владиното рекламирање, иако тоа има огромно влијание врз медиумскиот пазар. По серијата критики упатени од Европската Унија, Владата во 2015 година реши да ги запре медиумските кампањи како *Пушењето е штетно за здравјето* и *Јадете здраво*. Ова следуваше откако ЕК ѝ достави на Владата список со „итни реформи"[56] што требаше да се спроведат, сосредоточени врз деполитизацијата на јавната администрација, слободата на изразувањето и изборните реформи.[57]

Зависноста на медиумите од државниот буџет ги направи нивните редакции и новинари поподложни на влијание од владејачката партија. Во вакви околности, на малиот медиумски пазар во Македонија, на медиумите им е тешко да опстанат доколку не ги усогласат своите интереси со оние на владејачките партии и на крупните бизниси поврзани со нив. Како што посочуваат заклучоците од истражувањето *Зошто е важен интегритетот на медиумите* од 2014 година, Владата не е сопственик на овие медиуми, но „тоа е непотребно бидејќи сопствениците на медиумите се нејзините директни клиенти".[58] Оттука произлегува состојба во која медиумите и политичките институции се во клиентелистичка врска, која ја ослабнува улогата на медиумите како чувари и заштитници на јавниот интерес.

Перцепцијата на граѓаните во Македонија е дека степенот на корумпираност на медиумите е мошне висок. Според извештајот на „Транспаренси интернешнал" од 2014 година, 60% од граѓаните сметаат дека, општо земено, медиумите не информираат „објективно". Секој четврти граѓанин смета дека медиумите претежно не ја исполнуваат својата одговорност објективно да пренесуваат вести, пред сè за политичките прашања. Над 80% од граѓаните целосно се согласуваат со тврдењето дека медиумите претставуваат продолжена рака на политичките партии; дека постои поврзаност меѓу бизнисот, политиката и медиумското сопственишство; и дека средствата за јавните кампањи на Владата служат за корумпирање (купување поддршка) на медиумите. Најпосле, сметаат дека и средствата наменети за промоција на партиските политики служат за корумпирање на медиумите.[59]

54 Извештај на Европската комисија за напредокот на Македонија, 2009: http://ec.europa.eu/enlargement/pdf/key_documents/2009/mk_rapport_2009_en.pdf

55 Извештај на Европската комисија за напредокот на Македонија, 2015: http://ec.europa.eu/enlargement/pdf/key_documents/2015/20151110_report_the_former_yugoslav_republic_of_macedonia.pdf

56 Итни реформски приоритети за Република Македонија, 2015: http://ec.europa.eu/enlargement/news_corner/news/news-files/20150619_urgent_reform_priorities.pdf

57 Во склоп на реформите, Европската комисија побара од Владата да воспостави „строги правила за владиното рекламирање", да обезбеди „целосна транспарентност на владиното рекламирање" и да развие „механизам за бесплатни реклами од вистински јавен карактер".

58 Мицевски, И. и Трпевска, С., Зошто е важен интегритетот на медиумите, 2014. Достапно на: http://mediaobservatory.net/sites/default/files/macedonia.pdf

59 Сè на сè, резултатите од индексот на перцепција на корупцијата на ТИ покажуваат дека Македонија спаѓа во делумно корумпираните држави. Во 2013 и 2014 година, резултатот на Македонија изнесуваше 44, односно 45, на скала од 0 (силно корумпирана) до 100 (мошне чиста). За повеќе информации, погледнете во: https://www.transparency.org/cpi2014/results

Околностите што овозможуваат корумпирани односи меѓу медиумите, политиката и бизнисот се меѓу првичните причини за ерозијата на медиумските слободи и недостигот од медиумски плурализам во Македонија, и покрај постоењето на голем број медиуми. Лошата економска состојба на медиумите, ниските плати на новинарите,[60] неизвесноста на работата, недоволните кадровски ресурси и неисполнувањето на улогата на јавниот радиодифузен сервис придонесуваат кон таквата состојба. На ранг-листата на Индексот на слободата на медиумите во светот на „Репортери без граници" за 2014 година, Македонија падна на 123-то, од 34-тото место што го заземаше во 2009 година[61] додека „Фридом хаус" постојано ги намалува оценките за слободата на медиумите и печатот во Македонија. И извештаите за напредокот на Македонија кон ЕУ упорно укажуваат на опаѓање на медиумските слободи во земјата во текот на последните неколку години. Како што е наведено во Извештајот за напредокот од 2014 година, тоа што традиционалните медиуми не ѝ обезбедуваат на јавноста „точни и објективни информации" води до „отсуство на информирана јавна дебата".[62]

Поделеноста на медиумите беше особено воочлива во текот на неодамнешните предизборни кампањи. Според извештајот од Мисијата за набљудување на изборите (МНИ) на ОБСЕ/ОДИХР за претседателските и парламентарните избори од април 2014 година, мнозинството медиуми во Македонија биле пристрасни кон владејачката партија, и во поглед на обемот и во тонот на известувањето.[63]

Еден од најштетните аспекти на медиумската поларизација во земјава е провладината пристрасност на уредувачката политика на *МРТ*, македонскиот јавен радиодифузен сервис. Извештајот на ЕК за напредокот на Македонија кон ЕУ од 2015 година наведува дека *МРТ* не ја информирала јавноста за прашања од јавен интерес на балансиран и неселективен начин.[64] Според анализата на медиумите на ТИ од 2014 година, *МРТ* „не си ја исполни обврската да обезбеди непристрасна и објективна покриеност на предизборната кампања".[65] Иако известувањето на *МТВ1* околу изборите се фокусирало речиси еднакво на владејачката партија ВМРО-ДПМНЕ (36%) и на најголемата опозициска партија

60 Прелиминарен извештај 3: Македонија, Медиумска опсерваторија на Југоисточна Европа. Достапен на: http://mediaobservatory.net/radar/flash-report-3-macedonia

61 Индекс на слободата на медиумите во светот, Репортери без граници. Достапен на: https://rsf.org/index2014/data/index2014_en.pdf

62 Извештај на Европската комисија за напредокот на Македонија, 2014, достапен на: http://ec.europa.eu/enlargement/pdf/key_documents/2014/20141008-the-former-yugoslav-republic-of-macedonia-progress-report_en.pdf, стр.12.

63 Во извештајот е наведено дека приватните радиодифузери ТВ Сител, Канал 5 ТВ и Алфа ТВ им посветиле значително поголема медиумска покриеност на предизборните активности на владејачката партија отколку на активностите на опозициската СДСМ. Покрај тоа, тонот на известувањето за време на изборите многу се разликувал, во зависност од тоа на која партија се однесувало. Извештајот забележува дека известувањето за активностите на ВМРО-ДПМНЕ било со позитивен или неутрален тон. Од друга страна, пак, најголемиот дел од известувањето за активностите на СДСМ било со претежно негативен тон. Еден од заклучоците на МНИ на ОБСЕ/ОДИХР е дека Сител, Канал 5 и Алфа често емитувале прилози со слична содржина, во кои се повикувале на анонимни извори, известувале негативно за активностите на СДСМ. В. Конечен извештај на Мисијата за набљудување на изборите на ОБСЕ/ОДИХР за претседателските и предвремените парламентарни избори, 13 и 27 април 2014 година, достапен на: http://www.osce.org/odihr/elections/fyrom/121306?download=true

64 Извештај на Европската комисија за напредокот на Македонија, 2015, достапен на: http://ec.europa.eu/enlargement/pdf/key_documents/2015/20151110_report_the_former_yugoslav_republic_of_macedonia.pdf.

65 Референтна процена на македонските медиуми, Транспаренси интернешнал, 2015. Достапна на: http://www.transparency.mk/en/index.php?option=com_content&task=view&id=526&Itemid=36

СДСМ (31%), тонот на известувањето јасно покажал поддршка за владејачката партија. Дури 46% од нивното известување за активностите на владејачката партија имале позитивен тон, т.е. честопати ги нагласувале нивните достигнувања и успеси. Од друга страна, 54% имале неутрален тон, т.е. немале пристрасност кон или фаворизирање на ниту една политичка партија. Колку за споредба, од севкупното известување за активностите на СДСМ, само 7% биле со позитивен тон, додека 19% биле критички настроени кон нејзините активности, а преостанатото известување било неутрално.[66]

Меѓутоа, има неколку приватни радиодифузери чие предизборно известување било непристрасно.[67]

1.1. Регулаторни реформи

Вршењето притисок врз властите да воведат соодветна правна рамка за медиумите претставуваше тешка битка и за медиумските здруженија и новинарите. Критичарите на реформите на медиумската регулатива од 2013 година[68] стравуваа дека новите закони дополнително ќе ја подријат медиумската слобода во земјата. Особено загрижувачки беа воведувањето прекумерни обврски за печатените и онлајн медиумите и институционалната рамка за новата Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, која овозможи нејзина владина контрола. По притисоците од новинарската фела, законите претрпеа измени, кои ги изседоа онлајн медиумите од регулативата, ги намалија обврските на печатените медиуми и му овозможија на Здружението на новинари на Македонија (ЗНМ) да именува еден од седумте членови на новата Агенција.

Сепак, законите поврзани со медиумите и понатаму се злоупотребуваат за вршење притисок врз новинарите. Иако навредата и клеветата беа декриминализирани во 2012 година, новинарите сè уште се соочуваат со високи парични казни за ваквите прекршоци. До крајот на 2014 година, до судовите биле поднесени околу 580 граѓански претставки за навреда и клевета, голем дел од нив против новинари.[69] Многу од овие случаи претставуваат закана за финансиската одржливост на засегнатите медиуми и новинари поради можните прекумер-

66 Исто.

67 Извештајот на ТИ утврди дека приватната телевизија Телма водела неутрална и објективна уредувачка политика за време на предизборната кампања, со рамноправен третман на сите претседателски кандидати, овозможувајќи им да ги пренесат своите пораки до гласачите. 24 Вести им посветила сличен удел од предизборното известување на ВМРО-ДПМНЕ (25%) и на СДСМ (24%). Ова го потврди и извештајот на МНИ на ОБСЕ/ОДИХР, во којшто беше забележано дека покриеноста што 24 Вести им ја обезбедила на овие политички партии претежно била со неутрален тон. Извештаите и на ТИ и на ОБСЕ/ОДИХР наведоа и дека и Алсат-М обезбедила балансирана покриеност на изборите, и дека за кампањите на сите партии известувала на „неутрален начин". Иако не го дефинираат прецизно значењето на поимите „неутрално" или „балансирано", „Транспарентност Македонија" во својот извештај наведува дека македонските медиуми се оценувани во согласност со „меѓународно признати професионални стандарди за новинарската етика", во кои спаѓаат и „непристрасноста" и „балансот".

68 Беа донесени два нови закони што ги уредуваат медиумите и аудиовизуелните услуги: Законот за медиуми и Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (Законот за АВМУ). Законот за АВМУ го замени Советот за радиодифузија со Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, нов надзорен орган за радиодифузните сервиси што има основни административно-надзорни овластувања врз печатените медиуми.

69 Извештај на Европската комисија за напредокот на Република Македонија, 2014, http://ec.europa.eu/enlargement/pdf/key_documents/2014/20141008-the-former-yugoslav-republic-of-macedonia-progress-report_en.pdf стр. 46

ни казни. Во септември 2014 година, Апелациониот суд ја потврди пресудата со која неделникот *Фокус* требаше да плати отштета од 9.000 евра за статија од 2013 година што наводно го оклеветила шефот на Управата за безбедност и контраразузнавање, Сашо Мијалков.[70] Поради ова постои загриженост дека политичарите ќе ги користат судските случаи за навреда и клевета како средство за вршење притисок врз медиумите и новинарите преку судството. Во еден неодамнешен документ за јавна политика изработен од Институтот за комуникациски студии (ИКС) се наведува дека судиите го штитат правото на слобода на изразување само во случаи во кои не се вмешани високи владини функционери.[71] Во случаите во кои се вклучени функционери, судиите постапуваат во корист на Владата и не се придржуваат кон Европската конвенција за човекови права (ЕКЧП). Според Индексот на одржливост на медиумите (ИОМ) од 2015 година, Законот за граѓанска одговорност за навреда и клевета се користи како алатка за притисок што ги тера медиумите на автоцензура.[72] Поради ваквите околности, и поради опасноста од финансиски последици, уредниците и новинарите се двоумат дали да се зафатат со истражувачко новинарство.

1.2. Затвореноста на Владата и државните институции

Делотворноста на стратегијата за отчетност на македонската Влада веќе подолго време е ставена под знак прашање. Ова особено важи за нејзините политики и практики поврзани со слободниот пристап до информации од јавен карактер и до други средства за спречување корупција.

Примената на Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (СПИЈК)[73] со години се соочува со истите проблеми. Јавната администрација сè уште чека речиси да истече законскиот рок за одговор на барањата за СПИЈК пред да одговори.[74] Дури и кога одговара на такви барања, дава само општи информации што не се од голема полза. Освен тоа, јавната администрација често одбива да одговори на барањата за СПИЈК повикувајќи се на одредбите за доверливоста на документот, при што ги попречува новинарите прописно да си ја вршат работата. Во октомври 2013 година, истражувачи од Македонија, за потребите на истражувачкиот проект *Медиумска опсерваторија*, испратија 34 писмени барања до Владата и други државни институции, барајќи податоци за паричните износи потрошени за јавни медиумски кампањи од 2008 до 2013 година. Само половина од тие барања биле одговорени, но и тие одговори биле нецелосни и не содржеле суштински информации.[75] Според ИОМ од 2015 годи-

70 http://www.mediadefence.org/stories/biased-rulings-defamation-cases. Погледнете го и извештајот на Центарот за развој на медиуми од Мониторингот на судските случаи за навреда и клевета, достапен на: http://mdc.org.mk/wp-content/uploads/2014/04/Monitoring-of-Defamation-Action-Litigations.pdf

71 Судовите: чувари на јавниот интерес или на поединечни интереси, Институт за комуникациски студии, 2015. Достапен на: http://respublica.edu.mk/attach/Analiza-Sudovi-ENG.pdf

72 В. https://www.irex.org/sites/default/files/2015-msi-macedonia.pdf.

73 Закон за слободен пристап до информации од јавен карактер (Службен весник на РМ бр. 13/2006).

74 Димовски, С., „Како се изигрува Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер“ (статија). Достапна на: http://www.spinfo.org.mk/index.php?option=com_content&view=article&id=3871:kako-se-izigruva-zakonot-za-sloboden-pristap-do-informacii-od-javen-karakter&catid=89&Itemid=613&lang=en

75 Мицевски, И. и Трпевска, С., Зошто е важен интегритетот на медиумите, 2014. Достапно на: http://mediaobservatory.net/sites/default/files/macedonia.pdf

на, Владата им дава информации само на медиумите што ги смета за „подобни" да ги објават информациите, а ги занемарува барањата за информации од критички настроените медиуми.[76] Ова го потврдува и Извештајот за слободата на медиумите на „Фридом хаус" од 2015 година. Во извештајот се наведува дека Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер „се спроведува неправично и селективно, при што функционерите ги одолговлекуваат одговорите и ги избегнуваат независните или критички настроените медиуми".[77]

Ваквата состојба се одразува во нетранспарентноста во однос на големите инвестиции, како што е контроверзниот проект *Скопје 2014*, којшто го отпочна сегашната власт за да го видоизмени изгледот на центарот на градот Скопје со покривање на разни згради со барокни фасади, со изградба на нови згради и со подигнување споменици на македонски историски личности или извесни делови од македонската историја. Цената на проектот е непозната и сè уште е предмет на жестока дискусија. Во 2013 година, министерката за култура и тогашниот градоначалник на Општина Центар тврдеа дека севкупната цена на проектот изнесувала 207 милиони евра, но едно новинарско истражување покажа дека оваа бројка е далеку пониска од вистинската цена на проектот. Статија на БИРН од 2015 година откри дека проектот чини повеќе од двојно од таа сума и поблизу до вртоглавиот износ од 560 милиони евра.[78]

Жална последица од неотчетноста и нетранспарентноста на Владата е недовербата на граѓаните во демократијата. Според една студија од 2013 година,[79] степенот на недоверба во демократијата кај младите во Македонија е алармантно висока. Само 6% од македонската младина анкетирана во студијата се задоволни од состојбата со демократијата во земјава, при што институциите што уживаат најмалку доверба се самите политички партии. Ваквата недоверба не ѝ е упатена само на владејачката партија, туку на повеќето политички партии, особено поголемите (без оглед дали се македонски или етнички албански).

1.3. Медиумите во Македонија и нивната гледаност/читаност

Во ситуација кога медиумите се зависни од државно финансирање а новинарите не добиваат пристап до информации од јавен интерес, на македонските граѓани не им се нуди плурализам на медиумски извори и разновидност на ставови и мислења. Ова е така и покрај презаситеноста на малиот медиумски пазар во земјава. Според податоци од 2014 година, структурата на македонскиот медиумски пазар била следнава:

76 Индекс на одржливост на медиумите во Европа и Евроазија за 2015 година (Македонија). Достапен на: https://www.irex.org/sites/default/files/u105/EE_MSI_2015_Macedonia.pdf

77 Извештај за слободата на медиумите во Македонија, Фридом хаус, 2015. Достапен на: https://freedomhouse.org/report/freedom-press/2015/macedonia

78 Јордановска, М., „Откриена вистинската цена на Скопје 2014", 27 јули 2015. Достапна на: http://www.balkaninsight.com/en/article/true-cost-of-skopje-2014-revealed. За повеќе информации околу истражувањето на БИРН, погледнете го „Скопје 2014 под лупа", достапно на: http://skopje2014.prizma.birn.eu.com/en

79 Топузовска Латковиќ, М., Борота Поповска, М., Серафимовска Е. и Цекиќ, А., Студија за младите во Република Македонија 2013, Фондација „Фридрих Еберт", 2013.

- **Печатени медиуми:** 8 дневни, 4 неделни, 13 списанија;[80]
- **Радиодифузни медиуми**: 1 јавен радиодифузен сервис и 65 комерцијални радиодифузери: 5 телевизиски станици со национална покриеност (дигитален терестријален мултиплекс); 5 телевизиски станици со национална сателитска покриеност; 26 телевизиски станици со регионална покриеност, и 9 телевизиски станици со локална покриеност;[81]
- **Интернет-медиуми**: над 30 онлајн новинарски портали (без официјален регистар).[82]

Телевизијата е во голема мера најпопуларното средство за информирање во Македонија. Според анализата што ја спроведе Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, во **2013** година, македонската публика гледала телевизија во просек по 4 часа и 27 минути дневно.[83] Податоците за гледаноста во 2013 година во Македонија откриваат дека најгледани биле телевизиските програми емитувани на каналите што се сметаат за провладини. Најчестиот избор на македонската публика била програмската понуда на *ТВ Сител* (28,6%), по која следуваат *Канал 5 ТВ* (12,8%) и јавниот радиодифузер *МТВ1* (9,0%). Од друга страна, пак, *Телма ТВ* и *Алсат-М ТВ*, два приватни радиодифузери што се придржуваат кон професионални практики при известувањето, во 2013 година имале гледаност од 3,0 %, односно 5,3% од публиката.

Бројките биле слични и во **2014** година, како што покажува Анализата на пазарот на радиодифузната дејност што ја спровела Агенцијата.[84] Анализата повторно ги става *ТВ Сител* (28,89%) и *Канал 5 ТВ* (16,71%) на првите две места во однос на гледаност. *МТВ1* во 2014 година бележи пад на рејтингот (од 9,00% во 2013 година на 5,85% во 2014 година). Од друга страна, пак, *Алсат-М ТВ* се најде на третото место, со рејтинг од 5,97% во 2014 година.

Извештајот од 2015 година[85] на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги[86] покажува дека медиумите блиски до владејачката партија привлекле значителен процент од телевизиската публика во Македонија.[87] *ТВ Сител* ја има највисоката неделна гледност во земјата во третиот квартал од 2015 година

80 Извештаи за печатените медиуми, Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, http://www.avmu.mk/index.php?option=com_content&view=article&id=1154&Itemid=463&lang=en

81 Исто.

82 Индекс на одржливост на медиумите во Европа и Евроазија за 2015 година (Македонија). Достапен на: https://www.irex.org/sites/default/files/u105/EE_MSI_2015_Macedonia.pdf.

83 Анализа на пазарот на радиодифузната дејност за 2013 година, стр. 63. Достапна на: http://www.avmu.mk/index.php?option=com_content&view=article&id=559&Itemid=355&lang=en. За споредба, истата година, 79% од испитаниците изјавиле дека за дневните домашни и странски случувања секојдневно се информираат од телевизија. Овие вредности беа значително пониски за другите видови медиуми: 44% од испитаниците секојдневно следат вести преку интернет, 20% преку читање печатени медиуми, а само 8% преку слушање радио.

84 Анализа на пазарот на радиодифузната дејност за 2014 година. Достапна на: http://www.avmu.mk/images/Analiza_na_pazarot_na_AVMU_za_2014_godina.pdf

85 Податоци за досегот на радиостаниците и за уделот во вкупната гледаност на телевизиските станици што емитуваат програма на државно ниво преку сателит или преку јавна комуникациска мрежа и на телевизиските станици што емитуваат програма на регионално и на локално ниво, трет квартал – 2015 година. Достапни на: http://avmu.org.mk/images/Q3.15_-_Podatoci_za_dosegot_na_radiostanicite_i_udelot_na_sat._reg_i_lok._TV_vo_vkupnata_gledanost.pdf

86 Податоците за неделната гледаност беа собрани со методот CATI – телефонски интервјуа со помош на компјутер, со полуструктурирани прашалници. Анализираниот примерок опфатил одговори од 1500 испитаници.

87 Забележано и во извештаите на „Транспарентност Македонија“, МНИ на ОБСЕ/ОДИХР и ИОМ на ИРЕКС.

(53,3% од анкетираните телевизиски гледачи се изјасниле дека редовно гледаат *Сител*).[88] По *ТВ Сител* следуваат вториот по големина приватен радиодифузер во земјата, *Канал 5 ТВ* (со неделна гледаност од 45,5%), којшто, слично на *ТВ Сител*, е познат по водењето уредувачка политика наклонета кон ВМРО-ДПМНЕ, и јавниот радиодифузер *МТВ1*, со неделна гледаност од 19,5%. *Телма ТВ*, еден од ретките радиодифузери што водат професионална и објективна уредувачка политика, е на четвртото место со неделна гледаност од 17,8%. Медиумите што се критички настроени кон власта допираат до исклучително мал дел од публиката и се повообичаени во медиумската сфера на интернет. Ваквата состојба нуди ограничени можности за вистинска јавна дебата, бидејќи прашањата од јавен интерес претежно се дискутираат и се дебатираат на овие медиуми. Во вакви околности, граѓаните што бараат разновидни мислења и ставови за прашањата од јавен интерес прибегнуваат кон овие медиуми и, особено, кон онлајн порталите.

1.4. Пристап до интернет и интернет-новинарство

Иако телевизијата сè уште е главното средство за информирање во Македонија, употребата на интернетот во македонските домаќинства забрзано расте. Според податоците објавени од македонскиот Државен завод за статистика во октомври 2015 година, 69,4% од домаќинствата имале пристап до интернет дома, а 69,0% од домаќинствата со пристап до интернет имале широкопојасна врска.[89] Освен тоа, 70,4% од населението на возраст од 15 до 74 години користело интернет, со процент на корисници меѓу учениците и студентите од 94,7%. Приближниот број на жители со пристап до интернет изнесува 1.057.000. Најпосле, се проценува дека постојат над 1.000.000 регистрирани профили на Фејсбук, иако фактичката бројка поединечни корисници на оваа мрежа веројатно изнесува околу половина милион.[90] И покрај ваквите околности, не постојат веродостојни податоци за мерењето на читаноста на интернет-порталите во Македонија. Сервисите (на пр. „Алекса", „Гемиус") кои ги мерат податоците за просечниот број посетители на интернет-порталите во Македонија не може да се сметаат за целосно веродостојни извори, па затоа не се вклучени во анализата.

Информативните медиуми на интернет во Македонија доживеаја особен пораст во последните неколку години. По падот на цените за пристап до интернетот во 2005 година, бројот на медиуми на интернет во Македонија значително се зголеми. Не само што растат пристапот до интернет и бројот на медиуми на интернет, туку наодите од една неодамнешна анализа укажуваат дека критичкото новинарство во земјата најмногу се практикува токму на интернет.[91] Ова делумно

88 ТВ Сител, најголемиот и најпопуларен приватен радиодифузер, е познат по водењето уредувачка политика наклонета на владејачката партија. Според извештајот на ТИ, ТВ Сител на владејачката партија ѝ доделила 42 проценти од севкупното политичко и предизборно известување, од кое 77 проценти биле со позитивен тон.

89 „Користење на информатичко-комуникациски технологии во домаќинствата и кај поединци". Достапно на: http://www.stat.gov.mk/PrikaziSoopstenie.aspx?rbrtxt=77

90 Говорот на омраза кај медиумите на интернет во Југоисточна Европа, Албански институт за медиуми, 2014, http://www.institutemedia.org/Documents/PDF/Hate%20speech%20in%20online%20media%20in%20SEE.pdf

91 Мицевски, И. и Трпевска, С., Зошто е важен интегритетот на медиумите, 2014. Достапно на: http://mediaobservatory.net/sites/default/files/macedonia.pdf

се должи на фактот што медиумската сфера на интернет е најслабо регулираната во земјата. Освен тоа, постојат значително помали препреки (пред сè финансиски и кадровски) за влез во новинската медиумска сфера на интернет во споредба со традиционалната. Но, иако медиумите на интернет нудат повеќе разновидност и плурализам на средствата за информирање во споредба со традиционалните медиуми, сепак во голема мера се погодени од слична политичка поделба.

Покрај зголемениот број на критички медиуми на интернет што имаат истражувачки и аналитички пристап, последниве години се појавија и многубројни новински интернет-портали (на пр. *Курир* (Kurir.mk), *Рeпублика* (Republika.mk)), чиишто содржини прејавуваат очигледна наклонетост кон владејачката партија.[92] Провладините медиуми често се обвинуваат дека „штанцаат" содржини што потекнуваат од еден ист извор, а потоа се распределуваат за преобјавување по неколку информативни интернет-портали со слични уредувачки политики.[93] Генералниот впечаток е дека квалитетот на известувањето на интернет-порталите не расте паралелно со бројот на ваквите медиуми. Во една анализа на онлајн медиумите се наведува дека „[и]стражувачкото или граѓанското новинарство (...) се речиси отсутни". Анализата понатаму забележува дека кога некои интернет-портали создаваат професионални новинарски производи и практицираат истражувачко новинарство, тоа е овозможено преку проектни грантови од граѓански здруженија.[94]

Иако медиумската сопственост во Македонија е регулирана во согласност со меѓународните стандарди и е претежно транспарентна кога станува збор за традиционалните медиуми, онлајн медиумскиот сектор е најнетранспарентниот во поглед на сопственичката структура. Наодите од истражувањето *Зошто е важен интегритетот на медиумите* од 2014 година покажуваат дека повеќето медиуми на интернет се во сопственост на поединечни професионални новинари, со исклучок на *Телеграф* (Telegraf.mk), којшто е посебно дигитално издание на „Медиа принт Македонија" (МПМ), издавачот на три македонски дневни весници (*Дневник*, *Утрински весник* и *Вест*). Ваквиот вид сопственост со новинар-сопственик може да значи дека сопственикот не е мотивиран само од добивката. Истовремено, загрижува тоа што за многу интернет-портали е тешко да се утврдат фактичките сопственици. Во 2014 година, истражувачкиот портал *МедиаПедиа* откри дека извесни онлајн провладини медиуми биле купени од фирми регистрирани во даночни засолништа, поради што е тешко да се утврдат нивните фактички сопственици. Се стравува дека тајните сопственици на овие интернет-медиуми се високи функционери од владејачката партија.[95]

92 „Курир" е еден и единствен, ама курири има побајаги, достапно на: http://www.mediapedia.mk/istrazuvanja/kurir-istrazuvanje_eng

93 https://www.irex.org/sites/default/files/2015-msi-macedonia.pdf

94 Македонија во дигиталната ера – меѓу правата и одговорностите при комуницирањето на интернет, Македонски институт за медиуми, 2015, достапна на: http://mim.org.mk/attachments/article/853/Macedonia%20in%20the%20digital%20age%20%E2%80%93%20between%20the%20rights%20and%20responsibilities%20while%20communicating%20on%20Internet.pdf

95 Истражувањето што го спроведе МедиаПедиа покажа дека издавачот на Курир е фирмата „ЕМ МЕДИА ДООЕЛ". Фирмата официјално е во сопственост на Ацо Мисајловски, брат на Владо Мисајловски, сегашен Министер за транспорт и врски и член на ВМРО-ДПМНЕ. Повеќе на: http://www.mediapedia.mk/sopstvenici/.

Маркетиншките и рекламните структури на онлајн медиумите во Македонија и понатаму се недоволно развиени и искористени. Не постојат доволно информации за паричните износи потрошени на рекламирање во информативните интернет-портали (било од државните институции, било од приватни фирми) или за нивните главни извори на приходи.

2. ОСВРТ НА НАЈГОЛЕМИТЕ ПРОТЕСТИ ВО МАКЕДОНИЈА ВО ПОСЛЕДНИТЕ ДВЕ ДЕЦЕНИИ

Во овој дел ќе дадеме кус осврт на некои од претходните поголеми протести кои се одржаа во Македонија, со цел да ги ставиме во контекст поновите граѓански протести што се во фокусот на нашата анализа. Од независноста до денес, Македонија доживеа многубројни случаи на граѓанска мобилизација, претежно врз етничка основа. Во последниве години, пак, граѓанските протести се организираат почесто, достигнувајќи го својот врв со студентските протести во 2014 година. Меѓу последните поголеми протести спаѓаат тие против полициската бруталност кои беа организирани во 2011 година, поттикнати од убиството на Мартин Нешкоски за време на прославата на изборната победа на ВМРО-ДПМНЕ што се одржуваше на скопскиот плоштад. Релевантни се и протестите од 2012 година против покачувањето на цените за струја и парно греење. Во 2015 година беа организирани низа антивладини протести што започнаа како последица на аудиоснимките што ги објави опозицијата. Демонстрантите се собираа секој ден во 18.00 часот и маршираа пред повеќе државни институции за да го изразат своето незадоволство од одредени постапки на високи владини функционери опфатени со објавените снимки. Некои од снимките беа поврзани со истрагата за убиството на Мартин Нешкоски, додека други опфаќаа случаи на говор на омраза од страна на државни функционери.

Во деведесеттите, еден од најизразените и најмасовни протести беа студентските и средношколски протести од 1997 година. Студентите протестираа против одлуката на Владата да донесе закон што ќе овозможи спроведување на настава на албански јазик на Педагошкиот факултет во Скопје.[96] Протестите кулминираа во собир организиран пред неколку клучни државни институции, на којшто присуствуваа неколку илјади студенти и средношколци. Меѓутоа, Владата не постапи по нивните барања и не го повлече предлог-законот, туку во голема мера ги занемари жалбите на демонстрантите и не влезе во сериозни расправи за прашањето. Поради тоа, студентите организираа штрајк со глад што траеше петнаесетина дена, којшто повторно не вроди со плод. Предлог-законот беше доставен на ревизија до Уставниот суд на Република Македонија, којшто потоа реши да не заседава за прашањето, со што ја призна легалноста на законот.

96 Имено, Законот за употреба на јазиците на кои се изведува наставата на Педагошкиот факултет во Скопје (предложен од СДСМ, тогашната владејачка партија) обезбеди настава на албански јазик на Педагошкиот факултет и им овозможи на малцинствата да студираат на својот мајчин јазик. Предлог-законот ги предизвика македонските студенти на масовен протест против спроведувањето на законот, за којшто тврдеа дека се коси со Уставот на Република Македонија. Предводниците на движењето тврдеа дека на малцинствата веќе им се гарантира правото да учат на својот мајчин јазик во основното и во средното образование. Студентското движење, предводено од претседателката на студентската организација, Мирјана Китановска, бараше законот да се повлече. Освен тоа, бараше изготвување на нов нацрт-закон за високо образование и оставка од тогашната министерка за образование, Софија Тодорова. За поподробни информации за општествено-политичката заднина на протестите од 1997 година, видете кај: Николовски, Димитар, Студентските протести во Македонија, Србија и Бугарија во 1996/1997, 2010, достапно на: www.etd.ceu.hu/2010/nikolovski_dimitar.pdf

Студентските протести во ноември 2014 година беа првите масовни протести по оние во 1997 година. Тие поттикнаа и други групи граѓани да се мобилизираат за различни цели (на пр. Новинарски пленум, Професорски пленум и Граѓански пленум).[97] По неколку месеци, во февруари 2015 година, Македонија се соочи со сериозна политичка криза, која ги опфаќаше најжестоките антивладини реакции.[98]

Незадоволството од Владата не само што не стивнуваше, туку и беше во постојан раст, почнувајќи од студентските протести, и особено по политичката криза која започна во февруари 2015 година. Како последица на тоа, во текот на наредните месеци се одржаа повеќе протести. Кризата започна откако Зоран Заев, лидерот на СДСМ, ја обвини владејачката партија дека води незаконска програма за масовно следење на комуникациите и дека ги прислушувала телефонските разговори на повеќе од 20.000 луѓе во текот на четиригодишен период. Во наредните неколку месеци Заев објави бројни телефонски разговори на владини функционери и изнесе наводи дека владејачката партија и тајните служби заговарале да го поткопаат судството и да влијаат врз медиумското известување за да ја задржат власта. Никола Груевски, македонскиот премиер, го обвини Заев дека организирал пуч заедно со странски разузнавачки агенции за да ја урне Владата и поведе обвинителна постапка за шпионажа против него.[99] Што се однесува на веродостојноста на објавените телефонски разговори, премиерот за медиумите изјави дека „некои се точни, некои полуточни, некои неточни". Сè уште нема официјални изјави од стручни лица за веродостојноста на телефонските разговори.

На 5 мај 2015 година, најмалку 1.000 луѓе се собраа пред зградата на Владата барајќи оставка од премиерот. Протестот се одржа како последица на аудиоснимката што Заев ја објави дента, со која ги обвини премиерот и Министерството за внатрешни работи за обид да ја прикријат смртта на дваесетидвегодишниот Мартин Нешкоски.[100] Протестот стана насилен во текот на ноќта, кога демонстрантите се судрија со полициските сили што беа опремени со посебна заштитна опрема. Полицијата употреби солзавец и водени топови за да ги растера демонстрантите и уапси десетици луѓе. Во обидите да ги најде демонстрантите, полицијата насилно влезе во Градската библиотека „Браќа Миладиновци" и почна да ги напаѓа и апси студентите што вечерта таму подготвувале испити.

Политичката криза го достигна својот врв со масовниот протест што се одржа на 17 мај пред владината зграда, на којшто десетици илјади[101] демонстран-

97 За разлика од Студентскиот, како и Професорскиот пленум, другите иницијативи не беа толку активни и не спроведуваа редовни активности.

98 Според анкетата од 2014 година што ја спроведе агенцијата „Рејтинг" во соработка со списанието Фокус, 54% од анкетираните граѓани немале доверба во работата на премиерот Никола Груевски во периодот од 2011 до 2014 година, а 41,2% од испитаниците имале доверба во неговата работа во истиот период. За повеќе информации видете на: http://www.rating.mk/en/

99 Случајот сè уште е во рана фаза.

100 Нешкоски беше претепан до смрт од полицаец за време на постизборната прослава во 2011 година.

101 Има различни проценки на бројот демонстранти што присуствуваа на протестот од 17 мај, кои се движат од 20 до 60 илјади. Видете на:
http://www.balkaninsight.com/en/article/macedonia-braces-for-big-anti-government-protest и на:
http://www.nzherald.co.nz/world/news/article.cfm?c_id=2&objectid=11450663.
Раша тудеј (RT) објави видеоснимка на протестите од беспилотно летало:
http://www.rt.com/news/259421-macedonia-opposition-rally-gruevski/

ти бараа оставка од Груевски. На 18 мај, владејачката партија ВМРО-ДПМНЕ организираше голем провладин собир, на којшто присуствуваа илјадници луѓе, при што СДСМ и ВМРО-ДПМНЕ поставија шатори пред зградата на Владата, односно пред македонското Собрание. Најпосле, по неколкунеделни преговори со посредство на ЕУ, лидерите на ВМРО-ДПМНЕ и СДСМ постигнаа договор за крај на кризата.[102] По договорот од Пржино[103], бројот на антивладините протести значително се намали. По постигнувањето на договорот, јавноста главно беше сосредоточена врз преговорите меѓу политичките партии во врска со разните мерки што треба да се преземат пред новите избори (на пр. пречистувањето на избирачкиот список, обезбедување независно функционирање на надлежните државни органи и поголема слобода на медиумите).

Во периодот на привршувањето со пишување на овој извештај се одржаа масовни протести во повеќе градови во Македонија, по одлуката на претседателот Ѓорге Иванов да аболира функционери вмешани во скандалот со прислушувањето. На овие протести беа изразени нови барања до функционерите и тие вклучуваа комуникациски предизвици за сите засегнати страни.

2.1. Протестни случаи избрани за анализата

Сите случаи на протести анализирани во текот на овој истражувачки проект беа организирани во последните неколку години во Македонија. Протестите беа избрани претежно врз основа на нивната општествено-политичка релевантност, како и масовност. Во споредба со претходните протести што имаа етничка заднина (на пр. протестите од 1997 година), движењата што се предмет на анализа во ова истражување пројавуваат посебни карактеристики делумно поради фактот што успеаја да обединат луѓе со различно културно и етничко потекло. Освен тоа, студентските протести поттикнаа создавање на други протестни групи (на пр. Професорски пленум, Новинарски пленум), кои организираа свои протести. Протестите во Македонија се одржуваа со поголем интензитет почнувајќи од втората половина на 2014 година, а особено откако зафати политичката криза на почетокот од 2015 година.

102 Договорот вклучуваше планови да се одржат парламентарни избори на 24 април 2016 година. Тековната влада требаше да поднесе оставка 100 дена пред изборите и да избере нов премиер. Во јануари 2016 година, новата влада стапи на функција, заедно со новиот премиер, Емил Димитриев, чија програма беше ограничена на организирање на парламентарните избори. Договорот предвидуваше и избор на специјален обвинител, назначен со договор меѓу партиите. Специјалниот обвинител беше овластен со целосна самостојност да ги води истрагите на случаите што произлегуваат од прислушуваните разговори, и да поведе судски постапки доколку има потреба. По неколку разговори со европските посредници, првичниот датум, 24 април, за организирање на изборите беше одложен за 5 јуни 2016 година. Во меѓувреме, во февруари 2016 година, Специјалното јавно обвинителство обвини повеќе високи функционери и двајца поранешни министри за обиди да ги наместат локалните избори во 2013 година. Функционерите беа обвинети за прекршување на изборниот законик, за поткуп, за злоупотреба на средства во предизборните кампањи и за уништување изборен материјал.

103 Име на населбата во Македонија каде што беше постигнат договорот.

Примарниот случај прикажан подолу беше во фокусот на анализата и беше посеопфатно обработен, со помош на анализа на содржината, преку интервјуа и преглед на секундарни извори. Двата секундарни случаи, пак, беа обработени само преку интервјуа и секундарни извори, со цел споредба на комуникациските практики. Антивладините протести што беа организирани во мај 2015 година не беа вклучени во анализата бидејќи се одржаа во период кога истражувачкиот проект веќе беше во напредна фаза.

2.1.1. Примарен случај: студентските протести против реформите во високото образование

Студентските протести што започнаа во ноември 2014 година беа најмасовните студентски протести одржани во независна Македонија. Илјадници студенти протестираа против предложените измени на Законот за високо образование, особено оние со кои се воведуваа задолжителни екстерни тестови, односно „државни испити", за студентите на додипломски и последипломски студии. Набргу откако измените ѝ беа претставени на јавноста, студентите основаа пленум, тврдејќи дека измените се неуставни и ја нарушуваат автономијата на универзитетот. Првиот протест новоформираниот Студентски пленум го одржа на 17 ноември 2014 година, кога над 2.000 демонстранти маршираа пред неколку државни институции и го завршија собирот пред Министерството за образование и наука. Откако првично во голема мера беше игнорирана, студентската кауза најпосле привлече поголемо внимание од медиумите и власта благодарение на неочекувано високата посетеност. Движењето продолжи да зема замав претежно преку социјалните медиуми, бидејќи Студентскиот пленум се стекна со поддршка од над 23 илјади граѓани на Фејсбук.[104]

Властите се обидоа да ги задушат протестите изјавувајќи дека предвидените испити нема да стапат на сила пред 2017 година, сакајќи да ги одвратат од протестирање студентите од тековната генерација. Освен тоа, користејќи го своето влијание врз извесни медиуми преку кои најчесто ги пренесуваат своите ставови, т.е. *ТВ Сител* и *Канал 5*, постојано се обидуваа да ги дискредитираат протестите како партиско-политички и финансирани од Соросовата фондација. Ваквите обвинениј никогаш не беа поткрепени со цврсти докази, туку служеа за да се одврати вниманието на јавноста од главната причина за протестот и да ја спречи понатамошната мобилизација. Како што ќе образложиме во наодите од истражувањето, студентите успеаја да ги побијат ваквите обвинувања со разни креативни тактики (на пр. користењето црвени хартиени кругови како пародија на обидите на некои медиуми да ги етикетираат како партиски оркестрирани). Сепак, наводите за политичко оркестрирање на протестите е добропозната тактика на владејачката партија за дискредитација на протестите што изразуваат незадоволство од нејзините политики.[105] Меѓутоа, ваквите заложби

104 Бројките се наведени според бројот на поддржувачи на страницата на Студентскиот пленум на Фејсбук: https://www.facebook.com/StudentPlenum/?fref=ts

105 Видете, на пример на: http://novatv.mk/index.php?navig=8&cat=2&vest=19076 и на: http://www.makdenes.org/archive/news/20141203/428/428.html?id=26723286 и на: http://fokus.mk/vmro-dpmne-zaev-ne-kazha-nishto-za-parite-od-soros/

не само што не успеаја да ги демотивираат студентите, туку напротив, им ја разгореа решителноста да им се противстават на законските измени. Студентскиот пленум го одржа вториот протест на 10 декември 2014 година. Протестите тој ден го доживеаја својот врв, кога над 12.000 студенти, претставници на академската заедница и други граѓани присуствуваа на протестниот марш во Скопје.[106] Професори од бројни универзитети и други високообразовни институции од земјата што ги поддржуваа Студентскиот пленум и неговите барања основаа своја протестна група (Професорски пленум), која се состоеше од над 500 професори и членови на академската заедница. Како реакција, професорите што се согласуваа со предложените образовни реформи основаа „Граѓанска иницијатива за поддршка на знаењето во високото образование". Иницијативата предизвика контроверзии кога неколкумина професори што наводно ја потпишале декларацијата за основање на иницијативата тврдеа дека потписот им бил фалсификуван.

Собранието на крајот ги усвои измените на законот и ги занемари приговорите на студентите и членовите на академската заедница. Поради тоа, на 11 февруари 2015 година, над 1.000 студенти го окупираа државниот универзитет во Скопје и бараа итно запирање на образовните реформи. Студентите ги прогласија заземените факултети за „автономни студентски зони" и во текот на целата окупација организираа алтернативни предавања, концерти и други настани. По средбата одржана на 24 февруари 2015 година меѓу Студентскиот пленум, Професорскиот пленум, ректорот на Скопскиот универзитет и министрите за образование и за финансии, Владата се согласи да се откаже од спроведувањето на екстерното тестирање.[107] Студентите ја запреа окупацијата на универзитетот, но продолжија да организираат разни настани во универзитетските простории, вклучително и алтернативни предавања.[108] Студентскиот пленум сè уште организира дебати и предавања на теми поврзани со високото образование и кани професори, академски работници и државни службеници да учествуваат на нивните настани.

Сите засегнати страни се договорија да подготват сосем нов закон за високо образование, чиј нацрт требаше да го изработат работни групи составени од претставници на Студентскиот пленум, на Професорскиот пленум, на Универзитетот и на Министерството за образование. Во мај 2015 година, Студентскиот пленум изјави дека се повлекува од преговорите зашто, според неговите претставници, Министерството за образование и Владата намерно го одолговлекувале напредокот на преговорите. Во август 2015 година Владата по вторпат го одложи стапувањето на сила на новите одредби од Законот за високо образование

106 „Студентски протест ја блокира македонската престолнина",
http://www.balkaninsight.com/en/article/mass-student-protest-clogs-skopje

107 Освен тоа, се договорија да ја одложат примената на други одредби од измените, како оние во врска со бројот на трудови што професорите се обврзани да ги објават во меѓународни списанија со импакт фактор за да бидат избрани во наставно-научни звања.

108 За време на окупацијата на Универзитетот, Студентскиот пленум редовно канеше професори да држат предавања на разни теми поврзани со високото образование (на пр. важноста на ЕКТС системот, проблемите со студентските домови, итн.). Освен тоа, организираа концерти и театарски претстави, како и филмски проекции.

до 2017 година. Некои одложувањето го сметаат за последица на моменталната нестабилна политичка клима во земјата и на предвремените избори што треба да се одржат во 2016 година. До објавувањето на овој извештај сè уште не беше изработен нов нацрт-закон, а преговорите забавија во голема мера поради подготовките за изборите тогаш закажани за јуни 2016 година.

Студентскиот пленум поддржа и им се придружи на неколку граѓански протести во земјата, особено на масовните антивладини протести и протестите против затворањето на Томислав Кежаровски (вториов случај е вклучен во оваа анализа), обата одржани во 2015 година. Студентскиот пленум организираше свој протестен марш на 17 мај 2015 година, но потоа им се придружи на антивладините протести што се одржаа пред владината зграда, кои вклучуваа барање за оставка на премиерот. Студентите особено се кренаа против притворањето на своите колеги што беа уапсени на 5 мај, кога се одржа протест на којшто демонстрантите бараа оставка од тогашната министерка за внатрешни работи, Гордана Јанкулоска. Демонстрантите се собраа откако опозициската партија СДСМ објави снимки од прислушувани разговори што наводно упатуваа на заговор да се прикрие службената одговорност за убиството на Мартин Нешкоски од страна на полицаец на 6 јуни 2011 година. Протестот на 5 мај стана насилен вечерта кога полициските сили во заштитна опрема се обидоа да ги растераат демонстрантите со водени топови и солзавец, откако демонстрантите фрлаа предмети кон владината зграда. Полицијата уапси десетици демонстранти (некои од нив студенти), а против дел од нив беа подигнати обвиненија за учество во толпа и за попречување полицаец при извршување на службената должност.[109]

2.2. Секундарни случаи: *Го сакам ГТЦ* и протестите против затворањето на Томислав Кежаровски

Во рамките на истражувањето беа анализирани два дополнителни случаи врз основа на секундарни извори и интервјуа. Иако овие случаи беа со помал обем во споредба со студентските протести, нивната општествена важност е значителна, бидејќи успеаја да поттикнат јавна дебата и на разни начини да го вклучат граѓанството во земјата.

Неколку илјади граѓани протестираа во јуни 2013 година против најавениот план на Владата да ја преобликува фасадата на еден од најголемите и најпосетени трговски центри во земјата, Градскиот трговски центар (ГТЦ) во Скопје, изграден во 1973 година. Според плановите на Владата, отворените влезови на ГТЦ требаше да се затворат во неокласичен или „барокен" стил, со столбови и куполи инспирирани од класичната антика, како дел од тековниот проект *Скопје 2014* за промена на надворешниот изглед на главниот град. Настанот во јуни 2013 година којшто го организираше Асоцијацијата на архитекти на Маке-

109 Осуммина од уапсените беа осудени на една година условна казна, која, ако ја прекршат, може да повлече затворска казна од три месеци до три години. Едно лице беше осудено на десетмесечна затворска казна.

донија (ААМ) претставуваше врв на протестите. На овој настан се придружија и многубројни активисти за човекови права, членови на уметничката јавност, и други граѓани. За време на протестот, како симболичен гест, демонстрантите, држејќи се за раце едни со други, формираа жив синџир околу трговскиот центар, што го обележа почетокот на кампањата *Го сакам ГТЦ*. Демонстрантите ги оспоруваа плановите за преобликување на фасадата на центарот бидејќи, како што тврдеа, таа претставува еден од последните симболи на оригиналната македонска архитектура и дел од културното наследство на земјата. Освен тоа, тврдеа дека новите планови сериозно ќе ја ограничат слободата на движење на граѓаните, бидејќи ГТЦ, сместен во срцевината на Скопје, е транзитна точка со неколку отворени влезови, кои им олеснуваат на пешаците да минуваат низ центарот на градот.

На 28 декември 2014 година, над 1.000 граѓани учествуваа во масовно „гушкање" на ГТЦ, со што ја продолжија низата настани што започнаа во 2013 година со цел да го запрат проектот за промена на изгледот на центарот. Иницијативата успеа да издејствува референдум за прашањето што се одржа на 26 април, но на крајот беше неуспешен поради малата излезност на гласачите во Општина Центар (околу 40%). Меѓутоа, официјалните податоци покажуваат дека над 95% од граѓаните што излегле на гласање ја поддржале иницијативата за задржување на автентичниот изглед на фасадата на ГТЦ. Досега немало официјални изјави од Владата за претстојната обнова на ГТЦ. Андреј Жерновски, градоначалникот на Општина Центар, изјави дека ќе продолжи да се бори за задржување на изгледот на ГТЦ, и покрај неуспешниот референдум.[110] Општината во голема мера ги поддржа заложбите на демонстрантите од иницијативата *Го сакам ГТЦ*. Вреди да се спомне дека градоначалникот на општината беше лидер на Либерално-демократската партија, чии членови често ја оспоруваат политиката на владејачката ВМРО-ДПМНЕ.

Уште еден случај избран за секундарна анализа се протестите од октомври 2013 година против затворањето на истражувачкиот новинар на *Нова Македонија* Томислав Кежаровски. Стотици новинари и граѓани протестираа во Скопје откако Кежаровски беше осуден на четири ипол години затвор поради откривање на идентитетот на заштитен сведок. Со црна облека и со запалени свеќи, демонстрантите се обидоа симболично да го обележат денот кога демократијата беше „погребана", упатувајќи на последиците што овој случај може да ги има врз слободата на медиумите и на говорот. Меѓутоа, полицијата не им дозволи на демонстрантите на инаку мирниот протест да стигнат до своето одредиште, Музејот на македонската борба за независност.

Кежаровски беше затворен бидејќи го откри идентитетот на наводен заштитен сведок („Бреза") во судење за убиство, во две статии што ги напишал во 2008 година во кои цитирал делови од интерни полициски извештаи што му биле доставени.[111] Кежаровски тврдеше дека не го открил идентитетот на све-

110 „Референдумот за ГТЦ неуспешен: над половина од граѓаните не гласале", достапно на: http://www.independent.mk/articles/16834/GTC+Referendum+Fails+More+than+Half+of+Citizens+Did+Not+Cast+Ballots

111 Кежаровски одби да го открие идентитетот на изворот што му ги доставил полициските извештаи.

докот. Напротив, тврдеше дека само ја информирал јавноста за „лажен" заштитен сведок, за да поттикне расправа за „сомнителни полициски постапки".[112] Кога беше уапсен, Кежаровски го истражуваше и случајот на Никола Младенов, уредникот на неделникот *Фокус*, којшто загина во сообраќајна несреќа два месеци претходно. Иако кај извесни луѓе постоеја сомневања дека случајот не бил несреќен, нема докази што би го докажале постоењето на евентуален заговор.

Кежаровски беше уапсен во мај 2013 година и беше ставен под триесетдневен притвор додека полицијата ги истражуваше обвинението. Притворот на Кежаровски му беше продолжуван трипати, секојпат за дополнителни триесет дена, под изговор дека може „да побегне или да влијае врз други сведоци". Откако му преседна од продолжениот притвор, Кежаровски започна штрајк со глад за да привлече внимание кон „апсурдноста"[113] на ваквите околности. Во октомври 2013 година, речиси 5 месеци по апсењето, Кривичниот суд го прогласи Кежаровски за виновен и го осуди на четири ипол години затвор. Многубројни меѓународни организации, меѓу кои и ОБСЕ, Европската федерација на новинари и „Репортери без граници", го осудија неговото затворање како сериозен удар врз демократијата и слободата на говорот. Новинари и медиумски работници од Македонија основаа Иницијативен одбор за ослободување на Томислав Кежаровски. Во ноември 2013 година Кежаровски беше ставен во куќен притвор и ја чекаше конечната одлука на Апелациониот суд, каде што неговиот случај беше на разгледување. На 15 јануари 2015 година, Судот ја потврди пресудата на Кежаровски, но ја намали првичната казна на две години затвор. Кежаровски веднаш беше приведен, што поттикна протести што го доживеаја својот врв на 20 јануари, кога околу 3.000 луѓе маршираа низ Скопје и бараа веднаш да биде ослободен. Под чудни околности, истиот ден директорот на затворот донесе одлука да го ослободи Кежаровски „од здравствени причини",[114] иако самиот Кежаровски не поднел поплака за својата здравствена состојба. По ослободувањето, Кежаровски веднаш им се придружи на тековните протести. На 22 јануари 2015 година, два дена откако беше пуштен на слобода, Кежаровски беше ослободен од отслужување на понатамошната затворска казна откако Кривичниот суд ја одобрил препораката на директорот на затворот, кој побарал условен отпуст за Кежаровски до крајот на казната што изнесуваше уште три месеци и осум дена.

Случајот на Кежаровски моментално е на разгледување пред Врховниот суд, откако адвокатите поднесоа барање за преиспитување на првичните пресуди на Основниот и Апелациониот суд, кои го прогласија Кежаровски за виновен и го осудија на затворска казна.

112 Треба да се напомне дека сведокот сè уште не беше под полициска заштита кога излегоа статиите.
113 Според сопругата на Кежаровски, Марина Кежаровска. За повеќе информации, видете на: http://www.balkaninsight.com/en/article/detained-macedonian-journalist-starts-hunger-strike
114 Но, на Кежаровски му беше кажано да се јави во затворот по еден месец за да го доврши отслужувањето на казната.

3. ИЗБОР НА ПРИМЕРОК И МЕТОДИ

Со примена на анализа на врамувања (само кај случајот со студентските протести) и длабински интервјуа (кај сите три случаи), ги утврдивме доминантните рамки во известувањето на медиумите и стекнавме увид во перцепцијата за комуникациските практики на новинарите, на активистите и на јавните службеници. Во текот на истражувањето спроведовме вкупно 17 полуструктурирани интервјуа со седум уредници, новинари и медиумски стручњаци; со седум активисти и со тројца претставници на државни и јавни институции. Интервјуата беа снимени и транскрибирани. Според првичниот план, требаше да бидат спроведени седум интервјуа со седуммина државни службеници. Сепак, тоа не беше возможно од причина што четири службеници/институции го одбија барањето за интервју.[115] Испитаниците имаа можност да изберат дали да се открие нивното и името на организацијата/институцијата. Двајца соговорници од медиумите побараа целосна анонимност, додека двајца државни службеници побараа да не се откриваат нивните имиња, но дозволија да се посочи институцијата од која доаѓаат.

Примерокот за анализата на содржината (само за случајот со студентските протести) ги опфати петте најгледани телевизиски станици во Македонија[116] и три интернет-медиуми, од кои два се сметаат за критички настроени кон Владата, а еден се смета дека води провладина уредувачка политика. Избраните телевизиски станици беа првенствено оние со најголема гледаност. Освен тоа, вклучивме медиуми со различни уредувачки политики: оние што се сметаат за наклонети кон Владата и нејзините политики, како и оние што не покажуваат пристрасност или наклонетост кон ниедна политичка партија и/или се честопати критички настроени кон владините политики.[117] Анализираните медиуми имаат и различни видови сопственост (некои се во сопственост на новинари, а други на бизнисмени). Телевизискиот примерок го опфати и јавниот радиодифузен сервис *МТВ1* (со гледаност од 5,85% во 2014 година), за којшто се смета дека води провладина уредувачка политика, како и приватната *Алсат-М ТВ*, албанскиот радиодифузер (трет по гледаност со рејтинг од 5,97%, според истражувањето на пазарот на Агенцијата), која емитува програма на национално ниво, и на македонски и на албански јазик.[118] Анализата ги опфати и *Канал 5 ТВ* (со гледаност од 16,71%) и најпопуларната *ТВ Сител* (со гледаност од 28,98% во

115 Јавните службеници што првично планиравме да ги интервјуираме одбија да учествуваат зашто немале овластување или поради други работни обврски на кои требало да им посветат целосно внимание. Такви одговори пристигнаа од Град Скопје и од Основниот суд Скопје 1, како и од Министерството за образование. Претставник на Основниот суд Скопје 1 одговори дека Судот „не може да одговара на прашања за студентските или други протести зашто тие немаа никаква врска со судот и нема потреба да комуницира со медиумите за овие протести бидејќи други институции се одговорни за тие случаи". И Државниот просветен инспекторат одби да учествува во интервјуата.

116 Податоци за гледаноста од Анализата на пазарот на аудио и аудиовизуелни медиумски услуги во 2014 година, достапна на: http://www.avmu.mk/images/Analiza_na_pazarot_na_AVMU_za_2014_godina.pdf

117 За да ги идентификуваме овие медиуми, ги користевме наводите од конечниот извештај на МНИ на ОБСЕ/ОДИХР.

118 Поради ограниченият примерок за анализа предвиден со проектот, не бевме во можност да ги анализираме нивните програми на албански јазик.

2014 година), кои се сметаат за наклонети кон политиките на Владата. Во анализата беше вклучена уште една приватна телевизија, *Телма ТВ* (со гледаност од 5,30%), како еден од медиумите со уреднички став критички настроен кон Владата. Од медиумите на интернет, нашиот примерок го опфати Курир (kurir.mk), онлајн информативен портал што покажува силна пристрасност во полза на владејачката партија. Од друга страна, истражувањето ги опфати и Плусинфо (plusinfo.mk) и Нова ТВ (novatv.mk), чии содржини не покажуваат изречна пристрасност кон ниту една политичка партија, но честопати се критички настроени кон ВМРО-ДПМНЕ. И НоваТВ и Плусинфо се во сопственост на новинари, за разлика од повеќето од другите анализирани медиуми, кои се во сопственост на бизнисмени или на лица поврзани со политичари.

Медиум	Број на анализирани прилози
Телевизиски медиуми	
ТВ Сител	**3**
Канал 5 ТВ	**3**
МТВ 1 (јавен сервис)	**3**
Телма ТВ	**12**
Алсат-М ТВ	**4**
Новински медиуми на интернет	
Kurir.mk	**12**
Novatv.mk	**12**
Plusinfo.mk	**4**
	Вкупно: 53

Табела: *Анализирани медиумски прилози*

Примерокот од медиумски содржини што го анализиравме ги опфаќаше „врвните точки" на протестите, т.е. деновите во кои протестите беа најмасовни и со најголема покриеност од македонските медиуми. Истражувачкиот примерок ги вклучи сите статии и вести поврзани со анализираните протестни случаи објавени и емитувани на денот пред протестот (9 декември 2014 година), денот кога се одржа протестот (10 декември 2014 година), како и наредниот ден (11 декември 2014 година).

Поради ограниченият опсег на проектот, не бевме во можност во примерокот да ги вклучиме информативните програми на јазиците на етничките малцинства на јавниот радиодифузен сервис, или печатените медиуми. Наместо тоа, примерокот се сосредоточи врз телевизиите со најголема гледаност и најистакнатите медиуми на интернет. Иако резултатите не може да се генерализираат за сите медиумски содржини поврзани со студентските протести, тие даваат увид во различните модели на известување за протестите. Освен тоа, резултатите од интервјуата даваат увид во моменталното сфаќање на комуникацијата за време на протести, од аспект на граѓаните/демонстрантите, новинарите и функционерите.

4. РЕЗУЛТАТИ ОД ПРИМАРНОТО ИСТРАЖУВАЊЕ

Анализата на медиумските содржини даде увид во доминантните рамки во медиумското известување за студентските протести. Доминантното врамување кај медиумите што се сметаат за наклонети кон Владата беше дека студентските протести биле оркестрирани од политичка партија и не ги предводела легитимна протестна иницијатива (в. Табела 1). Овие медиуми претежно се сосредоточија врз одбрана на предложениот државен испит, без да понудат понатамошни согледувања како испитите би го подобриле квалитетот на високото образование во земјата. Тие се обидоа да ги делегитимираат протестите во 28 пригоди со тврдење дека биле предводени од опозициската партија и од Соросовата фондација. Освен тоа, изнесоа дискредитирачки тврдења за наводно незначителниот број поддржувачи на протестите и дури се обидуваа да ги издвојат учесниците во протестите што на некој начин се поврзани со опозицијата, со цел да го поткрепат тврдењето дека во протестите се вмешани партиско-политички интереси.

Табела 1: Анализа на врамувањето на *ТВ Сител*, *Канал 5 ТВ*, *МТВ 1* и Курир

Главни	Број	Подрамки	Број
Протестите се политички оркестрирани	28	Студентските протести се отпочнати од СДСМ и Сорос	15
		Фијаско и неуспех поради слабата излезност на студентите	6
		Протести против реформи во високото образование и македонската Влада	4
		Студентите се изманипулирани за партиски цели	3
Слаб квалитет на високото образование	8	Државниот испит ќе го зголеми квалитетот на високото образование	4
		Државниот испит ќе го подобри оценувањето на знаењата	3
		Државниот испит ќе го реши проблемот со „купени“ дипломи	1
Потреба од јавна дебата	10	Јавна дебата што ќе ги вклучи сите чинители за да се дефинира концептот за државниот испит	7
		Опсежна академска дебата за унапредување на образовниот систем	3

Забелешка: Додека вкупниот број прилози вклучен во табелава е 21, бројот на утврдени рамки е поголем (N=46), со оглед на тоа дека во повеќето прилози се идентификувани повеќе од една рамка.

Телма ТВ, *Алсат-М ТВ*, Плусинфо и НоваТВ главно нудеа подетално известување за протестите; ги претставуваа идеите, пораките и барањата на демонстрантите и ги покриваа сите активности на Студентскиот пленум. Овие медиуми на моменти ја критикуваа Владата за избрзаното воведување на образовните реформи без да ги земе предвид постојните правни механизми со кои би се постигнале истите цели, а изразија и загриженост дека новите реформи може да ја загрозат универзитетската автономија (в. Табела 2).

Табела 2: Анализа на врамувањето на *Телма ТВ*, *Алсат-М ТВ*, НоваТВ и Плусинфо

Главни рамки	Број	Подрамки	Број
Лоши владини реформи	12	Избрзани и недоследни реформи на политиките во високото образование	7
		Државниот испит ќе го намали квалитетот на високото образование	5
Нарушување на универзитетската автономија	12	Државниот испит предложен од Владата ја нарушува автономијата на универзитетите	6
		Владата ги игнорира спротивните мислења	6
Притисоци од Владата	13	Притисоци врз средношколците да не го поддржат студентскиот марш	8
		Партиско етикетирање на студентите од Владата	5
Обединувачки мултиетнички протест	8	Најголемиот протест досега не е на верска или етничка основа	5
		Протест против демократските потфрлања во земјата	3

Забелешка: Додека вкупниот број прилози вклучен во табелава е 32, бројот на утврдени рамки е поголем (N=45), со оглед на тоа дека во повеќето прилози се идентификувани повеќе од една рамка.

Во наредните потпоглавја ќе бидат подетално разгледани главните рамки поврзани со граѓанските протести.

4.1. Протести: медиумско врамување и перцепција

Мнозинството испитаници (од сите три групи: новинари, активисти и државни функционери) протестите генерално ги сметаат за еден од камен-темелниците на модерните демократии. Според Тодор Пендаров, протестите се „многу битни за една нормална држава".[119] Некои од испитаниците протестите ги сметаат за израз на извесен став или на незадоволство од владините политики. Како што изјавија некои од соговорниците, недостигот од активно граѓанство, или недостигот од движења што активно ги изразуваат своите интереси, е еднаков на „недостиг од демократија..."[120] Испитаникот од Општина Центар смета дека протестите може да „го оживеат демократскиот капацитет или демократската клима во една држава".[121] Дел од испитаниците ја посочија улогата на протестите како средство за вршење притисок врз Владата: „Една од улогите на протестите е да покажат дека извесен број луѓе застануваат зад целта за која се борат и се обидуваат да сменат нешто, што не им одговара на носителите на одлуки".[122]

Неколкумина од испитаниците се согласуваат дека примарниот случај, т.е. студентските протести, беа најзначајниот феномен во поновата македонска историја. Дел од нив истакнаа дека протестите и иницијативите отпочнати во по-

119 Интервју со Тодор Пендаров, раководител на Одделението за односи со јавноста и за изготвување на статистички материјали при Собранието на Република Македонија, спроведено на 9 април 2015 година.
120 Интервју со Константин Битраков, претставник на Студентскиот пленум, спроведено на 8 мај 2015 година.
121 Интервју со Катерина Цаневска, претставничка на Општина Центар, спроведено на 14 март 2014 година.
122 Интервју со Никола Писарев, портпарол на иницијативата Го сакам ГТЦ, спроведено на 3 април 2015 година.

следниот период разбудија нешто што недостигаше во македонското општество: свеста на јавноста за проблемите во општеството, за своите законски права и за правото на граѓаните слободно да ја изразат својата загриженост кога сметаат дека тие права им се прекршени. Тамара Чаусидис од Самостојниот синдикат на новинари и медиумски работници, која е и членка на Иницијативниот одбор за ослободување на Томислав Кежаровски, истакнува: „За првпат во Македонија почнува да се профилира граѓанската свест и јавност која успева да го изрази својот интерес".[123]

Сепак, медиумското известување за протестите не го одразуваше ваквиот ентузијазам. Медиумите во Македонија во голема мера беа поделени на два табора во однос на тоа како ги врамуваа протестите и протестните групи. Врамувањето на протестите како партиско-политички доминираше во известувањето на првата група медиуми (*ТВ Сител*, *МТВ1*, *Канал 5*, Курир), додека втората група (*Телма*, *Алсат-М*, НоваТВ, Плусинфо) различно ги прикажуваше протестите и групите што ги предводеа, вклучувајќи разни извори во своето известување (државни службеници, студенти, универзитетски професори). Тие честопати беа критички настроени кон образовните реформи што ги предизвикаа студентските протести и генерално нудеа повеќе информации за идеологијата, за причините и за барањата на демонстрантите.

4.1.1 Антипротестно, провладино врамување

ТВ Сител, *Канал 5*, *МТВ1* и Курир во голема мера ги игнорираа демонстрантите и нивните барања во известувањата за време на протестот. Тие многу ретко известуваа за протестните настани (во три известувања), додека барањата и мотивите на демонстрантите ги игнорираа уште повеќе (спомнати само во едно известување), а бројките за излезеноста беа намалени во некои од нивните известувања. Протестите генерално беа врамени како политички оркестрирани и насочени против македонската влада, додека концептот за државниот испит предложен од Владата воглавно беше позитивно врамуван.

4.1.1.1. Политички оркестрирани протести

И анализата на рамките како и мнозинството соговорници укажуваат дека медиумите познати по својата наклонетост кон владејачката партија воглавно ги врамуваа протестите како политички инструментализирани. Во анализираниот примерок медиуми, во оваа група спаѓаат *ТВ Сител*, *Канал 5*, *МТВ1* и Курир. Од 21 анализирани статии на интернет и телевизиски прилози објавени од овие четири медиуми меѓу 9 и 11 декември, 13 упатуваа на политичка инструментализација. Честопати беше посочувано дека Соросовата фондација била главниот финансиер на протестните групи. Демонстрантите беа нарекувани „сороси-ди", инсинуирајќи дека се финансиски поддржувани од Соросовата фондација и дека ја промовираат нејзината политичка агенда. Освен тоа, протестите беа врамени како поддржани од високи функционери и поддржувачи на опозицис-

123 Интервју со Тамара Чаусидис, претставничка на Иницијативниот одбор за ослободување на Томислав Кежаровски, спроведено на 3 април 2015 година.

ката СДСМ. Типични примери за ова беа известувањата на *ТВ Сител*, што укажуваа дека повеќето граѓански иницијативи имаат партиско-политичка заднина и се злоупотребуваат за партиски цели од опозициската СДСМ и нејзините структури финансирани од Сорос, или известувањето на интернет-порталот Курир што вклучуваше тврдења дека студентските протести се користат за партиски цели, дека Студентскиот пленум е финансиран од Соросовата фондација и дека протестниот марш бил директно отпочнат од СДСМ. Некои од илустративните наслови на медиумските известувања ги вклучуваат: „Опозицијата собираше поени врз грбот на студентите, ја стави целокупната своја логистика на располагање" (*ТВ Сител*); „Студентски или опозициски протест?", „Соросовите пропагандисти во првите редови на протестите", „Дали со пари на СОРОС Студентски пленум ги плаќа рекламите во опозициските медиуми?" (Kurir.mk).

Соговорниците посочија дека владините функционери во повеќе наврати се обидувале да ги дискредитираат протестите со нивната наводна партиско-политичка оркестрација.[124] Маја Васева од Плусинфо смета дека врамувањето на протестите како партиско-политички произлегло од највисоките ешалони на Владата: „И министерот за образование и премиерот го направија тоа. Се обидоа да ги квалификуваат протестите како партиски оркестрирани. Им ги припишаа на опозицијата и на некои организации што ги поврзуваат со опозицијата".[125] Според изјава на премиерот Груевски дадена во декември 2014 година: „Сега сè повеќе станува јасно дека оваа, веројатно помала група која ќе излезе на следниот протест е длабоко партиски мотивирана. Најголем дел од нив се од подмладокот на СДСМ и на другите опозициски партии или, пак, на друг начин се мотивирани преку институциите кои ги финансираат Владимир Милчин и СОРОС во Република Македонија".[126] Медиумското врамување на политичка инструментализација може делумно да ѝ се припише на практиката на пренесување изјави дадени од функционерите без никаков критички новинарски осврт. Меѓутоа, наодите покажуваат дека новинарите од медиумите што се сметаат поврзани со Владата самите го репродуцираат ваквото врамување, без да се повикуваат на други извори. Од друга страна, врамување на протестите како политички оркестрирани не беше забележано во известувањето на *Телма ТВ*, *Алсат-М ТВ*, НоваТВ и Плусинфо.

Другите два протестни случаи разгледани во ова истражување не беа вредни како политички инструментализирани. Во случајот со Кежаровски, интервјуата укажуваат дека солидарноста на новинарите овозможила позитивно прикажување на овие протести во медиумите и ги спречила тврдењата за политичка инструментализација. Без оглед на нивната политичка припадност, медиумите покажаа интерес да го покриваат случајот на Кежаровски, или преку активна поддршка на барањата за негово ослободување или преку информирање за

124 Интервју со Дарко Малиновски, претставник на Студентскиот пленум, спроведено на 3 март 2015 година.
125 Интервју со Маја Васева, новинарка во новинскиот интернет-портал Плусинфо, спроведено на 2 април 2015 година.
126 „Груевски: Најавениот студентски протест е партиски мотивиран" http://www.vest.mk/default-mk.asp?ItemID=A645B500194CBE4A807618545142F0F0&arc=1, 4 декември 2014 година.

протестите без да ги врамат на негативен начин. Медиумите што се сметаат за провладини не ги поддржаа активно заложбите на Одборот да издејствува ослободување на Кежаровски, но не се ни обидуваа да ги дискредитираат.[127]

Дел од соговорниците што беа во Иницијативниот одбор за негово ослободување истакнаа дека „благодарение на фактот што [Кежаровски] е колега-новинар, можеме да бидеме задоволни од известувањето на медиумите, без оглед на нивната политичка припадност"[128] и таквата „професионална солидарност"[129] им одела во прилог. Втората причина што случајот не беше врамен како партиско-политички е тоа што не беше антивладин до тој степен како што беа студентските протести. Сепак, дел од испитаниците тврдат дека Владата се обидувала да го извитопери имиџот на Кежаровски на влијателен новинар и да ја намали неговата улога во критичкото новинарство во Македонија. Според зборовите на еден соговорник: „Власта сакаше да каже дека нема причина да се расправа со некој новинар кој ниту ја критикувал, ниту бил писмен, и дека и онака не бил многу познат новинар".[130] Во текот на протестите на движењето *Го сакам ГТЦ* беа забележливи антивладини реакции, но беа сосредоточени исклучиво врз проблемот со „барокизацијата" на ГТЦ како дел од владиниот проект *Скопје 2014*, кој предизвика многу критики поради прекумерното трошење државни средства на изградбата на споменици, скулптури, фасади и нови згради. Некои испитаници истакнуваат и дека овие протести најмалку биле подложни на политичка делегитимација бидејќи биле „најлегитимниот облик на граѓански активизам",[131] без да образложат што им го дава таквиот легитимитет.

Што се однесува на студентските протести, двете подрамки што ја поддржуваат општата рамка на политичка инструментализација може да се идентификуваат во анализираните медиумски известувања: студентите биле неинформирани и/ли несвесни дека биле оркестрирани од политичка партија и мала излезност на протестите.

4.1.1.2. Студентите неинформирани и/или несвесни дека се оркестрирани од политичка партија

Ваквата подрамка, како дел од општата рамка на политичка инструментализација, изразува патернализам во однос на студентите. Медиумските содржини што укажуваат на политичка манипулација и партиско-политичко влијание врз студентските протести често се поврзуваа со тврдења дека студентите биле неинформирани за предложениот државен испит и за неговите импликации врз образовниот систем и/или дека не биле свесни дека се политички манипулирани.

127 Ова беше истакнато и покрај тврдењата на некои испитаници дека случајот со Кежаровски се „користел во нечија туѓа политичка битка", упатувајќи на членовите на опозициската партија што го бараа неговото ослободување или учествуваа на протестите. Интервју со Марјан Николовски, уредник на вестите на ТВ Сител, спроведено на 15 април 2015 година.

128 Интервју со Зоран Димитровски, уредник на неделникот Фокус, спроведено на 6 април 2015 година.

129 Интервју со Тамара Чаусидис, претставничка на Иницијативниот одбор за ослободување на Томислав Кежаровски, спроведено на 3 април 2015 година.

130 Интервју со Зоран Димитровски, уредник на неделникот Фокус, спроведено на 6 април 2015 година.

131 Интервју со Марјан Николовски, уредник на вестите на ТВ Сител, спроведено на 15 април 2015 година.

Канал 5, на пример, пренесе дека студентите не биле свесни против што протестираат, додавајќи дека манипулацијата во врска со измените во високото образование треба да запре.[132] Со сличен тон, *МТВ1* известуваше дека студентите протестирале против државниот испит иако сè уште не бил утврден конкретен модел за негово имплементирање.[133] Курир ги опиша протестите како неосновани и бесполезни и резултат на политичка опструкција, навестувајќи дека студентите во крајна линија протестирале против правото и обврската на државата да воведе оценување на квалитетот на високото образование. Заедно со тврдењата дека таканаречените граѓански иницијативи ја злоупотребуваат независната мисла во Македонија за свои партиски цели, Курир пишуваше: „Манипулација, извртување на реформата и заплашување, како и многу финансиски средства и инфраструктура овозможена од СДСМ, која преку партиски војници пратени на протест ги манипулираат студентите за партиски цели".[134] И *ТВ Сител* укажа на неволноста на студентите длабински да го проучат квалитетот на предлогот за државен испит, врамувајќи ги студентските протести како политички незрели и неинформирани.[135]

4.1.1.3. Неуспехот на опозицијата да добие поддршка за протестите

Во рамката на политичка инструментализација, уште една доминантна подрамка на *ТВ Сител*, *Канал 5 ТВ* и Курир[136] беше таа на целосниот неуспех на протестите поради ниската излезност и слабата поддршка од студентите, и покрај максималните заложби на опозицијата да обезбеди масовно присуство. Тврдењата дека протестите не биле големи и дека само 2% од вкупниот број студенти во земјата протестирале беа дел од врамувањето на самите протести како нелегитимни, т.е. како „проблем" сам по себе. Овие медиуми тврдеа дека СДСМ морал да регрутира и со автобуси да довезе пензионери како засилување на протестите. Освен тоа, овие медиуми тврдеа дека „опозициските портали"[137] си противречеле едни на други со недоследните бројки на присутни демонстранти на протестите. *ТВ Сител* извести и за вмешаноста на новинари во организацијата на протестите: „Утрово сите новинари на Сорос добија задача од СДСМ да застанат пред сите средни училишта и да им вршат притисок на средношколците да излезат на протести за опозициската партија да не доживее ново фијаско" (вести во 19.00 часот, 10 декември 2014 година).

132 Канал 5 ТВ, вести во 18.00 часот, 9 декември 2014 година, „Климовски: Концептот на државен испит е коректен".
133 МТВ1, вести во 19.30 часот, 9 декември 2014 година.
134 Kurir.mk, „ФОТО: Цел СДСМ и СОРОС на протестите на студентите", 10 декември 2014 година: http://kurir.mk/makedonija/vesti/181941-FOTO-Cel-SDSM-i-SOROS-na-protestite-na-studentite.
135 TV Sitel, 19:00 news, December 10, 2014.
136 Најголемата разлика меѓу Kurir.mk и другите два анализирани новински портали на интернет (НоваТВ и Плусинфо) е што Курир има специфична уредувачка политика (која покажува пристрасност кон ВМРО-ДПМНЕ) и што е во сопственост на брат на државен функционер што е член на владејачката партија. Од друга страна, пак, НоваТВ и Плусинфо се во сопственост на новинари и нивните уредувачки политики не покажуваат пристрасност кон ниту една политичка партија.
137 Libertas.mk, NovaTV.mk, Plusinfo.mk.

Карактеристично за ваквото известување беше што вклучуваше упатување на разидувањето меѓу нивото на организација на протестите и слабата излезност: „Цела партиска логистика на СДСМ и сите пари на СОРОС не беа доволни опозициската партија денеска на протестот да собере ниту 2% од вкупниот број на студенти во земјава" (*ТВ Сител*, вести во 19.00 часот, 10 декември 2014 година)[138]; тврдења за регрутирање различни профили на учесници: „ За протестот да добие на масовност, покрај партиските членови, СДСМ на улица ги носеше и луѓето кои редовно ги вади на сите протести. ...За да не фалат луѓе, тука беа и т.н. стечајци на СДСМ од Куманово кои редовно доаѓаат на сите протести во Скопје." (*ТВ Сител*); како и анализи за тоа колку била неуспешна мобилизацијата: „Во Македонија, според податоците, има 60.000 студенти и 85.000 средношколци. Еден протест се смета за успешен ако на него излезат најмалку половина од овој број, односно 30.000 студенти и 40.000 средношколци, кои на улиците би резултирале со бројка од 70.000 луѓе" (вести во 18.00 часот, 10 декември 2014 година).

Практиката на Курир не отстапи од ваквите модели на известување. Напротив, известувањата на Курир во некои делови беа речиси истоветни со цитатите од *Канал 5* и *ТВ Сител*.[139]

Од друга страна, пак, медиумите што се сметаат за критички настроени кон Владата понудија поинакви информации за мобилизацијата. Големата излезност особено ја илустрираше видеоклип од протестите снимен од беспилотно летало (дрон) во сопственост на демонстрант-студент,[140] првично објавено на социјалните мрежи, а потоа реобјавен од НоваТВ, Плусинфо, и Libertas.mk,[141] којшто покажува маса од околу 10.000 демонстранти како маршира по главните булевари во центарот на Скопје.

4.1.1.4. Визуелни производи како поддршка на рамката на политичка инструментализација

Најзапечатливата визуелна алатка што се користеше во врамувањето на протестите како политички оркестрирани беше цртањето кругови околу некои од демонстрантите етикетирани како симпатизери или членови на опозициската партија. Курир и телевизиските станици *Сител* и *Канал 5* на овој начин имаа цел да ги делегитимираат протестите. Курир објави фотогалерии од група демонстранти – студенти, граѓански активисти, професори, новинари и опозициски политичари – во кои некои демонстранти беа обележани со црвени кругови, посочени по име и презиме како првенствено партиски членови и активисти на опозицијата и „Соросови пропагандисти".

138 Сличен беше и еден цитат од Канал 5: „Со максимален партиски ангажман, притисок врз партиските професори и финансиска помош од Соросовата фондација во земјава, најголемата опозициска партија СДСМ успеа да извлече на протестниот марш едвај две до три илјади лица на улица, што значи помалку од два проценти од вкупниот број студенти".

139 На пример, ова е прилог од известување објавено на денот на студентските протести: „Со максимален партиски ангажман и притисок врз партиските професори и финанасиска помош од соросовата фондација во земјава, најголемата опозициска партија СДСМ успеа да извлече на протестниот марш едвај две до три илјади лица на улица, што значи два процента од вкупниот број студенти.. Во Македонија според податоците има 60.000 студенти и 85.000 средношколци. Еден протест се смета за успешен ако на него излезат најмалку половина од овој број, односно 30.000 студенти и 40-ина илјади средношколци, кои на улиците би резултирале со бројка од 70.000 луѓе (10 декември 2014 година).

140 Полицијата потоа го испрашуваше во врска со беспилотното летало.

141 Снимката беше преземена и објавена и на интернет-страницата Раша тудеј (RT).

Иако на овие фотографии немаше истакнати никакви обележја на некоја политичка партија или организација, едно од известувањата, кое вклучуваше тврдења дека протестот го поттикнала опозицијата, беше придружено со фотографија преземена од профилот на „Фејсбук" на една демонстрантка на која таа е прикажана со партиското знаме на СДСМ. Нејзината објава на Фејсбук повикува на поддршка за студентскиот протест. Во друг текст, фотографија од повозрасно лице што го поддржува протестот со високо кренат студентски индекс беше искористена како илустрација за наводна партиска оркестрација, тврдејќи дека „многу стари лица, кои најверојатно по партиска директива се вклучија во маршот".



Фотографија: Членка на опозициската партија СДСМ и нејзиниот син заокружени како учесници на еден од студентските протести. Извор: www.netpress.com.mk

Фотографиите од порталот Курир беа објавени и на телевизиските канали *Канал 5* и *ТВ Сител*. Снимките во гро-план што ги искористија овие медиуми не им овозможија на гледачите да стекнат впечаток за вистинските размери на протестите. Нивните известувања опфаќаа тврдења дека протестирале пратеници и активисти на СДСМ, како и претставници на Соросовата фондација, иако на видеоснимката демонстрантите не покажаа никакви партиски обележја.

4.1.1.5. Неквалитетно високо образование: државниот испит како дел од решението

Прикажувањето на „проблемите" поврзани со генерално слабиот квалитет на образованието и со корупцијата беше уште една рамка во известувањето на овие медиуми, навестувајќи дека предложените реформи се напредок во изнаоѓањето ефективно решение на овој проблем. Во одбрана на предлогот, *ТВ Сител*, *Канал 5*, *МТВ1* и Курир го врамија државниот испит како дел од реформата на високото образование што би ѝ ставила крај на практиката на корупција и „купување" дипломи, што ќе го подобри оценувањето на знаењето на студентите и генерално ќе го подобри високообразовниот систем во земјата (в. Табела 1). Ваквите врамувања беа поткрепени со изјави од неколку универзитетски професори што се појавија како стручњаци во известувањата на некои од овие медиуми.

Известувањето на *МТВ1* вклучуваше тврдења дека воведувањето државен испит ќе ѝ стави крај на практиката да им се доделуваат дипломи на студенти што ги немаат потребните знаења и со тоа ќе го подобри квалитетот на високото образование.[142] На сличен начин, *Канал 5* го врами државниот испит како практика што ќе го гарантира соодветниот степен на знаење на студентите кои како резултат ќе добиваат повредни дипломи, и ќе го подобри квалитетот на високото образование, со што ќе им обезбеди подобра иднина на студентите.[143]

И Курир известуваше за ниските критериуми и несоодветната оцена на знаењата на студентите, додавајќи дека студентите треба да го поддржат државниот испит бидејќи ќе покаже колку реално се оценуваат студентите и ќе ги надополни знаењата, „ќе внесе дополнителен квалитет во едукативниот процес, ќе ја наметне потребата од унапредување на квалитетот на професорскиот кадар што ја изведува наставата и, секако, ќе бара продлабочено внимание на студентите кон материјата која ја изучуваат".[144]

Во случаите кога овие медиуми посочија решенија за проблемот, тие главно беа врамени како потреба од јавни дебати што би ги вклучиле сите чинители за да се обезбедат добри реформски чекори. Дебатите беа врамувани и како подемократски начин за изразување на ставовите на граѓаните од уличните протести. Меѓутоа, ваквите известувања не споменаа дека плановите за образовни реформи беа развиени без консултација со студентите, во нетранспарентна постапка, што ја оправдуваше скепсата кај демонстрантите.

142 МТВ1, вести во 19.30 часот, 11 декември 2014 година.
143 Канал 5 ТВ, вести во 18.00 часот, 9 декември 2014 година, „Климовски: Концептот на државен испит е коректен".
144 Kurir.mk, „Муцунски: Студентите протестираат сами против себе", 10 декември 2014 година, http://kurir.mk/makedonija/vesti/181876-Mucunski-Studentite-protestiraat-sami-protiv-sebe

Табела 3. Прогностички рамки на *ТВ Сит̄ел*, *Канал 5*, *МТВ 1* и Курир

Решенија			
Главни рамки	**Број**	**Подрамки**	**Број**
Потреба од јавна дебата	**13**	**Јавна дебата што ќе ги вклучи сите чинители за да се дефинира концептот на државниот испит**	**7**
		Опсежна академска дебата за унапредување на образовниот систем	**3**
		Студентска поддршка за реформи во образованието	**3**

Горниве решенија беа идентификувани во интервјуата и изјавите на некои универзитетски професори (најчесто, сите медиуми ги емитуваа истите изјави) или пренесени од новинарите или од авторите на текстовите. Владините претставници не беа конкретно посочени ниту како одговорни за решенијата, ниту беа значително консултирани за решенијата. Освен овие решенија, прогнозите посочени во известувањата на *Канал 5*, *ТВ Сит̄ел*, *МТВ 1* и Курир најчесто беа во поглед на очекуваната примена на државниот испит и неговата полза за образовниот систем. Ова го илустрираат некои цитати: „Оваа реформа, според надлежните, треба да открие кои од универзитетите и факултетите им даваат диплома на студентите без тие да имаат какво било знаење и таквата пракса да се промени" (новинар, *МТВ1*, вести во 19.30 часот, 20 декември 2014 година); „на овој испит гледам како на една од можните реформски мерки кои треба да придонесат кон унапредувањето на квалитетот во високото образованието (...) спроведувањето на државниот испит и анализата на резултатите од него ќе покаже колку реално било оценувањето на знаењето на студентите од страна на нивните професори" (Дона Бајрактарова, универзитетска професорка, Kurir.mk, 10 декември 2014 година). Друг цитат експлицитно наведува дека решението би требало да биде студентска поддршка за предложените промени: „сметам дека не само што тие [студентите] не би требало да се противат на проверка за тоа 'колку зграбиле' од знаењето, туку напротив, оваа реформа истите треба да ја поддржат" (Александар Климовски, универзитетски професор, *Канал 5*, вести во 18.00 часот, 9 декември 2014 година).

И провладините медиуми и оние критички настроени кон Владата ја пренесоа изјавата на министерот за образование Абдулаќим Адеми дадена на денот по протестот, во која министерот укажа дека дебатата за концептот на државниот испит би требало да биде решението што ќе им стави крај на студентските протести (повеќе за ова подолу, во поглавјето за отчетноста).

4.1.1.6. Перцепција на политичка инструментализација на протестите

Постои генерално сфаќање дека протестите редовно или се организирани или присвоени од политичките партии, како што посочија соговорниците, поради што протестите тешко може да го избегнат политичкото етикетирање. Ова во голема мера се должи на силната партиско-политичка поделеност во земјата, што кај некои луѓе предизвикува сомнежи дали некогаш навистина постоеле автентични и автохтони движења во независна Македонија. Повеќето соговорници се согласија дека трите протестни случаи опфатени со истражувањето не биле оркестрирани од политички партии, но некои соговорници изразија сомневања во нивната автентичност. Марјан Николовски, новинар во *ТВ Сител*, истакна дека протестите биле многу подложни на партиско-политички интереси: „Според мене, изминативе дваесет години во Македонија немало граѓански протести, сите се иницирани заради нечија политичка корист".[145] И соговорникот од Министерството за внатрешни работи изјави дека последните години имало бројни случаи во кои протестите биле поддржани или организирани од опозицијата, додавајќи: „Многумина претставници на опозицијата се појавија дали како организатори, дали како поддржувачи на разни протести, така што дискутабилно прашање е колку тие (протестите) се независни, автохтони, а колку се поддржани од опозицијата".[146] Испитаниците укажаа и на извесни разлики меѓу протестните случаи во однос на нивната подложност на партиско-политички интереси. Притоа, протестите сосредоточени врз конкретни прашања, како ослободувањето на Кежаровски или прашањата опфатени со протестите за ГТЦ, како да беа восприемени како поавтохтони и независни од политичките партии од оние што вклучуваа посеопфатна критика на Владата. Во споредба со овие два случаи, студентските протести беа многу покритички настроени кон Владата, бидејќи студентското незадоволство беше поттикнато не само од најновите реформи туку и од сè полошата состојба на високото образование во земјата во последните 7-8 години, Законот за високо образование, кој често претрпуваше промени, како и лошите услови за студентите (на пр. катастрофалниот квалитет на студентските домови и сè повисоките школарини).

Покрај тоа, испитаниците посочија дека протестите редовно беа врамувани како политички оркестрирани, дури и кога фактички не беа, и дека медиумите одиграле клучна улога во овој поглед. На ова ниво на медијатизација на протестите, вклученоста на новинарите во протестите и солидарноста кај креаторите на медиумски содржини беа посочени како фактор што спречуваше протестите да бидат врамувани како политички инструментализирани (како во случајот со протестите за ослободување на Кежаровски).

145 Интервју со Марјан Николовски, уредник на вестите на ТВ Сител, спроведено на 15 април 2015 година.

146 Името е скриено по барање на испитаникот; исто така, Тодор Пендаров, советник за односи со јавноста во Македонското собрание, забележа дека протестите често биле „инструментализирани, а нашиот е редок примерок на земја во која има контрапротести на идентична тема". Интервју спроведено на 9 април 2015 година.

4.1.2. Врамување наклонето кон протестите и критички наспроти Владата

Телма, *Алсат-М*, НоваТВ и Плусинфо дадоа поинаков приказ на протестите од оној на *ТВ Сител*, *МТВ1* и Курир, и во поглед на опсегот на известувањето и на доминантните рамки. Главните теми обработени во овие медиуми беа поврзани со протестот и однесувањето на демонстрантите, вклучително и информации за собирите, организацијата и пораките на демонстрантите, како и притисоците врз студентите (во 14 од 30 анализирани текстови).

Овие медиуми подоследно известуваа за протестните дејства, со повеќе информации и повеќе снимки. *Телма* и *Алсат-М* емитуваа видеоснимки на голема и гласна толпа студенти како маршира по улиците и протестира пред Владата со транспаренти и свирчиња. Демонстрантите носеа црвени хартиени кругови на главите и покажуваа голем транспарент со „Стоп за лошите реформи", додека скандираа „Автономија!" И НоваТВ и Плусинфо редовно објавуваа вести за протестите, со слики и видеоклипови, понекогаш снимени од самите демонстранти. На денот на протестот, НоваТВ направи хронолошки преглед на протестите, покажа фотогалерија од толпа демонстранти со транспаренти, како и професионална и аматерска видеоснимка што ги прикажува демонстрантите како извикуваат пароли и свират со свирчиња. Меѓу нив беше и клипот снимен со беспилотно летало во сопственост на еден од студентите што покажуваше масовна излезност на протестот.[147]

Дел од насловите на известувањата на НоваТВ беа: „Студентскиот марш пред Мавровка [трговски центар во средиштето на Скопје]: Автономија, автономија!"; „Река студенти поддржани од граѓаните се движат кон Владата"; „Граѓаните им симнаа капи на студентите: Вие сте иднината!"; „Студентите пред Владата: 'Ние сме силата' и 'Сега ќе нè чуете'".

Телевизиските станици *Телма* и *Алсат-М* ги прикажаа настаните поподробно и со критички осврт. Уредувачката политика на *Телма* опфаќаше критики за Владата, како и за Министерството за образование и наука, за Одборот за акредитација и евалуација на високото образование, за универзитетското раководство и за студентскиот правобранител. Известувањата на *Алсат-М ТВ* понудија неколку алтернативни гледишта засновани врз ставот дека револтот на студентите е оправдан како реакција на нетранспарентното носење одлуки од страна на Владата.

Плусинфо користеа скриншотови од пораки од страниците на Студентскиот пленум на Фејсбук и на Твитер. Текстовите на порталот содржеа линкови до новинарски извештаи на други медиуми, како известувањата на локални новинари за меѓународните интернет-портали *Си-ен-ен ајрипорт* и *Балкан инсајт*, посочувајќи дека вестите за студентскиот марш беа пренесени на речиси сите влијателни медиуми во регионот.

147 Студентот подоцна беше приведен во полиција и му беше наредено да престане да го снима протестот. Извор: „Македонската Влада го ограничува снимањето на протестите со беспилотни летала". Достапно на: https://advox.globalvoices.org/2015/02/04/the-macedonian-government-clamps-down-on-filming-protests-with-drones/

Во однос на врамувањето, овие медиуми ги прикажаа протестите мошне позитивно, односно како реакција на лоша политичка иницијатива, а ги претставија и како најголемите протести што ја надминуваат партиската и етнонационалната поларизација. Во тој поглед, предложените реформи беа врамени како лоша политика што ќе му наштети на образовниот систем и ќе ја наруши автономијата на универзитетот (15 известувања). Некои од главните проблеми посочени во анализираните медиумски известувања беа поврзани со недоволната оправданост на воведување на државниот испит, неговото отфрлање од страна на Универзитетот и неговата неусогласеност со Законот за високо образование. Најпосле, овие медиуми упатија и на владиното етикетирање на протестите како политички инструментализирани и нејзиниот притисок врз средношколците да не се вклучуваат во протестите (в. Табела 2). Во осум медиумски известувања етикетирањето на протестите како партиско-политички инструментализирани беше врамено како алатка на Владата за нивна дискредитација, а девет известувања го прикажа одбивањето на Владата да разговара со студентите за државниот испит како проблем.

4.1.2.1. Образовни реформи врамени како нарушување на универзитетската автономија

Ако медиумите наклонети кон владејачката партија се обидоа да ги врамат образовните реформи како дел од владините заложби за подобрување на високото образование во земјата, медиумите што се критички настроени кон Владата претежно ги врамија реформите како избрзани, непродуктивни и како нарушување на универзитетската автономија.

Доминантните рамки на телевизиските станици *Телма* и *Алсат-М* и на интернет-порталите НоваТВ и Плусинфо беа дека државниот испит е дел од супстандарни, избрзани реформи и недоследни владини политики, и дека ќе ја загрози универзитетската автономија и ќе му наштети на квалитетот на високото образование, на студентите и на академскиот кадар. Овие медиуми ја критикуваа Владата не само поради неинвестирањето во образованието, туку и за прекршување на Уставот со загрозувањето на универзитетската автономија и академската слобода.

Телма ТВ, *Алсат-М*, НоваТВ и Плусинфо тврдеа дека државниот испит е неоснован и не е во согласност со Законот за високо образование и известуваа дека професорите и високообразовните институции го отфрлиле концептот за државен испит. Тие известуваа и за постојните нефункционални механизми на оценување на квалитетот на високото образование и недостигот од претходна анализа на ефектите од државниот испит, како и отсуството на дискусија со засегнатите страни. Она што овие медиуми најчесто го забележуваа е дека и покрај мноштвото проблеми што го зафаќаат образовниот систем во земјата, постои голема веројатност предложените реформи да ги продлабочат проблемите наместо да ги решат.

148 Некои текстови на интернет-порталите НоваТВ и Плусинфо не беа потпишани.

Студентите-демонстранти беа главниот извор што ги наведе проблемите во овие известувања, како и универзитетските професори и авторите на известувањата.[148] Некои илустративни наслови беа: „Студентскиот марш пред 'Мавровка' [трговски центар во средиштето на Скопје]: Автономија, автономија!"; „Предлогот за државен испит бил познат од октомври" (НоваТВ), „Државниот испит е непромислена мерка", „Дел од професорите на факултетите против државниот испит" (*Телма ТВ*).

Телма ТВ ги информираше своите гледачи дека концептот на државниот испит е неприфатлив за универзитетите и за повеќето професори и дека без претходна анализа на неговите можни ефекти, може да доведе до намалување на квалитетот на високото образование. *Телма*, како критика кон Владата, посочи дека Министерството за образование се обидува да го легитимира државниот испит дури и без поддршка од универзитетите. Во еден нивен новинарски извештај беше истакнато дека: „Дел од професорите и студентите (се) на иста линија" и се „согласуваат со многу од пораките, особено со онаа дека упорноста на власта по секоја цена да го реализира државниот испит е само вулгарна форма на насилие", како и дека во Македонија актуелната ситуација во образованието тешко се споредува со онаа од претходниот систем, „иако го нарекуваа недемократски режим".[149] Истиот извештај ја цитира оваа критика на владината политика од Љубица Костовска, универзитетска професорка: „Очигледно дека некој премногу си дозволува бидејќи мисли дека е најмоќен и дека сè знае во оваа држава. Непочитувањето на универзитетската фела (...) значи уништување на менталното здравје на оваа нација". Извештајот вклучуваше и споредба со претходниот комунистички систем, изложен од Ангел Георгиев, универзитетски професор во пензија: „Без оглед што се сметаше како недемократски режим, вакви работи не можеа да се случат тогаш. Сум учествувал во повеќе реформи на универзитетот (...), но вакво нешто не се случило". Единственото решение посочено во известувањето на *Телма ТВ* беше дека „Владата треба да соработува со професионалните организации и со студентите и да престане да манипулира".

НоваТВ пренесе дека предложениот концепт за државен испит е неуставен, дека ја загрозува автономијата на универзитетот и дека властите се обидуваат да наметнат построга контрола врз високообразовните институции. „Владата сè уште не посочува релевантна анализа на проблемите во високото образование", пишува порталот, додавајќи дека, „не се прават вистински инвестиции за подобрување на квалитетот на високото образование". НоваТВ информираше и дека државниот испит нема да го подигне квалитетот на високото образование и дека „брзите реформи раѓаат слепи студенти".[150] Телевизијата *Алсат-М* исто така пренесе дека државниот испит е несоодветен и неделотворен и дека Студентскиот пленум бара вистински и легитимни реформи во високото образование.

Спротивниот аргумент изнесен од Владата – дека државниот испит нема да навлегува во автономијата на универзитетот – се сосредоточи врз тврдењата

149 Телма, вести во 18.30 часот, 10 декември 2014 година.
150 NovaTV.mk, „Студентскиот пленум испорача барања до Владата", 10 декември 2014 година, http://novatv.mk/index.php?navig=8&cat=2&vest=18702.

дека оценувачите ќе ги избира Владата, а ќе ги предлагаат универзитетите, и дека ќе се бара заеднички прифатливо решение преку јавна дебата со чинителите, вклучувајќи ги и студентите. Но, како што е наведено подолу, критичарите на концептот не беа убедени, со оглед на сегашните начини на оценување.[151]

4.1.2.2. Најголемите, обединувачки и мултиетнички протести

Студентските протести во голема мера беа опишани како најобединувачките во македонската историја по осамостојувањето, и во дел од анализираните медиумски содржини и во направените интервјуа.

Телевизиските станици *Телма*, *Алсат-М* и порталите НоваТВ и Плусинфо го врамија студентскиот протест како најголемиот досегашен собир што ги надминал партиските и етнонационалните интереси и го опишаа како револт против севкупната проблематична состојба со демократијата во земјата и начинот на нејзиното управување. Поголемиот дел од известувањата се сосредоточија врз вклученоста на граѓанското општество во протестите и за причините за барањата на демонстрантите.

Плусинфо главно го врамуваше студентскиот протест како најголемиот во Македонија во двете децении самостојност, поддржан од сите етнички, верски, национални и политички заедници. Цитирајќи го порталот *Балкан инсајт*, Плусинфо објави текст за статијата насловена „Студентите го блокираа центарот на градот", која наведува дека над 12.000 студенти протестирале против владините планови.[152] Останатите три медиуми понудија сличен приказ на протестите, нагласувајќи ја поддршката од различни профили граѓани, вклучително и повозрасните и средношколците,[153] родителите и професорите,[154] како и поддршката од различни градови[155] и етнички групи. *Алсат-М ТВ*, која претежно емитува програми на албански јазик, пренесе, на пример, за поддршката од албанските студенти. Алсат-М ги пренесе и повиците на демонстрантите за мирен протест, без национално, верско или партиско влијание, во обид да покаже дека протестите ги надминуваат партиските и националните интереси. Неколкумина

151 Одборот за евалуација и акредитација на високото образование е главното тело овластено да ги оценува високообразовните институции во земјата. Одборот има бројни овластувања и може да ја оценува акредитацијата, и во извесни случаи и да ја повлече, ако утврди дека некоја програма е недоволно квалитетна и не е во согласност со законот. Некои универзитети редовно ангажираат надворешни евалуатори за да го вреднуваат квалитетот на нивните наставни програми и на кадарот. Освен тоа, универзитетите се обврзани да спроведуваат внатрешни евалуации на секои две години, кои се состојат од оцена на наставните програми, квалитетот на наставата, и оценување на наставниот кадар од страна на студентите. „Државниот испит ја крена на нозе академската заедница", достапна на: http://www.dw.com/mk/државниот-испит-ја-крена-на-нозе-академската-заедница/a-17979766.

152 „Стотици студенти, универзитетски професори и поддржувачи му рекоа 'Не' на владиниот план да воведе испит под државен надзор, во најголемиот протест што се одржал во Македонија за време на дводеценискатa независност", беше наведено во текстот. Plusinfo.mk,"И Си-ен-ен извести за директорите кои ги спречуваа учениците да излезат на маршот", 11 декември 2014 година, http://plusinfo.mk/vest/7473/i-si-en-en-izvesti-za-direktorite-koi-gi-sprecuvaa-ucenicite-da-izlezat-na-marshot.

153 НоваТВ пренесе дека студентскиот протест бил поддржан од повозрасните граѓани и од средношколците, кои им се придружија на студентите пред универзитетот, на улица и пред Владата. Насловите на некои од видеоснимките емитувани на порталот ги вклучуваа: Река студенти поддржани од граѓаните се движат кон Владата", „Дел од јавните личности го поддржаа студентскиот марш".

154 Алсат-М, на пример, известуваше за поддршката од родителите и професорите.

155 ТВ Телма пренесе дека и над илјада студенти и средношколци во другите градови одржаа масовни протести, наведувајќи во едно од известувањата дека членови на Студентскиот пленум не се само студенти, туку и голем број средношколци, кои ќе бидат засегнати од реформите во претстојните години.

од соговорниците исто така ја нагласија ваквата обединувачка карактеристика на протестите. Некои од нив посочија дека студентските протести обединиле луѓе од сите нишки на оштеството што се здружиле против високообразовните политики на Владата, која ја сметале за недемократска и неразумна. Ивана Туфегџиќ истакна дека ова било важно становиште во Студентскиот пленум: „Студентскиот пленум успева да ги разбива дискриминацијата и стереотипизирањето на луѓето, дури и во приватниот живот, и буквално нѐ прави подобри луѓе. Никој не е дискриминиран поради различните мислења и ставови, етничката припадност или сексуалната ориентација. Сите се прифатени".[156] Мухамед Зекири, главен и одговорен уредник на телевизијата *Алсат-М*, посочи дека Студентскиот пленум направил нешто што многу малку иницијативи и политички партии успеале да го постигнат: ги обедини различните етнички групи околу заедничка цел – подобро образование за сите граѓани. „Не постои ниту една политичка партија што на едно место ќе собере Албанци, Македонци, Турци и припадници на другите заедници".[157]

4.2. Владина отчетност: медиумско врамување и перцепција

Интервјуираните новинари и активисти го препознаваат отсуството на отчетност кај државните функционери и институции за време на протестите, како и кај минатите граѓански иницијативи или протести. Од друга страна, пак, интервјуираните функционери сметаат дека нивните институции се меѓу најодговорните во земјата.

Анализираните медиуми речиси воопшто не се осврнаа на прашањата за отчетноста и за одговорноста на Владата во своето известување за настаните поврзани со студентските протести. Како што постоеше поделба во начинот на којшто тие ги врамуваа протестите, така постоеја и јасни разлики кај медиумите во однос на тоа кој беше посочен како **креатор на проблемите** во нивните новинарски извештаи.

Од едната страна, во 10 од 30-те анализирани прилози кои ги објавија *Телма*, *Алсат-М*, НоваТВ, и Плусинфо, Владата и Министерството за образование беа посочени како одговорни за проблемите (како недостигот од јавна дебата за концептот на државниот испит или спротивноста на државниот испит со автономијата на универзитетот и Законот за високо образование). Владината незаинтересираност за дискусија со студентите, на пример, беше пренесена од НоваТВ, како и тврдењето дека министерот Абдулаќим Адеми „тврдоглаво" продолжувал да го наметнува концептот за државен испит.[158] Алсат-М го посочиле одложувањето на расправата за државниот испит и одбивањето на Владата да ги слушне барањата на студентите како дел од проблемот.[159]

156 Интервју со Ивана Туфегџиќ, претставничка на Студентскиот пленум, спроведено на 6 април 2015 година.
157 Интервју со Мухамед Зекири, главен и одговорен уредник во Алсат-М ТВ, спроведено на 11 април 2015 година.
158 NovaTV.mk, 9 декември 2014 година, „Атанасов: Нема јавна дебата за екстерно, прашањата се веќе направени": http://novatv.mk/index.php?navig=8&cat=2&vest=18677.
159 Алсат-М ТВ, вести во 22.30 часот, 9 декември 2014 година.

Од другата страна, *Канал 5 ТВ*, *МТВ1*, *ТВ Сител* и Курир во своето известување ги посочија СДСМ, Сорос, студентите и во одредена мера „опозициските медиуми" како одговорни за проблемите, како дел од нивната рамка на политичка инструментализација и бранење на државниот испит како мерка за подобрување на квалитетот на образованието. Во нивното известување, овие медиуми ги прикажуваа студентите како да им се противат на реформите во високото образование, а СДСМ и Сорос ги обвинуваа за непосредна агитација за протестирање и за злоупотреба на студентите за политички и партиски цели. Како поткрепа на овие тврдења, *ТВ Сител* пренесе дека СДСМ мобилизирала не само партиски членови, туку и луѓе што редовно ги мобилизирала за сите протести за да ги промовира своите политички цели.[160]

Кога ги посочуваа студентите како одговорни за проблемот и дека не ги поддржуваат образовните реформи, овие медиуми често се впуштаа во своевиден патернализам, коментирајќи дека студентите не се свесни за политичките манипулации зад протестите, дека не им се јасни причините за протестите или, пак, дека не ја сфаќаат ползата од предложените реформи.[161] Кога овие медиуми ги врамуваа протестите како партиски оркестрирани, ова беше наведено како единствениот проблем во текот на протестите, за кој СДСМ и Сорос беа посочени како главни виновници. Од друга страна, пак, причините за протестите беа занемарени, а предложените образовни реформи и државниот испит не беа поподробно анализирани.

Меѓутоа, во анализираниот примерок на медиумски известувања посебно недостигаше **критичка дискусија за отчетноста** на Владата, во поглед на тековната состојба со високото образование и спорните реформи. Ова особено важеше за *МТВ1*, *ТВ Сител*, *Канал 5* и Курир, кои воопшто не укажаа на владината отчетност, но дури и медиумите што обично се критички настроени кон владејачката партија и реформите не отидоа подалеку, освен што ги посочија Владата и владејачката ВМРО-ДПМНЕ како одговорни да изнајдат решенија, без подлабоко да ги анализираат механизмите потребни за да се разгледаат и да се решат проблемите поврзани со образовните реформи. Од вкупно 92 конкретни проблеми посочени во осумте анализирани медиуми, беа наведени можни решенија и прогнози само за 19, а само 8 упатуваат на Владата и Министерството за образование како актери што треба да понудат решенија. Дури и тогаш, решенијата за проблемите околу воведувањето на државниот испит во провладините медиуми генерално беа врамени како реформи за подобро високо образование и за пообјективно оценување на студентите, и како создавање широка платформа за јавна расправа што би ги вклучила студентите и сите останати чинители.

Но, ни медиумите што се сметаат за критички настроени кон Владата не понудија решенија и прогнози. Само во еден случај медиумското известување експлицитно повика на решение врамено како соработка меѓу Владата, професионалните организации и студентите за реформи на високото образование, т.е.

160 ТВ Сител, вести во 19.00 часот, 10 декември 2014 година.

161 Kurir.mk пренесе дека СДСМ и Сорос ги манипулираат студентите. Видете повеќе на: http://kurir.mk/en/?p=39658. И Канал 5 ТВ известуваше на сличен начин. За повеќе, видете на: http://kanal5.com.mk/vesti_detail.asp?ID=54452.

прифаќање на барањата на студентите и отфрлање на државниот испит. Ова беше наведено во прилог на *Телма ТВ* за отфрлањето на предложениот испит од страна на Правниот факултет во Скопје. Во прилогот беше пренесено и мислењето на професорите за тоа како предложениот испит може да му наштети на образовниот процес: „Заеднички став на неговите професори е дека тој би можел да предизвика постепено напуштање на испитните методи практикувани на факултетите под притисок на студентите соочени со неопходноста да го положат паралелното државно тестирање. Оттука, наместо да го зголеми, понуденият модел би можел да доведе до намалување на квалитетот на високото образование".[162] Истото известување укажа и дека фокусот на државниот испит врз студентите е сосем погрешен и дека треба да се пренасочи кон проблемот со акредитација на факултети што не ги исполнуваат стандардите, како што посочи скопскиот Правен факултет: „Фактот што Одборот [за акредитација е евалуација] извршил акредитација и на факултети кои не заслужиле да добијат решенија за акредитација, треба да биде основ Одборот веднаш да започне со евалуација на веќе донесените решенија за акредитација, а не да претставува основ за воведување на државни испити" (*Телма*, вести во 18.30 часот, 11 декември 2014 година).

4.2.1. Перцепција за лажната владина транспарентност и отчетност

Мнозинството испитаници, претежно новинари и демонстранти, посочија дека во Македонија практично нема владина транспарентност – предуслов за посеопфатна отчетност – и дека ова се покажало и во текот на трите протестни случаи. Некои соговорници пренесоа и дека отсуството на транспарентност кај Владата било клучната причина за протестните иницијативи во последните неколку години. Според една соговорничка: „Транспарентност, пред сè (...) недостига во Македонија, особено во последните десет години со оваа власт.".[163] Други соговорници додадоа и дека отсуството на транспарентност се протегало многу подолго од мандатот на тековната Влада и дека трае „последниве 24 години".[164] Меѓутоа, еден соговорник посочи дека ова особено важело за централната власт и дека општините биле „многу, многу потранспарентни" од централните министерства.[165]

Мнозинството испитаници се согласуваат дека владејачката партија упорно се труди да изгради имиџ на одговорност и транспарентност, без вистински показатели што би го поткрепиле овој имиџ. Во суштина, тие посочуваат дека Владата се впушта во политичка реторика, без да понуди соодветни информации и да ја адресира секоја критика упатена кон нејзините политики. Сања Васиќ, уредничка во *Телма ТВ*, забележува дека: „Измислија нов вид отчетност. Ќе излезат на прес-конференција, ќе зборуваат пет минути за некоја улица, тротоар, фабрика или што и да е, притоа одбивајќи да одговараат на прашања".[166] Иако е активна

162 Телма, вести во 18.30 часот, 11 декември 2014 година.
163 Интервју со Биљана Секуловска, уредничка на вестите на интернет-порталот НоваТВ, спроведено на 6 април 2015 година.
164 Интервју со Ивана Туфегџиќ, претставничка на Студентскиот пленум, спроведено на 6 април 2015 година.
165 Интервју со Никола Писарев, портпарол на иницијативата Го сакам ГТЦ, спроведено на 3 април 2015 година.

во претставувањето на тековните и идните работни планови пред своите гласачи, Владата се смета за затворена за јавна дебата, се впушта во едностране комуникација и избегнува да одговара на прашања од јавен интерес. Еден соговорник изјави: „Често велат 'тоа што ветивме, тоа остваривме' и 'дури остваривме и работи што не ги ни ветивме'".[167] Друга испитаничка, пак, вели: „Велат дека се отчетни, а кога ќе му поставите прашање на премиерот, тој ве бомбардира со барем педесет бројки и за нив тоа е отчетност. За вистинското прашање немаат одговор или не сакаат да го дадат".[168] Поради тоа, јавноста не е во тек кога се во прашање, на пример, парите потрошени на јавни проекти и не е доволно консултирана за јавните инвестиции, при што главниот пример за ова е *Скопје 2014*.[169]

За време на студентските протести, настан што предизвика контроверзии беше ненадејната промена на местото каде што Министерството за образование требаше да одржи јавна средба за образовните реформи со универзитетски претставници. На овој потег се гледаше како на уште еден пример за нетранспарентноста на Владата. Според дел од испитаниците, иако настанот бил отворен за јавноста, властите го смениле местото штом виделе дека медиумите и дел од студентите сакаат да присуствуваат на разговорите.[170] Биљана Секуловска, новинарка во НоваТВ, истакна: „Местото го сменија подоцна, зашто се плашеа од студентите или од медиумите, или од којзнае што. Апсолутно дејствуваа на скришен начин, и сè уште така дејствуваат".[171]

Некои соговорници сметаат дека Владата практикува некаква отчетност и транспарентност кога е под притисок дека треба да излезе на крај со повеќе проблеми и протести истовремено. Пример за ова би биле потезите на Владата по комбинираниот притисок од студентските протести, контроверзијата околу затворањето на Томислав Кежаровски и „бомбите"[172] на опозициискиот лидер Зоран Заев, кој објави бројни инкриминирачки телефонски разговори на владини фукционери. Според еден соговорник: „Владата почна да увидува дека не може да имаш премногу отворени фронтови против тебе во општеството, зашто на крајот на краиштата, ако отвориш премногу, крајот побрзо ќе ти дојде..."[173] Претстојното објавување на „бомбите" на Заев ја натера Владата да отпочне преговори со студентите, додека претходно претежно ги игнорираше. Освен тоа, приближно во истото време, Кежаровски беше ослободен под необични и неочекувани околности (од „здравствени причини", иако не се пожалил на посериозни здравствени проблеми), дента кога се одржа најголемиот протест за негово ослободување.

166 Интервју со Сања Васиќ, новинарка во Телма ТВ, спроведено на 4 март 2014 година.
167 Интервју со Зоран Димитровски, уредник на неделникот Фокус, спроведено на 6 април 2015 година.
168 Интервју со Тамара Чаусидис, претставничка на Иницијативниот одбор за ослободување на Томислав Кежаровски, спроведено на 3 април 2015 година.
169 В. http://skopje2014.prizma.birn.eu.com/en и http://www.balkaninsight.com/en/article/true-cost-of-skopje-2014-revealed.
170 Настанот беше документиран и во медиумите на интернет. За повеќе, видете на: http://www.mkd.mk/makedonija/politika/ministerstvoto-bega-od-studentskiot-plenum-plenumcite-trchaat-od-zgrada-vo („Министерството бега од Студентскиот пленум, пленумците трчаат од зграда во зграда").
171 Интервју со Биљана Секуловска, уредничка на вестите на интернет-порталот НоваТВ, спроведено на 6 април 2015 година.
172 Испитаниците го користеа терминот „бомба", кој сега вообичаено се користи за да се упати на објавените материјали.
173 Интервју со Зоран Димитровски, уредник на неделникот Фокус, спроведено на 6 април 2015 година.

Според испитаниците, традиционалните медиуми ретко бараат транспарентност од Владата, освен ретките критички настроени медиуми со мала гледаност (на пр. *Телма ТВ*, НоваТВ). Како што наведе еден соговорник, мнозинството медиуми во суштина ја промовираат лажната транспарентност на Владата со тоа што влегуваат во однос од интерес со Владата: „Транспарентноста се глуми (...) преку медиумите, кои во голема мера се корумпирани или се клиенти на Владата".[174]

4.2.2. Медиумски известувања критички настроени кон владините постапки за време на протестите

Медиумите критички настроени кон Владата посочуваа кон отсуството на транспарентност и отчетност на Владата во текот на протестите. Телевизиските станици *Телма* и *Алсат-М* и интернет-порталот НоваТВ известија за таинственоста на Владата, за нејзиното одбивање да се сретне со студентите и да ги разгледа нивните барања на денот на протестниот марш, и ја критикуваа што не открила дека за државниот испит се расправало на владините состаноци и дека предлогот на Министерството за образование и наука за државниот испит им бил познат два месеца пред протестот. НоваТВ пренесе: „Она што е најинтересно во документот [т.е. предлогот за образовни реформи], освен деталите за државниот испит, е и датумот 31 октомври 2014 година. Ако дописот е напишан на тој датум и подготвен за испраќање до претседателот на Интеруниверзитетската конференција, тогаш многу јасно се гледа игнорантноста на институциите кон студентите".[175] На денот на протестот, НоваТВ пренесе дека министерот за образование ја одбил понудата за средба од Студентскиот пленум, иако во повеќе пригоди посочил дека е отворен за дискусија со студентите. Дента по протестот, НоваТВ критички извести за изјавата на министерот Абдулаќим Адеми дека било рано да се вклучат студентите во расправа за државниот испит, додавајќи: „Студентскиот пленум ќе биде повикан на разговор во Владата откако ќе биде изработен конечниот предлог за државниот испит".

Телма ТВ критички известуваше за државниот испит, посочувајќи не само дека Министерството за образование неоправдано ги турка реформите, туку и дека Владата ги отфрла аргументите на студентите[176] и дека е решена да го воведе државниот испит и покрај неговото отфрлање од неколку факултети и скепсата кај мнозинството професори. *Телма ТВ* ја пренесе изјавата на министерот Адеми дека Владата „не мора секогаш да има усогласени ставови со универзитетот", како и ставовите на некои професори дека „Непочитувањето на универзитетската фела (...) значи уништување на менталното здравје на оваа нација". И *Алсат-М ТВ* го посочи нетранспарентното носење одлуки од страна на Владата, пренесувајќи: „Сите држави кои во себе имаат диктаторски елементи, прв елемент за инсталирање на правната диктатура е предизвикувањето забу-

174 Интервју со Џабир Дерала, претседател на ЦИВИЛ – Центар за слобода, спроведено на 7 април 2015 година.
175 NovaTV.mk, „Предлогот за државен испит бил познат од октомври", 9 декември 2014 година: http://novatv.mk/index.php?navig=8&cat=2&vest=18678.
176 Телма ТВ пренесе дека Владата не ги ислушала студентите и нивните барања на денот на протестите и информираше за разочараноста на Студентскиот пленум што не остварил средба со Владата и дека „рамнодушноста на Владата нема да ги поколеба".

на кај граѓаните и овој елемент најсвесниот граѓански слој го освести дека тука се подготвува еден манипулаторски механизам.".[177] Одложувањето на расправата за државниот испит *Алсат-М* го протолкува како преправање на Министерството за образование дека се грижи за високото образование.

4.2.3. Од игнорирање на протестите до мали промени во владините постапки

Владата не само што беше неактивна во комуникацијата со демонстрантите, со медиумите и со јавноста за време на протестите, туку, како што покажува и оваа анализа, ја пропушти можноста да го пренесе и да го образложи својот став преку медиумите и да ја убеди јавноста во легитимноста на својата одлука. Неколку соговорници посочија дека ова е пример за отсуството на отчетност кај Владата. Функционерите не влегуваа во директни разговори со демонстрантите и не даваа јавни изјави во кои би се осврнале на проблемите што ги посочија студентите. Владата не одржуваше прес-конференции како реакција на протестите, ниту даваше соопштенија за медиумите, ниту нејзини претставници учествуваа во политички дебатни емисии, а не, пак, да преземе итни мерки како резултат на протестните барања. Речиси сите соговорници се согласни дека Министерството за образование целосно го игнорираше Студентскиот пленум, иако на првите протести учествуваа над 3.000 луѓе. Како што вели претставник на Студентскиот пленум: „Нè игнорираа", додавајќи дека во ретките околности кога Владата стапила во комуникација, непосредните разговори не биле практика, туку „тоа го правеа преку медиумите".[178]

Испитаниците посочија и дека владините претставници не понудиле поткрепа за своите тврдења дека законските измени ќе го подобрат квалитетот на образованието во земјата. Според Тодор Пендаров, советник за односи со јавноста во Македонското собрание: „Нивната реторика се сведуваше на два елементи – дека протестите се партиско-политички, оркестрирани од добропозната политичка партија, и дека законот ќе донесе квалитет во образовниот систем, без да објаснат како".[179] Во двете свои јавни обраќања министерот Адеми не се осврна на барањата на студентите, ниту понуди суштински информации за концептот на државниот испит. Во првата изјава (од 9 декември 2014 година) посочи дека поради долгиот дневен ред на владиниот состанок не се расправало за образовните реформи. Во изјава дадена по маршот (11 декември 2014 година), министерот ја прогласи посветеноста на Владата кон отчетност во однос на прашањата што ги отворија демонстрантите и понуди јавна расправа за државниот испит. Меѓу другото, тој изјави: „Кога ќе излеземе со конкретен предлог, ќе ги повикаме студентите да се вклучат во дебатата за да најдеме заедничко решение, прифатливо решение кое во иднина ќе биде имплементирано од сите страни". Министерот изјави дека сè уште не остварил средба со никого зашто предлогот сè уште бил во фаза на подготовка и деталите од него не биле

177 Алсат-М ТВ, вести во 22.00 часот, 10 декември 2014 година.
178 Интервју со Дарко Малиновски, претставник на Студентскиот пленум, спроведено на 3 март 2015 година.
179 Интервју со Тодор Пендаров, раководител на Одделението за односи со јавноста и за изготвување на статистички материјали при Собранието на Република Македонија, спроведено на 9 април 2015 година.

јавни. „Во моментот кога ќе го презентираме, сите ќе бидат вклучени во дебатата, вклучително и студентите".

И провладините и критички настроените медиуми ја објавија изјавата на министерот и решенијата што тој ги опиша. Меѓутоа, треба да се спомне дека неговиот предлог за јавна расправа студентите и професорите го дочекаа со недоверба бидејќи Владата веќе имала развиено почетен, разработен план за државните испити, без притоа да ги вклучи студентите и универзитетите. Освен тоа, критичарите беа скептични во врска со целиот концепт на државен испит, ако се земат предвид постојните механизми за оценување на универзитетите во Законот за високо образование.

Како реакција на формирањето на Професорскиот пленум,[180] којшто го поддржуваше Студентскиот пленум, беше основана контраиницијатива, „Граѓанска иницијатива за поддршка на знаењето во високото образование", составена од околу 200 професори и асистенти што го поддржуваа владиниот концепт за државен испит. На средба со Претседателот на Република Македонија, организирана на барање на оваа иницијатива, се расправаше за потребите од реформи и за подобар квалитет на високото образование. Средбата се одржа еден ден откако Студентскиот и Професорскиот пленум се сретнаа со Претседателот и го замолија да ги запре измените на Законот за високо образование. Претседателот на крајот одлучи да не стави вето на измените.

Меѓутоа, според претставничка на Студентскиот пленум, имало промена во односот на Владата кога станало очигледно дека новиот закон нема да може да се примени без силен отпор од студентите. „Целосно бевме игнорирани и тоа траеше сè додека не видоа дека е контрапродуктивно да нè игнорираат", изјави Ивана Туфегџиќ. Студентскиот пленум, не само што порасна во број, туку и се впушти во разни активности (соопштенија за медиумите, повици за мобилизација на социјалните мрежи, поднесени барања до Министерството, итн.) и доби поддршка од Професорскиот пленум, од Наставничкиот пленум и од Средношколскиот пленум, даваше заеднички соопштенија со нив и ги поддржуваше нивните дејности. Во февруари 2015 година, пред студентите да го окупираат универзитетот, премиерот ненадејно закажа средба со претставници на Студентскиот пленум за да разговараат за новите реформи.[181] Тоа беше првпат премиерот директно да разговара со студентите. Како резултат од средбата, Владата ја одложи имплементацијата на реформите. Додека Владата да почне да го признава Студентскиот пленум како легитимна организација, студентите веќе организираа масовни протести и собраа поддршка од јавноста. Освен тоа, не толку посветениот однос на Владата кон предложените образовни реформи можеби се должеше на притисокот што растеше од неколку страни истовремено, вклучително и скандалот со прислушувањето што наскоро требаше да излезе во јавноста.[182]

180 Инспирирани од успехот и автентичноста на студентските протести, и други општествени групи формираа свои иницијативи (професори, средношколци, новинари, итн.). Зеде замав нов термин, „пленумизација", којшто го опишува трендот на создавање различни „пленуми".

181 „СП: Студентскиот пленум вонредно повикан во кабинетот на премиерот": http://www.radiomof.mk/sp-studentski-plenum-vonredno-povikan-vo-kabinetot-na-premierot/

182 Аудиоснимките почнаа да се објавуваат на почетокот на февруари 2015 година, но Заев и опозицијата месеци пред тоа најавија дека имаат докази дека функционери од владејачката партија извршиле тешки злосторства.

Некои од соговорниците посочија дека игнорирањето на протестите била главната реакција на Владата во текот на другите два случаи на протести случаи опфатени со ова истражување. Тоа е особено очигледно кај заложбите на демонстрантите од *Го сакам ГТЦ* да воспостават контакт со властите. Според Никола Писарев, портпарол на групата: „Не дадоа конкретни одговори на конкретни прашања. Ниту нам, ниту на медиумите". Маја Васева, новинарка од Плусинфо, изјави: „Јавноста беше дезинформирана, граѓаните добиваа погрешни информации, а кога ситуацијата излезе од контрола, се затвори и даваа нецелосни податоци. На крај, институциите нè спречуваа да си ја вршиме новинарската работа како што треба".[183]

4.2.4. Кои институции се најотчетни?

Не сите соговорници сметаат дека сегашната владина коалиција делува нетранспарентно и неотчетно. Според испитаникот од Министерството за внатрешни работи, „ситуацијата е драстично променета во споредба со претходната [коалиција, на власт до пред 10 години]; некои од партиите, како ВМРО-ДПМНЕ, промовираат отчетност за својата работа, но ја презентираат и својата програма за идните работни активности".[184]

Вреди да се спомне дека претставниците на јавните тела тврдат дека нивните институции се меѓу најтранспарентните и најотчетните во моменталната гарнитура.[185] Соговорникот од Министерството за внатрешни работи посочи дека: „Министерството е отчетно и транспарентно, не знам за другите институции".[186] Тодор Пендаров изјави дека Собранието на Република Македонија е „една од најотчетните институции во земјава".[187]

4.3. Улогата на медиумите во комуникациските практики на новинарите

Резултатите од анализата покажаа дека медиумите ги подредуваат дневните настани по приоритет. Но, тие понекогаш пренесуваа поширок рамки и значења додека ги претставуваа или ги критикуваа идеологијата и постапките на Владата и на демонстрантите. Резултатите од интервјуата покажаа дека медиумите честопати ги преземале информациите за протестните групи директно од нивните страници на социјалните мрежи (најави, вести, конференции, итн.). Како што беше посочено во претходните поглавја, ова истражување потврдува дека политичката поларизација во Македонија во голема мера го обликувала начинот на којшто студентските протести беа врамени во медиумите. Во овој дел дополнително ќе ја анализираме перцепцијата за генералната улога на

183 Интервју со Маја Васева, новинарка во Плусинфо, спроведено на 2 април 2015 година.
184 Испитаникот побара анонимност.
185 Треба да се спомне дека неколку државни институции ги одбија барањата за интервју. Од Основниот суд во Скопје рекоа дека ги информирале медиумите за случајот на Кежаровски, а не биле во положба да понудат темелни одговори за другите два случаи.
186 Испитаникот побара анонимност.
187 Интервју со Тодор Пендаров, раководител на Одделението за односи со јавноста и за изготвување статистички материјали при Собранието на Република Македонија, спроведено на 9 април 2015 година.

медиумите во покривањето на протестите, како и прашањата за темелноста на известувањето, изворите што ги користеа медиумите и вниманието што им го посветија на протестите во своите известувања.

4.3.1. Медиумите како едукатори наспроти поттикнувачи

Мнозинството испитаници потврдуваат дека масовните медиуми, особено телевизијата, сè уште им се главните средства за информирање на повеќето граѓани на Македонија, а тоа играло улога и во протестите опфатени со ова истражување. Испитаниците воглавно се согласуваат дека улогата на медиумите во едно демократско општество е да ја информираат јавноста и да им овозможат на граѓаните да градат информирани ставови за актуелните теми. Дел од соговорниците истакнаа дека медиумите треба да играат улога на едукатори на јавноста, да прикажуваат различни мислења и ставови на засегнатите актери без да заземаат страна: „Медиумите играат значајна улога како пренесувачи на сè што се случува и како пренесувачи на пораките од граѓанските иницијативи, но ги пренесуваат и мислењата и ставовите на сите актери – Владата, поширокаата јавност и други чинители – за тие иницијативи и нивните барања".[188] Други испитаници укажуваат дека во некои случаи медиумите треба да играат поактивна улога. Марјан Николовски од *ТВ Сител* изјави: „Од една страна, медиумите ја играат улогата на поттикнувачи, креатори на кризи и на елемент на радикализација. Ова го мислам во смисла на зголемување на излезеноста на некој граѓански протест за постигнување политичка цел. (...) Од друга страна, може и да ја разоткријат таквата идеја, повторно во функција на друга политичка инсталација".[189]

Соговорниците претежно потврдуваат дека медиумите не одиграле демократизирачка улога за време на протестите, туку давале едностранн, или во најдобар случај површни, известувања за протестите. Иако ниту еднаш не беше посочен случај кога медиумите не ѝ давале пристап на некоја од релевантните страни за време на протестите, се смета дека медиумските практики воглавно ја отсликувале моменталната состојба на медиумска поларизација на земјата. „Неизбежно е да се забележи сериозната поларизација на медиумите, монополот врз вистината од едната страна, кај едните медиуми, и монополот врз вистината на другата страна, кај другите медиуми. На граѓаните им остануваат два монополи врз вистината, па мора да решат на кој монопол да му веруваат".[190] Во согласност со медиумските рамки претставени погоре, мнозинството испитаници ги наведоа *ТВ Сител*, *Канал 5* и *Алфа ТВ*, како и Курир, како медиуми што ги прикажале протестите во негативна смисла (особено преку нивното врамување на протестите како да се политички оркестрирани од опозицијата и Сорос)

188 Интервју со Сања Васиќ, новинарка во Телма ТВ, спроведено на 4 март 2015 година.
189 Интервју со Марјан Николовски, уредник на вестите на ТВ Сител, спроведено на 15 април 2015 година.
190 Интервју со Ивана Туфегџиќ, претставничка на Студентскиот пленум, спроведено на 6 април 2015 година. Ова го потврди испитаник од Министерството за внатрешни работи, кој побара да остане анонимен: „Моето лични мислење е дека известувањето драстично се разликува од еден медиум до друг (...) во однос на спомнатите протести".

и покажале наклонетост кон Владата.[191] Мнозинството интервјуирани активисти и новинари ги истакнуваат *Телма ТВ*, *24 Вести* и *Алсат-М ТВ* како медиуми што за протестите известувале посеопфатно, попрофесионално и непристрасно. Според Ивана Туфегџиќ, која беше постојано вклучена во активностите поврзани со односите со јавноста на Студентскиот пленум, „*Телма*, *24 Вести* и *Алсат* најредовно комуницираа со нас".[192] За поларизацијата се смета дека е присутна кај сите медиуми: „Телевизиските, онлајн и печатените медиуми се слично поларизирани", наведе Сања Васиќ, уредничка во *Телма ТВ*. „Меѓу провладините медуми, би ги спомнала *Прес24*, Курир, *Република*". Испитаниците посочуваат и дека провладините медиуми се побројни и помоќни: „Тие [опозициските медиуми] се во малцинство, бидејќи другите медиуми зад себе ја имаат Владата".[193]

4.3.2. Недостиг од темелно, истражувачко новинарство

Очигледно беше кај сите анализирани медиуми, и поткрепено од неколкумина од соговорниците, дека медиумите воглавно не даваа длабински истражувачки увид во сложените проблеми што го мачат високото образование во Македонија, како што не дадоа ни сеопфатен преглед на предностите и недостатоците од применувањето на предложените реформи. Освен тоа, анализираните медиуми не понудија разновидност во прикажувањето на проблемите или решенијата и во посочувањето на одговорните актери. Секој од медиумите со текот на времето појавуваше тенденција протестите да ги врамува на истоветен начин, а во известувањето превладуваше истиот фокус: или ги осудуваше протестите и нивната политичка инструментализација од опозицијата, или ги поддржуваше протестите и ја критикуваше Владата за лошите реформи и за начинот на владеење, без да понуди темелен увид во сложеноста на спроведување огромен ремонт на образовниот систем. Притоа, секојдневното известување во голема мера беше реактивно и сосредоточено врз протестните настани и беше применет селективен пристап кон изворите, без оглед дали ги поддржуваат протестите или државниот испит. Некои прилози на Курир, *ТВ Сител* и особено на *Канал 5* воопшто не наведоа извори, а описите и толкувањата на настаните во суштина беа изнесување мислења, а не известувања. Медиумските известувања не вклучија ни дискусии со владини претставници за нивната отчетност. Соговорниците посочија дека и отсуството на комуникација кај Владата придонело кон ваквиот проблем.

Тоа што медиумите не понудија квалитетно истражувачко новинарство за време на протестите испитаниците го протолкуваа како резултат и на политичките определби и недоволните ресурси, дури и кадровски. Марјан Николовски од *ТВ Сител* посочи дека многу медиуми функционираат во „минимални, дури и помалку од минимални" услови.

191 На пример, Константин Битраков, претставник на Студентскиот пленум што беше вклучен во преговорите со Владата во подоцнежната фаза од протестите, изјави дека „една група медиуми (...) Канал 5, ТВ Сител и јавниот радиодифузен сервис МТВ, во голема мера не ги покриваа нашите активности, а дури и кога го правеа тоа, ги покриваа според своите предубедувања за тоа што се случило". Интервју спроведено на 8 мај 2015 година.

192 Интервју со Ивана Туфегџиќ, претставничка на Студентскиот пленум, спроведено на 6 април 2015 година.

193 Интервју со Тодор Пендаров, раководител на Одделението за односи со јавноста и за изготвување на статистички материјали при Собранието на Република Македонија, спроведено на 9 април 2015 година.

4.3.3. Изборот на извори како показател на медиумската пристрасност

Впечатливо е што рамката на политичка инструментализација на протестите што превладуваше во известувањето на *ТВ Сител*, *Канал 5*, *МТВ1* и Курир првенствено ја одредуваа самите новинари и уредници (12 пати во 21 известување, особено во известувањата на Курир). Неколку универзитетски професори (во 4 известувања) и министерот за образование (во 4 известувања) беа другите извори што ги дефинираа проблемите во вестите.

Табела 4: Фреквентност на изворите на информации по медиумски известувања

	Новинар	Министер за образование	Професори	Студенти
Канал 5 ТВ	**1**	**/**	**2**	**1**
ТВ Сител	**2**	**1**	**/**	**/**
МТВ1	**1**	**2**	**/**	**2**
Kurir.mk	**8**	**1**	**2**	**/**
Вкупно	**12**	**4**	**4**	**3**

Студентите што протестираа најмалку беа консултирани за прашањата (трипати). Од друга страна, професорите што беа избрани како извори како да беа одбрани тенденциозно. И *Канал 5* и Курир консултираа универзитетски професори што го поддржуваа воведувањето на државен испит како средство за подобрување на квалитетот на високото образование.

Курир имаше најсомнителни практики во тој поглед. Додека авторите на известувањата најчесто ги дефинираа проблемите без да се повикаат на други извори, тие не беа потпишани ниту со име и презиме, ниту со иницијали. Ова, што не е за изненадување, е вообичаена практика за медиум што нема податоци за уредништвото (импресум) на главната страница. Анализата на содржината покажа и дека делови од текстовите на интернет-порталот беа речиси истоветни со известувањата на главните вести на *Канал 5* и *ТВ Сител*. На пример, следниов пасус од статија на Курир беше искористен во прилозите и на двете телевизиски станици:

Со максимален партиски ангажман и притисок врз партиските професори и финанасиска помош од соросоваша фондација во земјава, најголемаша опозициска партија СДСМ успеа да извлече на протестниош марш едвај две до три илјади лица на улица, што значи два процента од вкупниош број сшуденши. Во Македонија според подашоците има 60.000 сшуденши и 85.000 средношколци. Еден прошесш се смеша за успешен ако на него излезаш најмалку половина од овој број, односно 30.000 сшуденши и 40-ина илјади средношколци, кои на улицише би резулширале со бројка од 70.000 луѓе.

За разлика од провладините медиуми, кај медиумите што се критички настроени кон Владата главниот извор што ги опишуваше проблемите беа претставници на Студентскиот пленум (во 17 известувања), како и универзитетски професори (6 известувања).

Табела 5: Фреквентност на изворите на информации по медиум

	Студенти	Професори/ стручњаци	Новинар	Министер за образование	Политичари на СДСМ
Телма ТВ	**5**	**4**	**1**	**1**	**1**
Алсат-М ТВ	**3**	**1**	**/**	**2**	**/**
NovaTV.mk	**5**	**1**	**4**	**1**	**1**
Plusinfo.mk	**4**	**/**	**2**	**/**	**/**
Вкупно	**17**	**6**	**7**	**4**	**2**

Овие медиуми воглавно овозможуваа прикажување различни интереси и противставени гледишта. Известувањата на *Алсат-М ТВ* содржеа разни гледишта и алтернативни перспективи, вклучително и ставови од различни студентски здруженија и факултети, покрај Студентскиот пленум и професорите што му се противат на концептот на државен испит; претставени беа и ставовите на Министерството за образование (в. табелата погоре).

4.3.4. Маргинализацијата на протестите како показател на медиумска пристрасност

Кај некои медиуми беше забележана и значителна маргинализација на протестите. На денот на студентскиот протест (10 декември 2014 година), јавниот радиодифузен сервис *МТВ1* го покри студентскиот марш само во еден прилог, пренесувајќи во најавата на прилогот дека ситуацијата му противречи на одрекувањето на Студентскиот пленум дека има партиска вмешаност и тврдејќи дека на протестите присуствувале активисти на СДСМ и на Соросовата фондација. За разлика од другите провладини медиуми, *МТВ1* понуди поголема разновидност на актери што ги посочија проблемите (в. Табела 4 погоре) и ги прикажа барањата на Студентскиот пленум пред и за време на протестите, како и изјавите (дел од нив парафразирани) од Министерството за образование, но протестните настани беа прикажани на средината или кон крајот на прегледот на вестите. Другите медиуми од оваа категорија не им дадоа можност на изворите од другата страна да ги изразат своите ставови. Иако им овозможија на повеќе актери да ги посочат проблемите, известувањата и изворите на *Канал 5* имаа речиси истоветни гледишта и ги бранеа образовните реформи.

Исто така, во анализираниот период, три известувања за протестните настани на *Канал 5* беа емитувани на средината на вестите. Изјавите на претставниците на Студентскиот пленум и на демонстрантите беа емитувани само на денот на протестот, и тоа по коментар од главниот и одговорен уредник на вестите.

Најпосле, во трите известувања на *ТВ Сител* немаше разновидност на мислења, при што честопати самите новинари ги опишуваа проблемите. Прилозите беа емитувани на средината на вестите, навестувајќи дека протестите не биле меѓу главните настани на денот.

Сè на сè, овие медиуми не се потрудија да ги прикажат ставовите на демон-

странтите, покрај приговорите од разни страни што бараа дебата и одложување на реформите. Меѓутоа, некои прилози на овие медиуми прашањето го врамија во склоп на општата категорија на потреба од поширока расправа за тоа како да се конципира државниот испит и како да се реформира високото образование, но во голема мера ги маргинализираа барањата на студентите и не повикаа на отчетност на Владата.

Од друга страна, пак, медиумите со уредувачки политики што се критички настроени кон Владата – *Телма*, *Алсаш-М*, НоваТВ и Плусинфо – на својата публика ѝ понудија повеќе информации за настаните и прашањата поврзани со протестите (18 од 32 прилози на телевизија и на интернет). Овие медиуми ги сместија настаните поврзани со протестите меѓу главните вести и им посветија значително време на своите интернет страници и за време на централните вести. Некои од овие медиуми ги користеа и профилите на демонстрантите на социјалните мрежи како релевантни извори на информации. Плусинфо презимаше информации објавени на официјалниот профил на Студентскиот пленум на „Твитер", како следнава порака: „Притисокот продолжува, но нема да нè запрат. Ова е само почетокот!"[194] Плусинфо во целост го објави писмото со барања што студентите го доставија до Владата и ги информираше своите читатели дека „на протестот нема ниту еден присутен со партиско обележје".[195]

4.4. Комуникациските практики на граѓаните/демонстрантите

Општо земено, медиумите имаа слободен пристап до трите протестни групи што се предмет на ова истражување. Повеќето испитаници од медиумите се согласуваат дека сите движења беа многу отворени за медиумите и дека не им го ограничувале пристапот на новинарите на барања за информации, но имало случаи кога протестните движења го ограничиле пристапот на медиумите на некои од собирите.

Сепак, постои значителна разлика меѓу анализираните протести, главно поради фактот што Иницијативниот одбор за ослободување на новинарот Томислав Кежаровски вклучуваше истакнати новинари од земјата, што го олесни медиумското претставување на протестите и главно им овозможи на медиумите да дојдат до релевантни информации за целите на протестите.

194 www.plusinfo.mk, 10 декември 2014 година.
195 www.plusinfo.mk, 10 декември 2014 година.

4.4.1. Забрана за пристап на медиумите

Студентскиот пленум беше генерално отворен за медиумите и им даваше целосен пристап, но и редовно ги информираше преку соопштенија за медиумите, изјави и прес-конференции. Меѓутоа, Пленумот понекогаш им го ограничуваше пристапот на одредени медиуми. Соговорниците претежно ги оправдуваат ваквите постапки поради неискуството на демонстрантите во односите со медиумите, како и со стравот од негативно известување. Во една пригода, не му беше даден пристап до автономната универзитетска зона на новинар од јавниот радиодифузен сервис *МТВ* откако се обиде да земе изјава од претставници на Пленумот. Претставници на Пленумот велат дека не му бил даден пристап поради нивното „сомнително известување" за случајот на Кежаровски, за којшто сметаа дека беше неправедно покриен во „провладините" медиуми. Дел од испитаниците сметаат дека оваа нивна постапка била „непотребна" и „избрзана", водена од емоции, показател на неискуството во комуникацијата. „Не знам дали воопшто имаа стратегија на почетокот, ми личеа неорганизирани и хаотични", изјави еден соговорник - продуцент на вести во национална телевизија.[196]

Соговорниците од телевизијата *Канал 5* наведоа дека претпазливоста на претставниците на Студенскиот пленум претставувала значителна препрека. Кога новинари од оваа телевизија се обиделе да земат изјава од Пленумот, „беа резервирани и сомничави кон нас, дури и малку нè игнорираа".[197] Гневот на студентите поради начинот на којшто некои медиуми ги покриваа пленумските активности ја поттикна ваквата неволност да стапат во комуникација со нив: „Гледаат дека си новинар на *Канал 5* и не сакаат да комуницираат со тебе".

Меѓутоа, неволноста на демонстрантите како да влијаеше и врз комуникацијата со попријателски настроените медиуми. Една новинарка забележа: „На почетокот ни забранија да ги снимаме со камерата. (...) Првиот пат дури се обидоа и насилно да ги истуркаат новинарите. Не сфативме дека се обидуваа да се организираат и дека беа исплашени".[198] Притоа, постоеше генерален страв кај студентите од извртување на информациите во медиумите, што ја попречи нивната поактивна комуникација со медиумите.

Освен ваквите изолирани случаи, Студентскиот пленум го ограничуваше пристапот на медиумите до нивните интерни средби, на кои расправаа за важни стратегиски прашања кои „не беа наменети за јавноста, со цел внатрешна координација на Пленумот".[199] Претставник на пленумот истакна дека одлуката да не се дозволи медиумски пристап на нивните интерни состаноци произлегла од претходна злоупотреба од страна на новинар: „Беше присутен некој новинар и оддаде некои информации, па решивме да не им дозволуваме на медиумите да влегуваат на интерните пленумски состаноци".[200]

196 Интервју со продуцент на вестите на една национална телевизија, кој побара да остане анонимен.
197 Интервју со продуцент на вестите на една национална телевизија, кој побара да остане анонимен.
198 Интервју со Сања Васиќ, новинарка во Телма ТВ, спроведено на 4 март 2015 година. Константин Битраков, претставник на Студенскиот пленум, забележа дека „во некои ситуации беше потребно да направиме внатрешна координација без да комуницираме со медиумите и поширокатa јавност". Интервју спроведено на 8 мај 2015 година.
199 Интервју со Константин Битраков, претставник на Студентскиот пленум, спроведено на 8 мај 2015 година.
200 Интервју со Дарко Малиновски, претставник на Студентскиот пленум, спроведено на 3 март 2015 година; немаше конкретни податоци за тоа каква информација откриле новинарот.

Иницијативата *Го сакам ГТЦ*, пак, никогаш не држеше такви затворени средби. „Сите состаноци, од првиот до последниот, беа отворени за јавноста".[201] Оваа иницијатива беше поинаква од Пленумот во однос на составот и организацијата, со оглед на тоа што вклучуваше искусни активисти што се „одлично организирани и свесни за улогата на медиумите во случај на граѓанска акција".[202] И иницијативата за ослободување на Кежаровски беше во предност зашто ја предводеа истакнати новинари искусни во изразување на своите барања и способни да обезбедат медиумска покриеност. Како што изјави еден интервјуиран уредник: „Со движењето за Кежаровски беше полесно зашто станува збор за новинари што беа дел од движењето кое ги организираше протестите и комуникацијата со нив беше коректна и нормална".[203]

Меѓутоа, Студентскиот пленум, според испитаниците, значително ја подобрил својата комуникација во текот на протестите. Иако нивните канали на комуникација со медиумите и со јавноста (освен нивната страница на Фејсбук) не беа јасни и нивните барања не секогаш беа јасно артикулирани преку медиумите, комуникациските практики на Студентскиот пленум созреваа како што растеше оваа иницијатива.[204] Според Маја Васева, новинарка за Плусинфо: „Пред окупацијата стана јасно дека ги прифатија медиумите како важна алатка во целиот процес". Биљана Секуловска забележа дека, со текот на времето, студентите го препознале својот потенцијал. „На почетокот им недостигаше храброст и решителност. Но, со текот на времето, станаа свесни за својата моќ, влијание, се обидоа да воспостават контакт, да се поврзат со медиумите, па дури се обидуваа и самите да нè исконтактираат, нас, НоваТВ. Ни се јавија".[205] И испитаниците од Студентскиот пленум изјавија дека имале поучно искуство во поглед на комуникцијата. „Како што минуваше времето, ни стануваше јасно дека мора да имаме некаква комуникација со медиумите и да бидеме поотворени".[206]

Од етикетирање до брендирање

Во претходните делови на извештајов ја спомнавме практиката на медиумите да користат визуелни производи со цел да издвојат и да етикетираат некои од демонстрантите како припадници на опозициската партија и сосем да ги делегитимираат протестите. Таквиот приказ на протестите поттикна креативни дејства кај демонстрантите. Тие носеа црвени кругови од хартија околу главите,

201 Интервју со Никола Писарев, портпарол на иницијативата Го сакам ГТЦ, спроведено на 3 април 2015 година.
202 Интервју со Маја Васева, новинарка во новинскиот интернет-портал Плусинфо, спроведено на 2 април 2015 година.
203 Интервју со Мухамед Зекири, главен и одговорен уредник во Алсат-М ТВ, спроведено на 11 април 2015 година.
204 Дел од испитаниците дури забележаа и дека квалитетот на комуникацијата на другите движења бил слаб во споредба со Студентскиот пленум. „Мислам дека им одржаа добра лекција на Професорскиот и Наставничкиот пленум, како и на други организации што имаат свои одделенија за односи со јавноста". Интервју со Џабир Дерала, претседател на ЦИВИЛ – Центар за слобода, спроведено на 7 април 2015 година.
205 Интервју со Биљана Секуловска, уредничка на вестите на интернет-порталот НоваТВ, спроведено на 6 април 2015 година.
206 Интервју со Дарко Малиновски, претставник на Студентскиот пленум, спроведено на 3 март 2015 година.

изјавувајќи за медиумите дека така правеле зашто им било смачено од обидите на Владата да ги дискредитира политички. Едно од соопштенијата на студентите емитувано во медиумите гласеше: „Повикуваме да нема покажување апсолутно на никакви партиски и национални симболи зашто тоа ќе предизвика контраверзност и ќе се сфати Пленумот во негативна конотација, како што досега нè брендираа во многу негативни конотации и дефинитивно се оградуваме од сите партиски влијанија“.[207]

И граѓаните што ја поддржуваа студентската кауза се обележаа со црвени кругови на профилните слики на Фејсбук и на Твитер. Генералното значење на ова беше да се посочи дека ваквото етикетирање од провладините медиуми како „соросоиди“ и членови на СДСМ се користи како алатка против секој што ќе искаже независно мислење и нема да се согласи со Владата. Притоа, круговите што граѓаните ги закачуваа на своите профилни слики беа придружени од слоганот „Мислам, значи сум заокружен“. Така, студентите укажаа на апсурдноста на тврдењата на медиумите, им го одзедоа првичното значење и ги користеа за самопромоција и мобилизација (стекнувајќи поддржувачи што ќе им помогнат да ги осуетат тактиките на медиумите).[208]



Фото: Ванчо Џамбаски

Фотографија: Студенти со хартиени кругови околу главите ги исмеваат медиумите што ги обвинија дека се оркестрирани од опозициската партија. Извор: www.slobodenpecat.mk

207 Телма ТВ, „Студентите утре повторно на марш“, вести во 18.30 часот, 10 декември 2014 година.
208 Kurir.mk, како и провладините телевизии, на крај престанаа да ги заокружуваат студентите и членовите на опозицијата.

4.5. Улогата на социјалните мрежи

Протестните иницијативи во сите три случаи во голема мера се потпираа врз комуникацијата преку социјалните мрежи, кои ги користеа за да ги информираат јавноста и учесниците за причините за протестите и за нивните идеи, како и да ги мобилизираат граѓаните да учествуваат во протестните настани. Како што забележува еден активист: „Да не беше комуникацијата на интернет, нивната кауза немаше да биде толку видлива во јавноста и нивниот раст ќе беше попречен".[209] Но и покрај клучната улога на социјалните мрежи во информирањето и мобилизацијата, соговорниците посочуваат дека сè уште се потребни традиционалните медиуми за протестните пораки да стигнат до поширокатa јавност. Како што истакна Константин Битраков: „Луѓето сè уште посериозно ги сфаќаат вестите што доаѓаат од медиумите, особено од некоја национална телевизија, отколку од страница на Фејсбук".[210]

4.5.1. Користење на социјалните мрежи и за мобилизација и за информирање

Студентскиот пленум силно се потпираше врз платформите на социјалните мрежи за информирање и за мобилизација. Неколкумина од интервјуираните демонстранти го посочија Фејсбук како доминантната платформа преку која Пленумот допирал до своите целни групи. Дарко Малиновски, вклучен во комуникацијата на Пленумот со јавноста, изјави дека социјалните мрежи биле клучни во допирањето и до нивните колеги и студенти, како и до другите групи што ги поддржувале. „Фејсбук беше еден од главните извори што ни го олесниј животот, во однос на комуникацијата со нашите целни групи, но и со граѓаните што не се дел од студентската популација".[211] Фејсбук ја играше главната улога во мобилизацијата: „служеше за мобилизација, особено во периодот кога се држеа протестите, за повикување на сите граѓани да ги поддржат студентските протести".[212]

Испитаниците упатуваат на предноста на лесната и брза комуникација преку социјалните мрежи, наспроти традиционалните медиуми, поради што „многу често соопштенијата за медиумите прво беа објавувани на страницата на Студентскиот пленум на Фејсбук, па беа преземани од медиумите, не обратно".[213] Интервјуираните новинари потврдуваат дека честопати ги преземале соопштенијата за медиумите од страниците на Фејсбук на протестните движења. Според

209 Интервју со Џабир Дерала, претседател на ЦИВИЛ – Центар за слобода, спроведено на 7 април 2015 година.

210 И еден испитаник од Собранието смета дека „телевизијата сè уште е главниот извор". Интервју со Тодор Пендаров, раководител на Одделението за односи со јавноста и за изготвување на статистички материјали при Собранието на Република Македонија, спроведено на 9 април 2015 година.

211 Интервју со Дарко Малиновски, претставник на Студентскиот пленум, спроведено на 3 март 2015 година.

212 Интервју со Константин Битраков, претставник на Студентскиот пленум, спроведено на 8 мај 2015 година. Тодор Пендаров, советник за односи со јавноста во Собранието, забележа дека „поголемата улога е за мобилизација отколку за информирање" (интервју спроведено на 9 април 2015 година). Портпаролот на иницијативата Го сакам ГТЦ има поинаков став: „Видете, мора да информирате за да мобилизирате. Тие две работи се поврзани" (интервју со Никола Писарев, портпарол на иницијативата Го сакам ГТЦ, спроведено на 3 април 2015 година).

213 Интервју со Константин Битраков, претставник на Студентскиот пленум, спроведено на 8 мај 2015 година.

Сања Васиќ: „Организацијата на секој протест, собир, или друга активност се врши преку социјалните мрежи. Прво проверувате таму, а потоа си ја проверувате електронската пошта“.[214] Студентскиот пленум ја користеше својата популарност на социјалните медиуми и за повици за донирање храна, облека и за финансиска поддршка.

Една од предностите на овие мрежи посочена од една испитаничка[215] беше што ваквите платформи не се подложни на политички влијанија и корупција, наспроти поделената традиционална медиумска сфера во земјата. Некои од соговорниците, пак, рекоа дека биле внимателни кога ги користеле социјалните мрежи, од страв дека властите ги следат нивните комуникации. Ивана Туфегџиќ од Студентскиот пленум истакна: „Внимававме кога пишувавме на Фејсбук, особено околу организацијата на универзитетската окупација. Документите за окупацијата се испраќаа по електронска пошта, потоа мејлот само го симнуваш и го бришеш, поради опасноста од следење на комуникациите“.[216]

И во случајот со иницијативата *Го сакам ГТЦ*, Фејсбук главно се користеше за да се информира јавноста за целта на движењето и за разните настани што ги организира иницијативата. Кај протестите против затворањето на Кежаровски, испитаниците се со поделени мислења за важноста на социјалните мрежи. Некои сметаат дека влијанието на социјалните мрежи било занемарливо: иницијативата, претежно отпочната и поддржана од новинари, имала добар пристап и до телевизиски и до медиуми на интернет. Како што изјави еден соговорник: „Не знам дали социјалните мрежи многу помогнаа кај Кежаровски. Веројатно бидејќи самите новинари многу си помагаа користејќи ги своите медиуми“.[217] Меѓутоа, друга претставничка на Иницијативниот одбор сепак смета дека комуникацијата преку социјалните мрежи била важна за иницијативата: „Мислам дека Фејсбук најмногу допре до јавноста и дека тоа беше мошне успешна комуникациска стратегија што започна со протест на 50-60 новинари пред судот, а заврши со 4.000 луѓе на улиците, вклучувајќи го и самиот Кежаровски“.[218]

214 Интервју со Сања Васиќ, новинарка во Телма ТВ, спроведено на 4 март 2014 година.
215 Интервју со Ивана Туфегџиќ, претставничка на Студентскиот пленум, спроведено на 6 април 2015 година.
216 Интервју со Ивана Туфегџиќ, претставничка на Студентскиот пленум, спроведено на 6 април 2015 година.
217 Интервју со Зоран Димитровски, уредник на неделникот Фокус, спроведено на 6 април 2015 година.
218 Интервју со Тамара Чаусидис, претставничка на Иницијативниот одбор за ослободување на Томислав Кежаровски, спроведено на 3 април 2015 година.

ЗАКЛУЧНИ СОГЛЕДУВАЊА

Независноста на медиумите и слободата на изразување во Македонија се сериозно поткопани во последнава деценија. Медиумскиот систем постепено го заземаат партиско-политички мрежи на влијание, со разорни последици за интегритетот на медиумите и на новинарството. Медиумскиот клиентелизам е длабоко вкоренет како средство за остварување финансиска добивка за сопствениците и управителите на медиумите. Преку политичкиот паралелизам, политичките партии влијаат врз медиумската агенда, обезбедуваат публицитет и шират политичка пропаганда. Ваквите развојни тенденции создадоа култура на целосна зависност на медиумите од државата, при што медиумските сопственици и новинарите се подложни на политичката волја на високите функционери, уништувајќи ја својата финансиска и уредувачка независност и компромитирајќи ги етичките и професионалните принципи на новинарството во земјата. Од другата страна има неколку медиуми што се независни од Владата и наоѓаат прибежиште во алтернативни извори на финансирање.

Продлабочувањето на политичката поделба во медиумската сфера го попречува правото на јавноста да биде информирана за прашањата од јавен интерес. Нашето истражување потврдува дека во случајот со студентските протести, известувањето драстично се разликуваше од една до друга група медиуми. Протестите, со своите јасно срочени причини, идеологија и барања, беа врамени како политички инструментализирани од едната група и како дел од решението за штетните образовни реформи од другата. „Провладините" медиуми ги делегитимизираа протестните движења врамувајќи ги како оркестрирани од опозициската партија, СДСМ; тврдејќи дека се финансирани од владиниот омилен кривец, Соросовата фондација, и тврдејќи дека протестите биле неуспешни поради малата излезност. Притоа, овие медиуми покажаа силна провладина пристрасност. Врамувањата на овие медиуми беа истоветни со владиниот став и главните извори беа функционери, додека гледиштата на демонстрантите беа маргинализирани, па сликата прикажана пред јавноста очигледно беше нецелосна.

Медиумите што беа критички настроени кон Владата опфатија разновидни спротивставени ставови и мислења од разни извори, без оглед дали се политички, од граѓанството општество, или од академската заедница. Некои медиуми ја препознаа вредноста на граѓанските иницијативи и им отстапија повеќе време за да ги изразат своите ставови и мислења. Сè на сè, овие медиуми ги вратија протестите во сосем поинаква светлина – како реакција на лошите реформи и нарушувањето на автономијата на универзитетите, или како обединувачка сила и реакција на демократските неуспеси.

Соговорниците беа сосем свесни за ваквата поларизација кај медиумите, за која велат дека е широко распространета меѓу традиционалните медиуми, но очигледна и кај медиумите на интернет. Некои од интернет-порталите покажуваат пристрасност кон владејачката партија (на пр. Kurir.mk, Netpress.mk и Republika.mk). Овие медиуми често се во сопственост на поединци во роднински врски со државни функционери или членови на владејачката партија (Kurir.mk), или нивните сопственици се непознати (Republika.mk).[219] Овие медиуми честопати се цитираат едни со други во известувањето за лица или организации што се критички настроени кон владејачката партија.

Од друга страна, пак, кога се отворени кон граѓанските иницијативи, медиумите на интернет може да претставуваат одлична можност за комуникација со конкретни целни групи. Може да станат простор за промовирање прашања што инаку би поминале незабележано. Онлајн медиумите (на пр. NovaTV.mk и Plusinfo.mk) им даваа на разните иницијативи (на пр. Студентскиот пленум, Иницијативниот одбор, како и Го сакам ГТЦ) можност да ги изнесат своите грижи и барања во јавност. Важно е сопствеништвото на медиумите, како што се покажа и во овие случаи: онлајн медиумите што се покажаа отворени за граѓанските иницијативи претежно се во сопственост на професионални новинари.

Сè на сè, во известувањето потполно отсуствуваше истражувачко и аналитичко новинарство, а медиумите речиси воопшто не го потпомогнаа сфаќањето на јавноста на прашањата поврзани со образовните реформи. Прилозите беа ограничени на информации за протестните настани, при што некои се сосредоточуваа на официјалните ставови, а други повеќе ги претставуваа протестните идеи, но никој не се зафаќаше за длабинска анализа на прашањата поврзани со протестите. Проблемот се влошува, а критичкото и истражувачко новинарство се осуетува, со силни негативни кампањи, говор на омраза и зголемени закани за тужби за навреда и клевета, на кои новинарите што јавно ѝ се спротивставуваат на Владата се сè повеќе подложени последниве години. Во текот на студентските протести, медиумите воглавно не понудија независно и аналитичко известување за сложените прашања поврзани со високото образование и за тоа што би значеле најавените реформи за студентите и за академската заедница.

Протестните групи во сите три случаи избрани како предмет на нашето истражување својата комуникација речиси целосно ја изведуваа преку социјалните мрежи. Според испитаниците, Фејсбук бил клучен за нивната комуника-

219 Основачот на компанијата „Прва република ДООЕЛ“ е „Иресине лимитед“, регистрирана во даночното засолниште Белизе „популарна оф-шор дестинација“. За повеќе информации, видете на: http://www.mediapedia.mk/medium/republika

ција. Активистите во сите три случаи го користеа Фејсбук за да ги информираат граѓаните за својата кауза и своите идеи, но и да ги мобилизираат преку јавни повици да учествуваат на протестите. Студентскиот пленум беше особено успешен во користењето на Фејсбук во своја полза, и за информирање и за мобилизирање на јавноста да доаѓа на нивните настани. Освен тоа, Фејсбук беше од корист како сигурен двонасочен канал на комуникација меѓу активистите и медиумите. Студентскиот пленум имаше над 20.000 поддржувачи на Фејсбук. Медиумите често ги користеа новостите на профилот на Студентскиот пленум на Фејсбук како примарен извор на вести. Движењата го користеа и Твитер, но значително помалку од Фејсбук.

Испитаниците опфатени во нашето истражување – активисти, медиумски претставници и државни функционери – комуникацијата на протестните движења ја опишаа како јасно изразена и транспарентна. Според членовите на медиумската заедница, биле забележани извесни исклучоци на почетокот на протестите, кога Студентскиот пленум сè уште бил неискусна иницијатива. Во еден случај, студентите дури се обиделе и да ги избркаат новинарите од своето зборно место. Како што напредуваа протестите, така Студентскиот пленум ги подобруваше своите комуникациски практики и почна на медиумите да гледа како на важна алатка за пренесување на каузата до поширокатa јавност. Иницијативниот одбор за ослободување на Кежаровски, составен од новинари, беше добро поткован за комуникација со медиумите и јавноста поради на професионалното искуство на неговите членови во медиумската индустрија. Во овој случај, медиумите воглавно се воздржуваа од манипулирање на јавноста со нецелосни информации.

Влијанието на протестните групи анализирани во истражувањево во различни случаи е различно. Студентскиот пленум е сè уште активен; и понатаму ја подигнува свеста за студентските права и проблеми, организира разни јавни настани како дебати и предавања и бара поддршка за кауза отпочнати од други граѓански групи. Не попушти пред притисоците и пргаво се соочува со секое назадување, а образовните реформи беа одложени до 2017/18 година. Иако владата не се откажа од реформите, Студентскиот пленум, заедно со Професорскиот пленум, ќе има поголемо влијание во идните заложби да се создадат алтернативни политики.

Иницијативниот одбор за ослободување на Томислав Кежаровски беше распуштен откако беше остварена неговата цел. Кежаровски најпосле беше ослободен, по силни притисоци од меѓународната заедница и домашните организации, предводени од Иницијативниот одбор. Одборот директно придонесе кон неговото ослободување, а значењето на неговите заложби е неспорно, при што успеа да собере неколку илјади луѓе на улиците на Скопје на денот кога беше ослободен.

Референдумот против плановите за преобликувањето на фасадата на ГТЦ не успеа поради слабата излезност (иако над 90% од луѓето што гласале, гласале против плановите). Оттогаш, иницијативата Го сакам ГТЦ е помалку активна, и покрај тоа што плановите за менување на изгледот на ГТЦ, иако сè уште не се спроведени, не се повлечени.

Активистите и мнозинството интервјуирани новинари сметаат дека сегашната Влада не практикува отчетност кон јавноста. „Нема јавна отчетност", отворено рече една испитаничка.[220] Отчетноста често е лажна, како и крајно селективното споделување информации, ако и кога ѝ одговара на владата, а дури и тогаш преку еднонасочна комуникација преку провладините медиуми.

За време на протестите, владата не комуницираше директно со протестните движења, сè додека некои од нив (на пр. Студентскиот пленум) не се истакнаа и се здобија со поддршка од јавноста. Требаше да се одржи масовен протест за да владата го признае Студентскиот пленум како постојна иницијатива и да отпочне разговори за реформите. Студентските протести во суштина се популаризираа во јавноста преку социјалните медиуми, поради што сè поголем број демонстранти учествуваа на секој нареден протест а беа и добро покриени од дел од медиумите на телевизија и интернет (Телма, 24 Вести, Алсат-М, NovaTV.mk и Plusinfo.mk).

Владата не покажа отчетност кон јавноста бидејќи не остави доволно време за оцена и расправа на предложените реформи со чинителите. Впрочем, за предлогот се дискутирало во Владата месеци пред да ѝ биде откриен на јавноста. Затоа демонстрантите беа скептични кога владините претставници подоцна, за време на протестите, изјавија дека подробностите на реформите ќе се договараат преку инклузивен дијалог.

Етикетирањето на протестите како оркестрирани од опозициската партија и финансирани од Соросовата фондација, кое го практикуваа Владата и провладините медиуми, не е ништо ново; всушност, Владата го користи не само во анализираните случаи туку секојпат кога граѓаните изразиле критика во последните десет години.

Испитаниците се очигледно песимистични во поглед на изгледите за подобра отчетност на Владата. „Што и да правиме, ќе ги добиваме истите резултати. (...) Оваа влада е отидена по ѓаволите", рече еден испитаник,[221] додека друг посочи дека недостигот на јавно образложување на политиките е темелот на владината стратегија: „Најголемата политичка партија што моментално е на власт сè уште мисли дека е подобро да ужива, без никаква отчетност, без да учествува во дебати, зашто очигледно нема аргументи".[222]

Накратко, нашата анализа ја потврдува загриженоста што ја изразија бројни меѓународни организации дека медиумите и новинарството во Македонија се во тешка криза и го опишува влијанието на политичките партии врз уредувачката агенда на повеќето најголеми медиуми во земјата. Јавниот радиодифузер не е независен и треба темелно да се реформира бидејќи сите податоци ја покажуваат неговата пристрасност во полза на владејачката партија. Најпосле, ги опишува политичките и економските притисоци со кои се соочуваат медиумите во Македонија, кои не им дозволуваат да си ја вршат работата на чувари и

220 Интервју со Тамара Чаусидис, претставничка на Иницијативниот одбор за ослободување на Томислав Кежаровски, спроведено на 3 април 2015 година.
221 Интервју со Џабир Дерала, претседател на ЦИВИЛ – Центар за слобода, спроведено на 7 април 2015 година.
222 Интервју со Мухамед Зекири, главен и одговорен уредник во Алсат-М ТВ, спроведено на 11 април 2015 година.

заштитници на јавниот интерес. Мошне мала но непопустлива група медиуми (Телма, Алсат-М и 24 Вести) успешно им даваат отпор на стегите на владата, а во текот на последните неколку години ги пренесуваа барањата и интересите на различни протестни групи. Меѓутоа, тие сè уште имаат мала публика во споредба со традиционалните медиуми како ТВ Сител и Канал 5. И додека наодите ја потврдуваат важноста на ИКТ за мобилизацијата на јавна поддршка за одредена цел, телевизијата сè уште е главното средство за информирање на Македонците. Поповолниот третман од традиционалните медиуми се смета за неопходен за допирање до поширокатa јавност или за протестите да извршат поголемо влијание.

Случајот со Кежаровски беше значаен исклучок благодарение на мошне јавната солидарност што ја покажаа новинарите и медиумите за време на судењето и на протестите за неговото ослободување. Медиумското известување беше далеку поповолно отколку при студентските протести, што покажува дека новинарската солидарност е значителна сила дури и во тешките околности на моменталниот политички паралелизам во медиумите.

ПРЕПОРАКИ

ЗА МЕДИУМИТЕ И МЕДИУМСКИТЕ ДОНАТОРИ

Клиентелистичкиот однос помеѓу медиумите и политичките партии не може да биде игнориран при давањето препораки за подобрување на медиумската и новинарската сфера. Како што беше наведено во повеќе меѓународни извештаи (Индекс за одржливост на медиумите на IREX, Фридом Хаус, Извештаите за напредок на ЕК од 2014 и 2015), слободниот говор и слободите во медиумите и новинарството во земјата постојано се влошуваат. Ова особено е случај последниве 10 години, откако ВМРО-ДПМНЕ победи на изборите во 2006 година. Во вакви услови, не можеме да зборуваме за целосно слободни и професионални медиуми додека не обезбедиме демократско општествено и политичко опкружување.

Од клучно значење е да се преобрази јавниот радиодифузен сервис, МТВ, од партиско-политичка алатка во вистински јавен сервис и **да се обезбеди неговата независност**. За жал, трансформацијата на МТВ во независен јавен радиодифузер е во тек уште од осамостојувањето на Македонија, и сè уште нема политички субјекти кои ќе го преобразат во јавен сервис што ќе промовира плурализам и различни гледишта и размислувања. Оттаму, деполитизацијата на МТВ и создавањето услови за гарантирање на неговата независност, заедно со воспоставувањето механизми за негов континуиран надзор од страна на граѓанското општество е една од главните препораки за медиумската политика во Македонија. Дополнително, **уредниците на вестите** на јавниот радиодифузен сервис би требало да се избираат на транспарентен начин, во процес предвиден со закон и под надзор од академски и стручни тела за да се осигури поголема отчетност пред јавноста.

Бидејќи резултатите од анализата ги потврдија пристрасноста и недостигот од плурализам во известувањето за протестите, треба да се вложи поголем труд за да се обезбедат критички пристап и разновидни ставови во медиумското по-

кривање на протестите што ги оспоруваат политиките на Владата. Само неколку медиуми кои ги почитуваат професионалните и етички стандарди во новинарството известуваа за протестите на професионален начин. Тие им дадоа медиумски простор на демонстрантите да ги изразат своите ставови, но презентираа и различни гледишта од повеќе извори. Сепак, резултатите од ова истражување сугерираат дека дури и овие медиуми не се впуштиле во длабинско истражување и истражувачко новинарство. Генералната препорака е да се обезбедат фондови за истражувачко новинарство што би поддржувале темелно известување, особено за време на периоди на општествени немири. Со оглед на тоа дека мнозинството од најгледаните ТВ медиуми покажуваат пристрасност кон владејачката партија, овие фондови би требало да бидат насочени кон малиот број на медиуми што имаат критички и истражувачки пристап во своето известување. Дополнително, потребни се **обуки** за стекнување новинарски вештини, како и за етичко и професионално известување. Поддршка за професионално и етичко новинарство и независни медиуми треба да биде поттикнувано преку меѓународни фондови и за продукција на висококвалитетни истражувачки новинарски производи кои изискуваат поголемо финансирање отколку редовното дневно известување за тековни настани.

Медиумската заедница би требало да се залага за поголеми гаранции за уредувачка независност воопшто, вклучително и назначување уредници врз основа на стручноста на кандидатите, формални гаранции дека сопствениците и директорите нема да се мешаат во уредувачките одлуки, доследна поддршка за уредниците и новинарите во случаи кога се под притисок од раководните структури на медиумите или други актери, како и општата промоција на новинарските норми и новинарската извонредност преку обуки и поголемо признание за добрата новинарска работа. Зајакнувањето на професионалните здруженија и саморегулаторни тела (Здружение на новинарите на Македонија, Советот за етика во медиумите, Самостојниот синдикат на новинари и медиумски работници, итн.) е од исклучително значење. Овие организации директно ги поддржуваат новинарите и ги бранат нивните права и слободи, но воспоставуваат и механизми за саморегулација. Треба да се обезбеди поддршка за нивната работа и понатамошен развој.

ЗА ПРОТЕСТНИТЕ ГРУПИ

2014 и 2015 беа години на граѓанско будење во Македонија. Најголемите „виновници" за ова будење беа протестните групи кои што беа најавтентични во нивните барања и кои јасно ги изразија своите пораки и ставови во јавноста. Како резултат, Студентскиот пленум, но и Иницијативниот одбор за ослободување на Кежаровски, како и Го Сакам ГТЦ привлекоа и анимираа голем број граѓани со различна заднина.

Овие и слични протести не се одржливи на подолг период и не можат да бидат преточени во поголеми движења без постојано развивање на, пред сè, нивните комуникациски вештини и вештини за лобирање со цел да мобилизираат поголем број граѓани да ја поддржат нивната кауза. Студентскиот пленум сè уште комуницира со својата база на поддржувачи, организира различни активности (дебати, предавања), поддржува други граѓански каузи и прераснува во де факто движење за заштита на студентски права. Препораката за протестните групи е тие да обезбедат извесно ниво на внатрешна организација за да може делотворно да комуницираат уште од (или во текот) на нивните протести. Ова значи контакт-информациите да им бидат лесно достапни, а на медиумите да им нудат јасни и суштински информации за протестните активности и причини. Други мерки што би требало да ги земат предвид се назначување гласноговорници, остварување редовна комуникација со поддржувачите и учесниците во протестите, нивно мотивирање за поголема вклученост и воспоставување редовни контакти со медиумите.

На демонстрантите во процесов може да им помогнат востановени невладини организации и медиуми што ги почитуваат професионалните и етички стандарди и што работат во име на јавниот интерес. **НВО треба да ги поддржуваат протестните движења** така што ќе им даваат совети и ќе ги обучуваат во комуницирање со јавноста, застапување и лобирање. Поради тоа, финансиска поддршка за вакви обуки и слични активности треба да им биде овозможена на овие НВО.

Истражувањето покажа дека социјалните мрежи можат да бидат суштински фактор за влијаење и информирање на поширокота јавност, особено кога медиумската сфера во голем дел е под влијание на владата. Студентскиот пленум покажа дека социјалните мрежи, особено Фејсбук, се незаменлива алатка за информирање, анимирање и мобилизирање на голем број поддржувачи. Дополнително, преку тактики на социјалните медиуми, активистите влијаеа врз традиционалните медиуми и нивната дневна агенда. Како што наведоа некои од соговорниците-новинари, тие често преземаа информации за нивните новинарски извештаи директно од Фејсбук-страната на Студентскиот пленум.

Резултатите од истражувањето покажаа дека предноста на социјалните мрежи е што дозволуваат рапидно споделување на различни содржини, вклучувајќи и реакции на антипротестни спинови (кои беа честа појава во текот на протестите). Студентскиот пленум беше многу ефективен во пренесувањето на своите пораки во јавноста, употребувајќи визуелни средства (бецови, постери, видеа итн.). Особено ефективна беше нивната реакција на заокружувањето

кое имаше цел да ги дискредитира демонстрантите поврзувајќи ги со СДСМ и Сорос. Ваквите примери укажуваат на корисноста од применување креативни стратегии кои можат да ги демаскираат антипротестните спинови, и дури да ги претворат во средство за самопромоција. Меѓутоа, ова истражување не вклучи длабинска анализа на содржините на социјалните медиуми. Оттаму, потребни се дополнителни истражувања за да се испитаат моделите на успех и неуспех во користењето социјални мрежи и други алатки на интернет за комуникација за време на општествени немири.

Активистите треба да вложат повеќе труд да комуницираат со медиумите и да обезбедат видливост за клучните свои пораки во традиционалните медиуми. Тие не треба да ги игнорираат медиумите кои немаат голем интерес да известуваат за нивните активности, туку треба да продолжат организирано да комуницираат со нив.

Се чини дека масовните протести се делотворно средство за привлекување на вниманието на јавноста и за изнудување реакција од Владата. Затоа, активистите треба да организираат вакви протести и да вложат максимален труд да привлечат голем број учесници. Ова може да се изведе со активност на социјалните мрежи и со примена на гореспоменатите методи за внатрешна координација и комуникација.

Уште еден елемент на поразување на тактиките на спин и јавна манипулација на медиумите за време на протестите е подигнување на свеста на граѓаните и умешноста критички да се примаат вести секој ден. Ова е од суштинско значење за оспособување на граѓаните да го разберат начинот на којшто се врши влијание и се врамуваат медиумските пораки. Граѓаните треба да бидат информирани за тесните политички врски на извесни медиуми и за тоа како ваквите врски функционираат во практиката.

ЗА ЈАВНИТЕ ИНСТИТУЦИИ И ЈАВНИТЕ ФУНКЦИОНЕРИ

Моменталните комуникациски практики кон граѓаните и протестните групи од страна на јавната администрација и државните функционери треба системски и од корен да се променат. Сепак, тоа е далеку од остварливо во моментов. Во услови каде што државниот апарат е повеќе или помалку затворен за јавноста и е нетранспарентен, тешко е да се понудат значајни препораки за подобрување на комуникациски практики. Според резултатите на ова истражување, во текот на анализираните протести Владата покажа само вештачка транспарентност, поддржана од провладините медиуми, и тоа дури откако протестите станаа масовни и откако нивното понатамошно игнорирање ќе доведеше до политичка криза.

Оттаму, единствената препорака за институциите и функционерите е сериозно да ги сфатат барањата за јавна отчетност и транспарентност од граѓанското општество и различни граѓански иницијативи како сè поголем пркос кон нивните политички ставови. Владата мора да биде подготвена да одговори на растечките притисоци од граѓанското општество за поголема транспарентност и отчетност, за подобро комуницирање и вклучување на граѓаните во процесот на донесување одлуки. Искуствата од трите анализирани случаи покажуваат дека Владата треба да ги подобри комуникациските практики со медиумите и со граѓаните за време на општествени протести за да ја демонстрира посветеноста кон принципите на отворена влада. Дополнително, Владата мора да биде подготвена да стапи во отворени разговори со активистите за да дискутираат за контроверзните политики.

БИБЛИОГРАФИЈА

- Aufderheide, Patricia (1999) Communication Policy and the Public Sphere, New York, London: The Guilford Press
- Hallin, D., Mancini, P., (2004) Comparing Media System – Three Models of Media and Politics, Cambridge University Press
- McQuail, Denis (2010) Mass Communication Theory, Los Angeles, London, New Delhi, Singapour, Washington DC, Sage
- 'Media, Markets and the Public Sphere' https://hofstramass112.files.wordpress.com/2009/02/media-markets-the-public-sphere-croteau-hoynes.pdf
- Šopar, V. and Latifi , V., 'Macedonia', Television across Europe: Regulation, Policy and Independence Vol.3, OSI, Budapest, 2005 https://www.opensocietyfoundations.org/sites/default/files/summary_20051011.pdf
- Peace Institute – Ljubljana (South-East European Media Observatory), Media Integrity Matters – Reclaiming Public Service Values in Media and Journalism http://mediaobservatory.net/radar/media-integrity-matters-–-book-see-media-observatory
- Анализа на јавната радиодифузија во Република Македонија во контекст на европската медиумска политика http://iks.edu.mk/attachments/article/134/1142_277_izvestaj.pdf
- Медиумскиот плурализам во државите-членки на Европската Унија {SEC(2007) 32}: http://ec.europa.eu/information_society/media_taskforce/doc/pluralism/media_pluralism_swp_en.pdf
- Trpevska, S., 'Economic influence on the independence of Macedonian media: Pressure or Autocensorship', Media Online - Southeast European Media Journal, 28/4/2005: http://www.mediaonline.ba/en/?ID=364
- Мичевски, И., Трпевска, С., Трајкоска, Ж., Известување од паралелни светови: Медиумите на заедниците во Македонија, Висока школа за новинарство и односи со јавноста, Скопје, 2013
- Mičevski, I., Trpevska, S. and Trajkoska, Z., 'Media of the Non-majority Communities in Macedonia', Information in Minority Languages in the Western Balkans: Freedom, Access, Marginalisation, ed. D. Marko, Media Plan Institute, Sarajevo

- Независна студија за показателите на медиумскиот плурализам во државите-членки – кон пристап заснован на ризик: http://ec.europa.eu/information_society/media_taskforce/doc/pluralism/pfr_report.pdf
- Транспарентност Македонија, Транспарентност во финансирањето на политичките партии, Скопје, јануари 2012: http:// www.transparentnost-mk.org.mk/Upload/ dokumenti/20120224izvestaj_2011.pdf
- Сарачини, П., Трпевска, С., Петковска, Б., Трајкоска, Ж. И Никодиновска, В., Состојбата со медиумите на јазиците на заедниците во Република Македонија, Македонски институт за медиуми, Скопје, 2011
- Извештај за напредокот на Македонија кон ЕУ за 2015 година: http://ec.europa.eu/enlargement/pdf/key_documents/2015/20151110_report_the_former_yugoslav_republic_of_macedonia.pdf
- Конечен извештај на Мисијата за набљудување на изборите на ОБСЕ/ОДИХР за претседателските и предвремените парламентарни избори во 2014 година: http://www.osce.org/mk/odihr/elections/fyrom/121926?download=true
- Македонски институт за медиуми, Македонија во дигиталната ера – меѓу правата и одговорностите при комуницирањето на интернет: http://mim.org.mk/mk/publikacii/853-analiza-makedonija-vo-digitalnata-era
- Македонски институт за медиуми, Извештај - Потребен е независен модел на медиумски субвенции за домашно производство: http://mim.org.mk/mk/mediumska-politika/844-potreben-e-nezavisen-model-na-mediumski-subvencii-za-domasno-proizvodstvo
- Здружение на новинарите на Македонија, Истражување - Јавните пари во медиумскиот простор: http://www.znm.org.mk/drupal-7.7/sites/default/files/Javnite%20pari%20vo%20mediumskiot%20prostor%20maj%202015_0.pdf
- Центар за развој на медиуми, Завршен извештај на Проектот за одговорни медиуми и законодавни реформи во медиумската сфера: http://mdc.org.mk/zavrsen-izvestaj-na-proektot-za-odgovorni-mediumi-i-zakonodavni-reformi-vo-mediumskata-sfera
- Центар за развој на медиуми, Документ за јавна политика - Од МРТ до независна јавносервисна радиодифузија во Македонија: http://mdc.org.mk/od-mrt-do-nezavisna-javnoservisna-radiodifuzija-vo-makedonija
- Центар за развој на медиуми, Одржливоста на медиумите во дигиталното опкружување: http://mdc.org.mk/odrzlivosta-na-mediumite-vo-digitalnoto-opkruzuvanje
- Центар за развој на медиуми, Извештаи од мониторингот на судските случаи за навреда и клевета: http://mdc.org.mk/category/dokumentacionen-centar/внатрешни-документи
- Центар за развој на медиуми, Анализа на Нацрт-законот за медиуми и аудиовизуелни медиумски услуги, Скопје, мај 2013: http://mdc.org.mk/analiza-na-nacrt-zakonot-za-mediumi-i-audiovizuelni-mediumski-uslugi
- НВО Инфоцентар, Анализа: Слободата на изразување наспроти навредата и клеветата (ноември 2012-јуни 2015): http://nvoinfocentar.mk/novi-tizbi-protiv-novinarite-a-namalen-mediumski-interes/

- MediaPedia, Истражување за медиумската сопственост: http://mediapedia.mk/en-uk/
- Дуња Мијатовиќ, официјално соопштение, „Претставничката на ОБСЕ за медиумски слободи длабоко загрижена поради денешната осуда на новинар во Скопје“: http://www.osce.org/fom/107265
- Радио Слободна Европа во Македонија, 1 јули 2015 година, „Владата нема да се рекламира во медиумите“: http://www.makdenes.org/content/article/27104568.html
- Препорака бр. R (96) 10 на Советот на Европа за гарантирање на независноста на јавниот радиодифузен сервис: http://www.coe.int/t/dghl/standardsetting/media/doc/cm/rec(1996)010&expmem_EN.asp
- Статусот на новинарите и новинарската етика: принципите на МФН: http://www.ifj.org/nc/news-single-view/category/news/article/status-of-journalists-and-journalism-ethics-ifj-principles/
- Показатели на развојот на медиумите: Рамка за оценување на развојот на медиумите, УНЕСКО: http://unesdoc.unesco.org/images/0016/001631/163102e.pdf
- Закон за медиуми (Службен весник на Република Македонија, бр. 184/2013)
- Закон за измена и дополнување на Законот за медиуми (Службен весник на Република Македонија, бр. 13/2014)
- Закон за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (Службен весник на Република Македонија, бр. 184/2013)
- Кодекс на новинарите на Македонија: http://www.znm.org.mk/drupal-7.7/en/node/441

ПРИЛОГ

Список на соговорници:

ИМЕ НА СОГОВОРНИКОТ	ОРГАНИЗАЦИЈА	ДАТУМ НА ИНТЕРВЈУТО
АКТИВИСТИ		
Дарко Малиновски	Студентски пленум	3 март 2015 г.
Константин Битраков	Студентски пленум	8 јуни 2015 г.
Ивана Туфегџиќ	Студентски пленум	6 април 2015 г.
Џабир Дерала	НВО ЦИВИЛ	7 април 2015 г.
Зоран Димитровски	Иницијативен одбор за ослободување на Томислав Кежаровски	6 април 2015 г.
Тамара Чаусидис	Иницијативен одбор за ослободување на Томислав Кежаровски	3 април 2015 г.
Никола Писарев	Го сакам ГТЦ	3 април 2015 г.
МЕДИУМСКИ ПРЕТСТАВНИЦИ		
Мухамед Зекири	Алсат-М ТВ	2 мај 2015 г.
Сања Васиќ	Телма ТВ	4 март 2015 г.
Марјан Николовски	ТВ Сител	15 април 2015 г.
Маја Васева	Plusinfo.mk	2 април 2015 г.
Биљана Секуловска	NovaTV.mk	6 април 2015 г.
Анонимен соговорник	Национална телевизија	7 април 2015 г.
Анонимен соговорник	Национална телевизија	7 април 2015 г.
ДРЖАВНИ СЛУЖБЕНИЦИ		
Анонимен соговорник	Општина Центар	4 мај 2015 г.
Тодор Пендаров	Македонско собрание	9 април 2015 г.
Анонимен соговорник	Министерство за внатрешни работи	4 мај 2015 г.

Список на анализирани медиумски содржини:

Број	Наслов на програмата (за телевизии)	Датум на емитување/ објавување	Автор/ новинар/ презентер	Наслов на прилогот (најава на прилогот на почетокот – ако ја има, наслов на статијата на интернет)
1	ТВ Сител - Вести	10.12.2014	Мирјана Давидовска	Без инциденти заврши протестот против државниот испит
2	ТВ Сител - Вести	10.12.2014	Александар Спасовски	Опозицијата собираше политички поени врз грбот на студентите, целокупната логистика ја стави на располагање
3	ТВ Сител - Вести	11.12.2014	Бранислав Јабевски	Државен испит: Владата останува на своето – Правен и ФИНКИ го одбија предлогот
4	Канал 5 ТВ - Вести	9.12.2014	Јулијана Николовски	Климовски: Концептот на државен испит е коректен
5	Канал 5 ТВ - Вести	10.12.2014	Мирјана Трпчевска	Концептот на државен испит ќе биде ставен на јавна расправа
6	Канал 5 ТВ - Вести	10.12.2014	Лидија Богатинова (технички вести и соопштенија)	Две до три илјади студенти учествуваа на студентските протести
7	МТВ1 - Вести	9.12.2014	Душко Арсовски (технички вести и соопштенија)	Владата ќе расправа за проектот државен испит во наредните денови. Министерот за образование соопшти дека информацијата не стигнала на дневен ред на последната владина седница. Студентскиот пленум утре повторно излегува на протести.
8	МТВ1 - Вести	10.12.2014	Викторија Тодоровска	Студентски протест против државниот испит. Бараат да не се реализира проверката на знаењето. Иако од Студентскиот пленум се оградуваа од секаква партиска обоеност, сликата беше поинаква.
9	МТВ1 - Вести	11.12.2014	Викторија Тодоровска	Министерот за образование Адеми изјави дека се уште нема конкретен предлог за државниот испит и тој нема да се сретне со студентите се додека образовната реформа не добие конечен изглед. Вели дека потоа ќе има дебата.
10	www.kurir.mk	9.12.2014	/	Дали со пари на СОРОС Студентски пленум ги плаќа рекламите во опозициските медиуми?
11	www.kurir.mk	10.12.2014	/	Муцунски: Студентите протестираат сами против себе
12	www.kurir.mk	10.12.2014	/	СДСМ и СОРОС со сите расположливи ресурси собраа едвај 3.000 луѓе
13	www.kurir.mk	10.12.2014	/	Потврдено: Зад „Удар“ и студентските протести стои СДСМ (ФОТО)

14	www.kurir.mk	10.12.2014	Бона Бајрактарова, Универзитетска професорка (колумна во неделникот Република)	Професорите се согласуваат со државниот испит
15	www.kurir.mk	10.12.2014	/	ФОТО: Опозициските портали со смешни бројки за протестот, сами се демантираат
16	www.kurir.mk	10.12.2014	/	ФОТО: Цел СДСМ и СОРОС на протестите на студентите
17	www.kurir.mk	10.12.2014	/	СДСМ и СОРОС продолжија да манипулираат и на протестот дека ќе се полага екстерно, а не државен испит
18	www.kurir.mk	10.12.2014	/	Со цела логистика на СДСМ, од студентите и средношколците излегоа само 2 отсто
19	www.kurir.mk	10.12.2014	/	ФОТО: СДСМ со автобуси носеше пензионери како засилување на студентите
20	www.kurir.mk	10.12.2014	/	ВИДЕО: Соросовите пропагандисти во првите редови на протестите
21	www.kurir.mk	10.12.2014	/	ФОТО ГАЛЕРИЈА: Студентски или опозициски протест?
22	Телма ТВ - Вести	9.12.2014	Сања Јовановиќ Дамјановска	Студентите утре повторно на марш
23	Телма ТВ - Вести	9.12.2014	Виолета Зајкова (технички вести)	И студентите од Битола утре на марш
24	Телма ТВ - Вести	9.12.2014	Билјана Николовска	Младите да се вклучат во креирање политики за нив
25	Телма ТВ - Вести	9.12.2014	Виолета Зајкова (соопштение)	Министерството за образование наместо да го повлече проектот за надворешно оценување, продолжува тврдоглаво да го турка, велат од СДСМ, покажувајќи го предлогот на Владата за проверка на знаењето на студентите испечатен на две страници. Несериозниот експеримент стигна до факултетите, но најтешко за суетата на премиерот, велат тие, е да се повлече од предлогот.
26	Телма ТВ - Вести	10.12.2014	Весна Јовановска Дојчиновска	Студентите маршираат против државниот испит
27	Телма ТВ - Вести	10.12.2014	Емилија Мисерлиевска	И битолските студенти на марш
28	Телма ТВ - Вести	10.12.2014	Билјана Николовска	Закани за средношколците
29	Телма ТВ - Вести	10.12.2014	Кристина Мачкиќ	За време на протестот блокирани мобилните мрежи
30	Телма ТВ - Вести	10.12.2014	Сања Јовановиќ Дамјановска	Државниот испит е непромислена мерка

31	Телма ТВ - Вести	11.12.2014	Сања Јовановиќ Дамјановска	Дел од професорите на факултетите против државниот испит
32	Телма ТВ - Вести	11.12.2014	Зоран Димовски	Адеми: Предлогот не е конечен
33	Телма ТВ - Вести	11.12.2014	Весна Јовановска Дојчиновска	Притисоците врз средношколците фрлија дамка врз протестот
34	Алсат-М ТВ - Вести	9.12.2014	Адријан Керими	Студентски пленум утре на мирни протести
35	Алсат-М ТВ - Вести	10.10.2014	Семра Јакупи	Исмаили: „Студентите имаат право, испитот непотребен“ Мирчев: „Државата има право да ги тестира студентите“
36	Алсат-М ТВ - Вести	11.10.2014	Семра Јакупи	МОФ: Студентите се голема сила
37	www.novatv.mk	9.12.2014	/	Студентски пленум најави студентски марш утре и во Битола
38	www.novatv.mk	9.12.2014	Славица Филиповска	Закани врз средношколците: Ако одите на марш, ќе ви намалиме поведение
39	www.novatv.mk	9.12.2014	/	Предлогот за државен испит бил познат од октомври
40	www.novatv.mk	9.12.2014	/	Атанасов: Нема јавна дебата за екстерно, прашањата се веќе направени
41	www.novatv.mk	10.12.2014	/	(Видео) Студентскиот марш пред „Мавровка“: Автономија, автономија!
42	www.novatv.mk	10.12.2014	/	(Видео) Студентите: Стоп за лошите реформи
43	www.novatv.mk	10.12.2014	/	Повозрасни граѓани и средношколци им се придружија на студентите
44	www.novatv.mk	10.12.2014	Славица Филиповска	Притисоци врз средношколците од „Георги Димитров“: На протест може само после 13 часот
45	www.novatv.mk	10.12.2014	Влатко Чаповски	СОНК без одговор дали се приклучува на маршот на студентите
46	www.novatv.mk	10.12.2014	/	Студентскиот пленум испорача барања до Владата
47	www.novatv.mk	11.12.2014	Зоран Димовски	Адеми: Рано е студентите да бидат вклучени во дебата за воведување државен испит
48	www.novatv.mk	11.12.2014	/	ФОН против реформата „државен испит“ на Владата
49	www.plusinfo.mk	10.12.2014	/	Марш во 12, на средношколците им гори под нозе од притисоци
50	www.plusinfo.mk	10.12.2014	/	Приведено момчето кое го снимаше протестот со дрон?
51	www.plusinfo.mk	10.12.2014	М. Б.	Маршираат со кренати индекси: „Која сила ќе го сопре гласот на студентите?“
52	www.plusinfo.mk	11.12.2014	М. В.	И С-ен-ен извести за директорите кои ги спречуваа учениците да излезат на маршот

БЕЛЕШКА ЗА АВТОРИТЕ

БОЈАН ГЕОРГИЕВСКИ ги има завршено своите додипломски студии на правниот факултет „Јустинијан Први“, при универзитетот „Св. Кирил и Методиј“, Скопје. Во 2012 година, тој се стекна со титулата „Магистер по правни науки“ на истиот Факултет, на катедрата по Меѓународно право и меѓународни односи. Магистерската теза тој ја изработи на тема „Правото на приватност, интернетот и социјалните мрежи“. Тој исто така е поранешен стипендист на германската фондација „Конрад Аденауер“. Почнувајќи од 2011 година, тој е дел од Високата школа за новинарство и за односи со јавноста како истражувач и има искуство со работа на повеќе истражувачки и апликативни проекти.

ЖАНЕТА ТРАЈКОСКА има дипломирано новинарство на Интердисциплинарните студии на новинарство на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“, а магистерските студии по меѓународен менаџмент за културни политики ги завршува во 2004 година на Универзитетот „Лумса“ во Рим, Италија. Во 2014 година ја одбрани својата докторска теза на одделот за политички студии на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје на темата „Карактеристиките и значењето на 'спинингот' во креирањето на медиумската реалност и неговото појавување во Македонија“. Таа има повеќегодишно искуство со работа во граѓанскиот сектор. Од 1998 година започнува да работи како лице задолжено за односи со јавноста и консултант за стратегиски комуникации за повеќе меѓународни проекти. Во периодот од 2001 до 2008 година е извршен директор на Македонскиот институт за медиуми. Има учествувано во повеќе истражувачки проекти од областа на истражувањата на медиумите и на новинарството. Области на интерес: медиуми и културна разновидност, културни политики, стратегиски комуникации, политичка комуникација.

ДЕЈАН АНДОНОВ магистрирал на Институтот за социолошки и политичко-правни истражувања во Скопје на отсекот Комуникации. Дипломира на отсекот Политички науки на Правниот факултет во Скопје во групата на Јавно мислење и масовни комуникации. Од основањето на Високата школа, се грижи за планирањето, координирањето и евалуацијата на образовниот процес. На Високата школа доаѓа по искуството со координирање на програми и обуки за професионализација во областа на новинарството во Македонскиот институт за медиуми (МИМ). Ко-автор е на „Прирачникот за наставници за медиумска писменост во Македонија“ и на „Упатства за уредувачка етика во онлајн медиумите“. Посетувал обуки за обучувачи, семинари и конференции за онлајн новинарство, уредувачка он-лајн етика, известување со помош на компјутер (CAR), истражувачко новинарство, учење од далечина, реализирање на квалитативни интервјуа и фокусни групи, односи со јавноста и друго.

БЕЛЕШКА ЗА ИЗДАВАЧИТЕ

Високата школа за новинарство и за односи со јавноста е основана во 2008 година од страна на Македонскиот институт за медиуми (МИМ), како непрофитна високообразовна установа, со мисија да го унапредува квалитетот на образованието за новинари и за специјалисти по односи со јавноста во Република Македонија. На додипломските студии Високата школа нуди стручно образование по новинарство и по корпоративни комуникации и односи со јавноста, обезбедувајќи современи и применети студиски програми. Студиската програма по новинарство е единствена во земјата и во регионот по тоа што е усогласена со моделот Студиска програма за образование на новинари на УНЕСКО од 2007 година и со Декларацијата од Тарту, усвоена во 2006 година од членките на Европската асоцијација за образование на новинари (EJTA). Студиската програма по Корпоративни комуникации односи со јавноста е развиена според највисоките стандарди за високо образование и усогласена со Етичкиот кодекс на Институтот за односи со јавноста од Велика Британија. Од јуни 2011 година, со одлука на организацијата на УНЕСКО од Париз, Високата школа стана носител на Катедра на УНЕСКО за медиуми, дијалог и заемно разбирање. Основната цел на Катедрата е да придонесе кон зајакнување на социјалната кохезија, мултикултурно разбирање и интеркултурна комуникација меѓу различните културни групи во македонското општество.

Институтот за комуникациски студии (ИКС) е основан од Високата школа за новинарство и за односи со јавноста во 2012 година. ИКС е водечка научно-истражувачка организација во областа на студиите по новинарство, медиуми, односи со јавност, политичка комуникација и корпоративно комуницирање. ИКС во Македонија има двоен фокус: со академските и применетите истражувања да ја унапредува науката и да им биде поддршка на практичарите; и преку постдипломските студии да изгради мрежа на млади истражувачи кои ќе ги зајакнуваат столбовите на овие научни дисциплини. Институтот е акредитиран за спроведување на постдипломски студии во две области: Менаџирање на стратегиски комуникации и Менаџирање на медиуми и мултимедија. Поврзувањето на процесот на настава и учење со научноистражувачката дејност му овозможува на Институтот да го поттикнува развојот на млади кадри во истражувачката дејност и да го унапредува процесот на создавање и ширење на знаењето. ИКС ги има следниве основни цели: Развивање академски и применети истражувања кои ќе го надградуваат знаењето во сферата на комуницирањето, медиумите и односите со јавноста; Градење темелна истражувачка база која ќе биде користена за процесот на образование во областа на комуницирањето, медиумите и односите со јавноста; Поттикнување на развојот на младите кадри во истражувачката дејност преку вклучување на студентите и на младите истражувачи во оваа област.



ВИСОКА ШКОЛА ЗА НОВИНАРСТВО
И ЗА ОДНОСИ СО ЈАВНОСТА

ИНСТИТУТ
ЗА КОМУНИКАЦИСКИ СТУДИИ